# ПОТРАГА ПО НОВИ РЕШЕНИЈА:

# КРЕИРАЊЕ НА ИДЕАЛЕН КУРИКУЛУМ ПО НОВИНАРСТВО ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА


European Commission

UNESCO
United Nations
Educational, Scientific and
Cultural Organization

Communication and
Information Sector

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО
И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ПОТРАГА ПО НОВИ РЕШЕНИЈА:

# КРЕИРАЊЕ НА ИДЕАЛЕН КУРИКУЛУМ ПО НОВИНАРСТВО ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА


| | |
|---|---|
| Издавач: | Институт за комуникациски студии<br>Висока школа за новинарство и за односи со јавноста<br>Јуриј Гагарин 17/1-1, Скопје, Македонија<br>www.vs.edu.mk<br>www.iks.edu.mk |
| За издавачот: | Жанета Трајкоска |
| Автори: | Весна Шопар, Жанета Трајкоска, Бојан Георгиевски |
| Помлад истражувач: | Моника Аксентиевска |
| Уредници: | Жанета Трајкоска, Бојан Георгиевски |
| Дизајн: | Љубен Димановски |

European Commission

UNESCO
United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization
Communication and Information Sector

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Проектот е финансиран од Европската Унија, со поддршка на УНЕСКО

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 4

I НОВИНАРСТВОТО И НОВИНАРСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ........ 10

II РЕГИОНАЛЕН ПРЕГЛЕД НА НОВИНАРСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ........ 40

III КЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 94

IV ИНДИКАТОРИ ........ 102

БИБЛИОГРАФИЈА ........ 111

ЗА АВТОРИТЕ ........ 116

ЗА ПРОЕКТОТ ........ 117

# ВОВЕД

Новинарството во Југоисточна Европа (ЈИЕ) се наоѓа во криза како никогаш досега. Корпоративните интереси и интересите на сопствениците на медиуми најчесто се ставаат над јавниот интерес. Врските помеѓу владејачката политичка елита и медиумските сопственици влијаат врз уредувачката политика, и врз слободата на новинарите за критичко опсервирање на општествените настани. Неретко, на важните уреднички позиции се именуваат политички послушници, а оние кои покажуваат самостојност и независност во работата се маргинализираат.[1]

Како што е наведено во специјалниот извештај на ОБСЕ за медиумската состојба во Југоисточна Европа, голем број на медиуми во Југоисточна Европа се сопственишство на доминантни бизниси или политички интереси во регионот.[2] Во истиот извештај дополнително се наведува дека главната одлика на медиумската состојба во ЈИЕ е корупцијата. Медиумите не се во можност да известуваат слободно кога во нивната работа се вмешани различни политички и бизнис интереси.[3]

Рејтинзите за слобода на медиумите во земјите од ЈИЕ бележат константен пад во последниве неколку години. Од земјите во регионот, Македонија се наоѓа на најниското место (111) во рејтинг листата на Репортери без граници[4]. Црна Гора се наоѓа на 106-то место, додека Косово (82), Албанија (76), Србија (66) и Босна и Херцеговина (65) бележат подобри рејтинзи, иако повеќето земји имаат пад во рејтингот во споредба со претходните години.

Според извештајот на Фридом Хаус за 2016 година, политичарите низ Европа во изминатата година изразувале презир за медиумите и се обидувале да создадат перцепција за критички настроените новинари како непријатели на државата. Во извештајот[5] е наведено дела политичките лидери во Западниот Балкан ги притискале независните медиуми, воспоставувале контрола врз јавниот радиодифузер (Македо-

1 Media Sustainability Index, IREX, 2017, достапно на https://www.irex.org/sites/default/files/pdf/media-sustainability-index-europe-eurasia-2017-full.pdf
2 South East Europe Media Conference Special Report, ОБСЕ, 2014, достапно на http://www.osce.org/fom/111405?download=true
3 Ибид
4 https://rsf.org/en/ranking
5 https://freedomhouse.org/report/freedom-press/freedom-press-2017

нија), ги обележувале истражувачките медиуми како странски провокатори (Србија), и се заканувале на новинари (Косово).

Ваквите состојби во медиумската сфера сериозно влијаат на новинарското образование и неговиот капацитет. И покрај тоа, новинарството се уште високо котира како привлечна професија кај младите. Оттаму, новинарското образование мора да ги научи новинарите како да одржуваат високи професионални стандарди кога се наоѓаат под големи (политички или бизнис) притисоци. Како никогаш досега потребни се програми кои се темелат на знаење, вештини, етика и одговорност во новинарската професија. Според Светскиот Конгрес за Новинарско Образование, „Образованието на новинари го создава темелот на теоријата, истражувањето и тренингот потребни за ефективно практицирање на новинарството.“[6] Улогата на формалното образование по новинарство во подобрување на демократските процеси и медиумски слободи и права досега не е темелно анализирана во регионот на ЈИЕ. Потребата да се одговори на ова прашање е клучната мотивација на ова истражување.

## Цел на истражувањето и истражувачки прашања

Главната цел на ова истражување е да креира **сет на индикатори** за оценување на студиските програми по новинарство во земјите од ЈИЕ. Индикаторите ќе им помогнат на факултетите по новинарство во регионот да оценат дали нивните курикулуми по новинарство соодветствуваат на медиумската состојба во нивната држава, и дали им овозможуваат на студентите да се здобијат со новинарски вештини преку кои ќе одржуваат високи професионални и етички стандарди во нивната професија. Истражувањето беше спроведено во Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Албанија и Косово, во периодот од февруари, 2016 година до февруари, 2017 година. Како клучни извори за утврдување на индикаторите за оценување на курикулум по новинарство се земени Тарту Декларацијата[7], УНЕСКО модел курикулумот за новинарско образование[8] и Академијата за вештини за дигитално новинарство на BBC[9].

Крајниот резултат кон кој се цели со ова истражување е да се подобри новинарското образование во регионот, со тоа што ќе се поттикнуваат високообразовните институции да ги следат препораките опфатени во изработениот документ и да ги оценуваат и модификуваат своите курикулуми по новинарство преку следење на индикаторите утврдени во ова истражување.

Во првичниот план на истражување беше предвидено анализирање на курикулумите по новинарство и состојбата на медиумите во Турција. Сепак, тамошната тензична политичка состојба во периодот кога го спроведувавме ова истражување ги попречи нашите обиди за анализа на тамошните студии по

6 Journalism Education and Professional Practices, http://www.upm.ro/ldmd/LDMD-01/Jou/Jou%2001%2006.pdf
7 http://www.ejta.eu/tartu-declaration
8 http://www.unesco.org/new/en/communication-and-information/resources/publications-and-communication-materials/publications/full-list/model-curricula-for-journalism-education/
9 http://www.bbc.co.uk/academy/journalism/skills/digital-journalism

новинарство, и обидите за спроведување на длабински интервјуа. Масовното приведување на новинари, уредници и претставници на академската заедница доведе до големи тешкотии при обидите да се обезбедат интервјуа со овие чинители. Поради ова, во прашање беше доведен интегритетот и веродостојноста на податоците добиени со примена на планираните истражувачки методи. Оттаму, одлучивме да не ја вклучиме Турција во ова истражување.

**Истражувачките прашања** кои се фокус на ова истражување се поделени на посебни сегменти релевантни за формалното и неформалното образование во секоја од земјите предмет на анализа. За да се исполнат утврдените цели, истражувањето се обиде да одговори на следниве истражувачки прашања:

***1 Каква е состојбата со формалното и неформалното новинарско образование и кој е квалитетот на новинарското образование?***

a. На кое ниво се имплементираат студиите по новинарство?
b. Каква соработка имаат факултетите по новинарство со медиумите и медиумските организации во државата?
c. Дали наставниот кадар има доволно познавање и искуство од областа?
d. Дали студентите се доволно спремни да работат во редакција после дипломирање?
e. Каква е улогата на неформалното образование во подобрувањето на квалитетот на новинарската професија и медиумската состојба?

***2 Дали и на кој начин формалното новинарско образование влијае на демократските процеси во конкретната држава?***

f. Која е улогата на факултетите по новинарство во процесот на подобрување на демократските процеси и медиумската состојба?
g. Дали студиските програми по новинарство соодветствуваат на актуелните демократски процеси и медиумска состојба? Дали студентите го изучуваат влијанието на политичките и бизнис интереси врз уредувачката политика на медиумите? Дали учат за корозивното влијание на клиентелизмот на степенот на медиумски слободи и права?
h. Каква е улогата на неформалното образование и тренинзи за новинари во подобрувањето на демократските процеси и медиумска состојба?

***3 На кој начин и преку какви мерки може да се подобри новинарското образование во државите од ЈИЕ?***

Истражувањето во голема мера се потпира врз анализа на извештаи, публикации, документи, како и анализа на секундарни податоци од претходно реализирани истражувања на новинарското образование во Југоисточна Европа како и за медиумската состојба во земјите од овој регион. Методите применети за остварување на целите на истражувањето се следниве:

**Преку секундарна анализа на податоци** се истражуваше работата на организации од областа на медиумите и новинарството, како и постоечки истражувања од областа во

# ВОВЕД

ЕУ и ЈИЕ (истражувања на Медиумската опсерваторија на Југоисточна Европа, истражувања објавени од УНЕСКО, како и од Фондацијата Конрад Аденауер), и кои препораки ги нудат тие истражувања за подобрување на новинарското образование во секоја од земјите. Во истражувањето се користени и извештаите на IREX, Freedom House, Reporters without Borders и други организации, како подлога за анализирање на потенцијалната конекција помеѓу квалитетот на новинарското образование и нивото на медиумски слободи во секоја од анализираните држави. Дополнително, анализирани се и активностите на невладините организации од областа на новинарство и медиуми во земјите од ЈИЕ.

Во рамки на истражувањето беа **анализирани вкупно 26 курикулуми** за новинарство во земјите предмет на ова истражување (Македонија, Црна Гора, Србија, Косово, Албанија, и Босна и Херцеговина). Анализиран беше начинот на имплементирање на студиите по новинарство (додипломски/постдипломски) и катедрите во чии рамки се изучува новинарството, соодносот помеѓу теоријата и пракса, квалификациите на наставниот кадар по новинарство, видот на новинарски предмети кои се изучуваат, техничките и просторните услови за работа и научноистражувачките капацитети на факултетите по новинарство.

За да се соберат примарни податоци, **беа реализирани вкупно 60 квалитативни (полуструктурирани) интервјуа**. Во секоја од земјите беа спроведени по десет интервјуа со претставници на три категории на соговорници: претставници на академската заедница, новинари и уредници, и претставници на невладини организации кои работат во областа на новинарство и медиуми. Преку интервјуата се согледуваа нивните ставови, перцепции и уверувања за актуелната состојба со новинарското образование во нивните земји, состојбата со новинарската професија и медиумските слободи и права, и нивните гледишта за тоа како состојбата со новинарското образование може да биде подобрена. Секое интервју беше снимено и од него беа направени транскрипти. На соговорниците им беше понуден избор за тоа дали да биде обелоденет нивниот идентитет или пак да останат анонимни. Некои од соговорниците побараа целосна анонимност и затоа нивните имиња не се објавени во оваа публикација.

Во првиот дел (Approach to Journalism Education) истражувањето се осврнува кон повеќето постојни меѓународни пристапи кон неформално новинарско образование, како и различните академски пристапи кон имплементирање на формално новинарско образование. Во овој дел се анализирани и меѓународните стандарди за новинарско образование и различните организации и институции кои работат во полето за образование на новинари (пр. EJTA, Poynter Institute for Media Studies и др.). Анализата се осврнува и на претходни истражувања на темата, како на пр. Модел курикулумот за новинарско образование на УНЕСКО, и компетенциите и вештини кои овој документ ги наведува како клучни за идните новинари.

# ВОВЕД

Во понатамошниот дел од истражувањето се анализира новинарското образование во земјите од ЈИЕ кои се дел од оваа анализа (Македонија, БиХ, Црна Гора, Албанија, Србија и Косово). Во овој дел е анализирана работата и активностите на медиумските невладини организации и типот на неформално новинарско образование кое тие го спроведуваат. Понатаму, се анализира и начинот на кој е организирано формалното новинарско образование, при што се анализираат курикулумите по новинарство во секоја од горенаведените земји. Анализата се осврнува и кон резултатите од интервјуата со претставниците на академската заедница, новинари и претставници на невладини организации кои работат во областа на медиумите. Резултатите од интервјуата понудија пошироки согледувања околу општата состојба со (формалното и неформално) новинарско образование, но и состојбата со медиумските (не)слободи и права во земјите од ЈИЕ.

Истражувањето нуди и клучни согледувања за начинот на кој се спроведува новинарското образование во Југоисточна Европа, и ги наведува и клучните елементи кои недостасуваат во студиските програми по новинарство во ЈИЕ. Дополнително, истражувањето се осврнува и кон предизвиците кои се наоѓаат пред универзитетите, невладините организации и медиумските организации за надминување на пропустите во образованиот новинарски систем и начините на кои соработката помеѓу овие чинители може да се продлабочи со цел подобрување на медиумската состојба во нивните држави.

Како една од главните цели на истражувањето, на крајот се наведени Индикатори за оценување на студиските програми по новинарство во земјите од ЈИЕ. Индикаторите ќе им помогнат на факултетите по новинарство и на универзитетите во регионот да ги оценат своите студиски програми и да воочат дали истите соодветствуваат на медиумската состојба во нивната земја и состојбата со новинарската професија. Преку индикаторите тие ќе имаат можност да оценат дали студентите во текот на студиите се здобиваат со потребните вештини за да работат во редакции после дипломирањето, но уште поважно, вештини за да можат да „маневрираат“ во проблематичниот медиумски простор во земјите од ЈИЕ.

***Индикаторите се поделени на повеќе категории***

1. Индикатор за содржина на студиските програми;
2. Индикатор за општествената улога на факултетите по новинарство;
3. Индикатор за начинот на финансирање и научно-истражувачка работа;
4. Индикатор за праксата во текот на студирањето во медиумите и медиумските организации;
5. Индикатор за литературата и наставните материјали и;
6. Индикатор за наставниот кадар и административните услови за одвивање на студиите)

Секој индикатор содржи повеќе потпрашања. Одговорите на овие прашања покажуваат дали студиската програма по новинарство рефлектира на состојбата во која

се наоѓа професионалното новинарство во конкретната држава и дали образованието за новинари игра улога во подобрувањето на демократските процеси во општеството.

Ова истражување е спроведено од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста како дел од проектот „**Градење доверба во медиумите во Југоисточна Европа и Турција**“ поддржан од ЕУ-УНЕСКО. Целта на проектот е да се врати довербата во медиумите преку почитување на професионалните новинарски стандарди и јакнење на само-регулаторните механизми во новинарството, како и да се зајакне слободата на изразување и слободата на медиумите во Југоисточна Европа и Турција.

I

# НОВИНАРСТВОТО И НОВИНАРСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Историски факт е дека, новинарското образование е започнато во Америка во 1912 година во Колумбија во Школата за новинарство (Columbia School of Journalism), отворена на предлог на познатиот новинар и сопственик на медиум Џозеф Пулицер (Joseph Pulitzer) иако неговиот бизнис (жолт печат) совршено функционираше без обучен новинарски кадар. Тој новинарството ќе го окарактеризира како една од најсложените професии која бара широки и темелни знаења и чврст карактер, за што е нужно формално образование (Adam, 2001). Оттогаш до денес, речиси нема земја во светот која не нуди новинарско образование, институционално или алтернативно, со различни образовни традиции

и ресурси и во различни културни и политички услови. Во меѓувреме, образовните програми ќе претрпат бројни, поголеми или помали, промени во функција на подобрување на едукацијата и тренингот на идните новинари.

Последниве десетина години, пред се, како резултат на глобализацијата, економските кризи и влијанието на новите медиумски технологии, новинарството и новинарското образование се пред уште еден голем предизвик. Притоа, не станува збор само за технологијата и информатизацијата на современото новинарство, туку и за суштински промени кои информатичкото општество ги носи во поширокото општествено и културно опкружување. „Новите медиум нудат нови можности за пласман на информациите, овозможуваат појава на нови актери, ги спојуваат старите и создаваат нови форми на јавна комуникација... интерактивност, мобилност, култура на бесплатна и лесно достапа информација, граѓански активизам кои ја трансформираат традиционално сфатената улога на медиумите...“ (Jakubowicz, 2009). Односно, ако до пред 100 години од новинарот се очекуваше да пронајде информации, да ги обликува во приказна и да ги пренесе на масовната публика преку масовните медиуми, „... today information is no longer scarce, breaking news is no longer the province of professional journalism, mass media are declining in influence and news is easily professionalized“ (Mensing 2010:511). За да се справи со сите овие предизвици и да одговори на длабоките структурни промени во опкружувањето, на новинарското образование му е потребен „нов правец“ кој ќе обезбеди компетенции и вештини чии клучни аспекти се критичкото размислување, иновативноста, претприемачките вештини.

## 1.1. Различни модели на новинарско образование

Практиката познава различни пристапи на изучување на новинарството, како и различни и спротивставени гледишта во однос на начинот на стекнување на новинарското знаење. Генерално, станува збор за пет различни видови на новинарско образование во светот: (1) модел на обука во школи и институти воглавном на универзитетите (Финска, Шпанија, САД, Канада, Велика Британија, Австралија, Јужна Кореа, Египет, Кениje, Аргентина), (2) мешан модел на самостојно оспособување и обука на универзитетско ниво (Франција, Германија, Индија, Индонезија, Кина, Бразил, Турција, Јужна Африка), (3) модел на новинарско образование во самостојни школи (Холандија, Данска, Италија), (4) модел на образование преку обука на работното место од страна на медиумската индустрија, на пример преку приправничкиот стаж (Австрија, Јапонија, Велика Британија, Австралија), и (5) сите наведени модели, а особено комерцијалните програми на универзитетите, како и тренинзите од медиумските компании, издавачите, синдикатите и другите приватни или државни институции (Источна Европа, Куба, Северна и Централна Африка, Блискиот Исток), (Deuze, 2006: 22).

Од друга страна, различните академски традиции, како и различниот општествено-политички и културен контекст на државите во светот го детерминира и концептуалниот пристап на новинарското образование, што неминовно резултира и со негово различно дефинирање (Zelizer, 2006). Оттука и поделбата на средно-европски, западно-европски и американски модел на новинарското образование, кон кои инклинираат или ги копираат другите (региони или држави во светот). Во сите три модели можат да се воочат разлики, но и доминантни пристапи.

**Средно-европскиот** модел тежиштето го става на теоретското, општообразовно знаење од дисциплините како филозофијата, социологијата, политичката социологија, политичките теории, политичките системи, меѓународните односи, медиумското право, етката, теориите на културата, а многу малку на практичната обука и тренингот кои можат да се совладаат во практиката. Студиите најчесто се организираат на факултетите за политички науки, филозовските и правните факултети. Сепак, присутна е тенденција на зголемување на обемот на практичната работа и вежбите поради интересот и вклучувањето на студентите во алтернативните форми на едукација.

Наспроти тоа, **западно-европскиот** модел поголем акцент става на комуникациските и медиумските знаења (медиологијата, социологијата на медиумите, медиумските системи, меѓународното комуницирање, медиумско право, медиумска етика), како и на дисциплини на кои во фокусот е новинарството (новинарските жанрови, печатот, радиото, телевизијата, агенциското, онлајн новинарството). Програмски, преовладува практичната настава и тренингот. Но, последново десетлетие се забележува постепено „зближување" на програмите на овие два модели. Настојувањето кон единствен начин на образование на новинарите се поврзува, пред се, со болонскиот образовен систем.

За **американскиот** модел на едукација на новинарите се карактеристични како студиите слични на западно-европскиот модел, така и студиите на кои доминира практичната настава. Таму студентите ги учат новинарските жанрови и вештини, користењето на новите медиумски технологии, аудио и видео снимањето и монтажата, директното вклучување во програмата, реализацијата на програма во живо, продукцијата. Работејќи секојдневно новинарски прилози, тие паралелно учат за локалната самоуправа, државните институции, судството, стопанството, здравството, образованието, полицијата, екологијата, а преку искусни професори и тренери ги учат професионалните правила и новинарската етика. (Veljanovski, 2013:355).

Исто така, во светот е присутна и поделбата на традиционален или конзервативен модел, општообразовен модел и чист модел на новинарско образование. Според првиот модел, најдоброто школо за новинарите е практичната работа во редакциите. Се разбира, од професионалните новинари се бара високо образование, но не се инсистира на посебно новинарско образование, туку се прифаќаат струки од различни области. Така, покрај вооби-

чаената редакциска школа (каде се учат техниките на новинарската работа), универзитетите организираат двосеместрални специјалистички курсеви со акцент на предмети од комуниколошката сфера (комуникологија, теорија и практика на истражување на јавното мислење, медиумско законодавство, новинарска етика). Моделот нуди палета на различни стручњаци, но денес, со експлозијата на новите медиуми и комуникациски центри на медиумскиот пазар, тој заостанува во создавањето на самостоен новинар – професионалец поради времето потребно за совладување на професионалната и редакциската рутина.

Вториот модел се реализира преку формирање на посебни новинарски групи/насоки на факултетите за хуманистички науки (филозофските, социолошките, правните, факултетите за политички науки). Таму се едуцираат стручњаци со одреден профил (правници, социолози, политиколози) но со новинарка насока. Две третини од предметите се од дисциплините на матичниот факултет (политиколошки, социолошки предмети), а една третина предмети од новинарското професионално поле од кои половината се теоретски, а половината практични предмети. Ваквиот начин на организација го скратува времето од дипломирањето до целосното вклучување на новинарите во медиумите, но најчесто е „проблем“ за нивно успешно вклучување во сложената поделба на редакциските активности.

Третиот модел ги „преферира“ високите школи/факултетите за новинарство по примерот на Високата школа за новинарство во Лил (L'Ecole superieure de journalisme de Lille), каде третина од наставните планови се општообразовни предмети, третина од комуниколошката научна рамка и третина практична новинарска работа (вежби во наставниот процес и пракса во редакциите), а студентите можат „специјалистички“ да се насочат (на печат, радио, ТВ, агенциско и онлајн новинарство). Дипломираните новинари (професионалното звање што го добиваат во дипломата) се способни да вршат преработка на агенциски вести, да известуваат од било кој настан на терен и аналитички да истражуваат одредена тема/проблем. Моделот се „вклопува“ во теоретско-практичната концептуализација на содржината на масовното комуницирање како огледало на реалноста, и денес, наспроти сите критики од различни аспекти (телеолошки, етички, аксиолошки), се смета за најприфатлив меѓу сите оние кои го сфаќаат значењето на високото образование на новинарите. (Милетиħ, 2005: 373-375)

Но, денес се уште не е разрешена дилемата што е најважно за стекнување на новинарското знаење. За едни, клучно е универзитетското образование, а за други новинарската практика. Односно, за едни новинарството само по себе е академска дисциплина која заслужува теоретско истражување и високо образование, а за други професионална вештина, а не подрачје од големо теоретско значење. За новинарите – практичари, новинарството најлесно се учи во практиката - надвор од училницата, а не на универзитетите кои се несоодветни за оспособување на идните новинари за реалноста на новинарската

професија. Противаргументот на теоријата е дека новинарите мораат да имаат теоретски основи за обавување на работата, бидејќи токму теоријата ја поттикнува практиката. Улогата на универзитетот не е само пренос на новинарско знаење и/или вештини на студентите, туку и формирање на нивниот идентитет. Затоа, „новинарството треба да се изучува како сериозна академска дисциплина, а не само како стручно оспособување: за да можат да ја остварат својата улога, покрај вештини, на новинарите им е потребна и интелектуална самосвест која извира од знаењето, односно универзитетското образование“ (De Burgh, 2003: 110).

Новинарството се уште е „растргнато“ помеѓу практиката (медиумската индустрија), од една, и образованието и истражувањето (универзитетот), од друга страна. Оттука, суштествено е прашањето дали и колку новинарското образование има развиено свое специфично дисциплинарно концептуално орудие, прифатено како од универзитетите, така и од медиумската индустрија. Дилемата е како да се одвива образованието што го нудат новинарските програми, дали акцентот да биде на практичните или на општообразовните и хуманистичките знаења, односно дали универзитетите да учат, пред се, на вештините од новинарската практика или да бидат иницијатори на критички промени. Решението не е ниту пренагласување на теоријата ниту исклучиво инсистирање на практиката. Доминацијата на теоретските предмети не ги оспособува идните новинари за обавување на професијата, а форсирањето на учење на вештините без нужни знаења за општествените процеси, професионалните и етичките стандарди, ги занемарува важни општествени вредности.

Тоа го нагласува и Дејвид Моулд (David Mould), повикувајќи се на Бил Киртз (Bill Kirtz), некогашен новинар уредник и издавач, а сега професор по новинарство, според кого најдобрите новинари се оние најдобро образованите новинари, кои применуваат истражувачки вештини, академски дисциплини и високи етички стандарди во својата професија. „They need the type of knowledge that is at the core of the liberal-arts tradition, to be found in courses that explore history, culture, politics and science... A narrowly-educated journalist – one with only technical skills or with only theoretical knowledge – cannot define „news“ intelligently or determine its significance... cannot distinguish a fad from a trend without the historical and cultural context...“ (Mould, 2009:48).

Покрај овие дилеми за најсоодветниот начин на оспособува за новинарската работа, во фокусот на академските расправи е и прашањето на стекнатите знаења, односно компетенциите за квалитетна новинарска работа. Ако во почетокот на 20-тиот век се истакнуваа личните карактеристики на новинарот - талентот и карактерто, денес тие се надминати во академските кругови. Затоа пак, се нагласуваат содржинските, стручните и комуникациските компетенции на идните новинари, односно „познавање на тематското подрачје што се покрива, способноста на изразување и доброто познавање на различни новинарски

жанрови, свеста за функциите на новинарството и новинарската автономија и рефлексивноста“ (Poler Kovačič, Erjavec, Milosavljević, Vobič, 2013:400). Притоа, ако се следи Стјуарт Прајс (Stuart Price), претставник на британскиот поглед на едукација на новинарите, целта треба да биде студиска програма креирана како резултат на интегриран модел на теоријата и практичната работа, интеракција помеѓу формата и содржината, познавање на теоретски дисциплини кои, со добра практика, студентите ќе ги направи општествено корисни комуникатори кои ќе умеат да одговорат на сите професионални предизвици. (Prajs, 2011) Оттука и ставот дека треба да се занемарат расправите во кои теоријата и практиката меѓусебно си противречат, туку тие да се „надоместат со критичко самоосознавање на улогата и содржината на образовните програми за новинарите“ (Deuze, 2001:15).

## 1.2.

## Меѓународни стандарди во новинарското образование

Меѓу научната и стручната јавност, истражувачите, професорите и тренерите континуирано се одвива расправа за улогата, содржината и смислата на новинарското образование (Comrie, 2003; Deuze, 2006; Dickson in Brandon, 2000; Macdonald, 2006; Foote, 2008; Mensing, 2010). Притоа, посебно се издвојуваат неколку меѓународни (новинарски, медиумски) организации кои имаат развиено „листи на компетенции“ за она што е „добро“ новинарско образование, со знаења и вештини за сите новинари без оглед на локалните услови во кои тие функционираат.

Европското здружение за новинарско образование (EJTA) – основано непосредно по разурнувањето на Берлинскиот Ѕид, обединува повеќе од 60 образовни институции од повеќе од 25 европски земји. EJTA се одликува со широк диверзитет (во однос на институции, различни видови на медиумски системи, и различни култури кои членуваат во здружението). Препознавајќи ја потребата од градење на стандарди за квалитет на новинарското образование, членките на асоцијацијата на годишното собрание одржано во Тарту, Естонија, во 2006 година ќе ја донесат таканаречената Тарту – декларација, документ кој наведува што треба да научат студентите по новинарство. Но, како резултат на брзите општествени промени, таа во 2013 година ќе биде ревидирана, што јасно укажува на држење чекор со развојот на медиумите и во таа насока обид за „обединување“ на наставата и практиката. Декларацијата е составена од 10 клучни новинарски квалификации кои претставуваат комбинација на знаења, вештини и професионален однос за обавување на стручните задачи. Секоја квалификација содржи пет индикатори за тоа што треба да знае, разбира и/или да биде во состојба да покаже студентот по завршување на студиите.

Квалификациите се однесуваат на: (1) Способност да размислуваат за улогата на новинарството во општеството (посветеност на демократското општество, знаење на

правната и етичката рамка на новинарството, развивање на издржан личен став за новинарството, разбирање на вредностите кои се темелат на професионален избор, поврзување на локалното со националното и глобалното), (2) Способност да се најдат релевантни прашања и агли (да се познаваат тековните настани и нивниот контекст, да се познаваат карактеристиките на различни медиуми, да се утврди релевантноста на субјектот за различни публики, да се поттикне широко учество во дебата, да се откриваат настани вредни за известување врз основа на длабинско истражување (3) Способност да се организира новинарска работа (да се направи реален работен план, да се работи под временски притисок, да се прилагоди на непредвидени ситуации, да се организираат придонеси од јавноста, да работат во рамки на буџетските ограничувања), (4) Способност за брзо собирање на информации (имање на широко општо знаење, поспецијализирано знаење во полето, идентификување на повеќе перспективи за одредено прашање и оценување на веродстојноста на различни извори (5) Способност да се изберат суштинските информации (да се прави разлика помеѓу главни и странични прашања, да се изберат информации врз основа на релевантност и веродостојност, да се изберат информации во согласност со медиумската платформа, интерпретација на избраните информации), (6) Способност за презентација (извонредна лингвистичка компетентност, да користат различни типови техники за раскажување приказни, да ги презентираат содржините во ефективни комбинации на зборови, звуци и визуелизации, да се употребува технологијцата за новинарски цели), (7) Способност да се води сметка за новинарската работа (јасна претстава за потребниот квалитет на новинарските производи, да се оцени сопствената работа, да се прифати конструктивната критика, да се преземе одговорност за изборите направени во текот на процесот, да преземат одговорност за влијанието на крајниот производ), (8) Способност за соработка во тим (добри социјални вештини, да бидат сигурни, да ги презентираат идеите убедливо и да наоѓаат решенија), (9) Способност за претприемачко новинарство (да покаже иницијатива, да ги разбере економските услови што лежат во основата на професијата, да ги препознаат можностите на пазарот, да развиваат нови производи / формати, да ги препознаваат практичните аспекти на фриленс новинарството (10) Способност да придонесат за надоградување на професијата (размислување околу иднината на новинарството, дефинирање на комплексен практичен / професионален проблем, да усвојуваат научни методи за прибирање на податоци, и веродостојни методи за анализирање и обработка на податоци, да наоѓаат соодветни решенија за сложени практични проблеми.

Истата идеја ја споделува и Poynter Institute for Media Studies, кој во истражувањето спроведено со едукатори и професионалци нагласува што е важно за започнување на новинарската кариера во дигиталната ера. Оттука произлегуваат и компетенциите и вештините за идните новинари групирани во четири клучни категори: (1) Knowledge, attitudes and personal features, (2) News

gathering skills, (3) News production skills, (4) Technical and multimedia production skills. Притоа, секоја категорија содржи неколку индикатори. Во првата, тоа се curiosity, accuracy, handles stress, deadlines and criticism well, broad general knowledge, good social skills, be a team player, journalistic ethics, knowledge of other cultures, knowledge of government, understand the media landscape, be familiar with copyright and journalism laws, knowledge of the business of media, good news judgment, knowledge of current events, select information based on reliability, be a team leader, ability to embrace change and innovation. Во втората analyze and synthesize large amounts of data, network, make contact and develop sources, search online information on an advanced level, master interview techniques, search for news and check sources without the use of the Internet, look at news with a historical perspective, interpret statistical data and graphics. Во третата storytelling, write in a fluent style, write using correct grammar, master various forms of journalistic writing, understand audience expectations and needs, speaking skills, и во четвртата ability to work with HTML or other computer languages, shoot and edit video, shoot and edit photographs, record and edit audio, ability to tell stories with design and visuals.[10]

Во исто време, УНЕСКО во 2007 година, а како резултат на претходни длабински истражувања, ќе изготви Модел за образование на идните новинари, кој денес служи како основа за образование на новинарите во повеќе од 60 држави и 70 институции за едукација на новинарите во светот. Експертите кои го елаборираа моделот, тргнуваат од тродимензионален пристап на новинарското образование: „...the development of journalism practice (the first axis) is informed and enriched by the study of journalism in society (the second axis) and by the acquisition of methods and content marking modern knowledge through courses in other disciplines (the third axis)" (UNESCO, 2007:11).

Покрај тоа, моделот за секоја од трите академски години дава специфична тежина за секоја категорија - professional practice, journalism studies and arts and sciences. Процентуално, 47% од предметите се однесуваат на професионалната пракса, 10% на новинарските студии, а 43% на уметност и наука. Односно, ако во првата студиска година акцентот е на уметноста и науката, во втората тие имаат подеднаква тежина, а во третата студиска година доминира професионалната пракса. На тој начин се воспоставува „баланст" помеѓу теоријата, од една, и праксата, од друга страна. Конкретно, програмата за прва година студии вклучува курсеви for *foundations of journalism* (writing – narrative, descriptive and explanatory methods; logic, evidence and research – incorporating critical thinking; national and international institutions, general knowledge – basic knowledge of national and international history and geography, introduction to contemporary social and other issues), *reporting and writing* (basic news), *media law and arts/science cources.* Во втора година, програмата содржи курсеви for *re-*

10 Види: http://www.newsu.org/course_files/StateOfJournalismEducation2013.pdf

*porting and writing* (in-depth journalism), *broadcasting reporting and writing* (radio and television), *journalism ethics, multimedia/online journalism and digital development, media and society, arts/science courses.* Во трета година, *reporting and writing* (specialized journalism), *newspaper workshop* (reporting, editing, design and production, with basic instruction in photojournalism) *or broadcast workshop* (radio or TV editing, production, and performance), *arts/science courses*. The model predicts the necessity of the intership (between the second and third year of studies) at least a four-week placement within a professional newsroom (UNESCO, 2007:11.13).

Моделот се темели на неколку клучни компетенции: (1) An ability to think critically, incorporating skill in comprehension, analysis, synthesis, and evaluation of unfamiliar material, and a basic understanding of evidence and research methods, (2) An ability to write clearly and coherently using narrative, descriptive, and analytical methods, (3) A knowledge of national and international political, economic, cultural, religious, and social institutions, (4) A knowledge of current affairs and issues, and a general knowledge of history and geography (UNESCO, 2007:8). Слични компетенции дефинира и Адам Стјуарт, според кого „дизајнирањето" на наставната програма треба да „...promote the capacity to make wise judgements on the significance of events and ideas as they occur and draw appropriate attention to them, encourage an understanding of the methods of evidence-gathering and fact assessment, perfect the linguistic and narrative capacities of individuals and encourage the best methods of visual representation and examine carefully methods of criticism and the structure, application, and assessment of ideas"(Adam, 2001:325).

Шест години подоцна, во 2013 година, УНЕСКО ќе ја надополни програмата со неколку специјализирани курсеви како одраз на разновидноста на новинарската практика, а пред се поради значењето на новинарското образование за подобрување на индивидуалните и институционалните практики на новинарите. Тие можат да се имплементираат и на додипломските, и на последипломските студии, во групата на задолжителни или изборни курсеви. Програмата ги вклучува следните курсеви: (1) *Media sustainability* (understanding of the environments in which media organizations operate, legislation, licensing the media, digital media, the role of media management, media professionalism, ethical standards), (2) *Dada journalism* (introducing quantitative and qualitative methods in journalistic practice, statistics and methodology), (3) *Intercultural journalism* (competences to produce stories in a culturally diverse way, cultural identity, multiculturalism, globalization), (4) Co*mmunity radio journalism* (principles, concepts, models, practices and future of community radio), (5) Global journalism (impact of globalization on media, global news challenges in local markets, media ethics, media concentration and ownership, the internet, social media), (6) Science journalism, incorporating bioethics (health reporting, the environment and climate change), (7) Gender and journalism (the importance of gendered analysis in journalistic practice), (8) Humani-

tarian journalism (the aspects related to human rights in reporting, mostly in conflict situations), (9) Reporting human trafficking (international labor migration and labor exploitation in terms of human trafficking ), (10) Safety and journalism (topics on digital safety, freedom of expression or threats against journalists). (UNESCO, 2013)

До денес овие постулати не се променети, а во практиката се прифаќаат со различна динамика и обем. Доколку се следат зборовите на Robert Picard, director of research at the Reuters Institute for the Study of Journalism in the Departnment of Politics and International Relations at the University of Oxford, „Journalism education can only survive and succeed if it becomes much more aggressive in seeking change. It has to become far more innovative than it ever has been. It is not a matter of thinking outside of box, because the box no longer exists. What is required is deciding what will replace the box or how to get along without one“ (Picard, 2015:10).

## 1.3. Неформално новинарско образование

„Тренд во светот е универзитетското или високошколското образование на новинарите“ (Deuze, 2006: 22), но, покрај него опстојува и алтернативното, како совевидна „ефикасна“ надоградба и негова дополна, но не и замена. На меѓународно ниво голем е бројот на организации, асоцијации, федерации, центри кои организираат обуки, тренинзи, курсеви за новинари, новинарски професионалци, едукатори. Нивна основна дејност е промоција на медиумските слободи, развој на независни медиуми, медиумски плурализам, новинарскиот професионализам и етичките стандарди, унапредување на слободата на изразување и човековите права, заштита на слободата на говорот, заштита на новинарите, застапување на медиумските права, промоција на фер медиумски закони и медиумски реформи, градење на новинарските капацитети...

Меѓу најстарите секако е *The International Federation of Journalists (IFJ)*, формирана 1926 година во Париз, а денешната форма ја добива во 1952 година. IFJ е најголема организација на новинарите во светот и претставува околу 600.000 членови во 140 земји. As „the global voice of journalists“, федерацијата ги промовира човековите права, демократијата и плурализмот, слободата на медиумите, ги поддржува новинарите и нивните синдикати во борбата за нивните права и се спротивставува на сите видови дискриминација. Таа соработува и има консултативен статус во ОН, УНЕСКО, Советот на Европа, Европската Унија. Меѓу нејзините активности се вбројуваат бројните истражувања ширум светот, како и различните обуки за новинарите и медиумските професионалци. IFJ стратешки е фокусирана на три клучни области – безбедноста (ризиците на новинарите во вршењето на службената должност), безбедноста (медиумската концентрација на големите играчи како закана за уредувачката независност и професионалните новинарски

стандарди) и градењето на капацитетите на новинарските синдикати, а особено помошта на новинарите кои се соочуваат со новите предизвици во професијата која бргу се менува.[11]

Нејзинот пандан, регионалниот центар во Брисел, *The European Federation of Journalists (EFJ)*, насочен, пред се, на медиумскиот сектор во Европа, исто така го брани правото на слобода на изразување и информирање, развивањето на квалитетно и независно новинарство, синдикалното организира на новинарите. Тој, покрај бројни истражувања (about rigts and jobs in journalism, media freedom in Europe, building strong journalist unions in in Eastern Europe, building trust in media in South East Europe, advancing gender equality in media industries, confronting austerity in journalism...) спроведува и различни обуки и тренинзи за новинарите. Последниве години тие се концентрирани на предизвиците од новите технологии, односно на сајбер безбедноста, дигитализацијата на работно место и слично.

Посебно се издвојува *The European Journalism Training Association (EJTA)*, која обединува повеќе од 60 новинарски центри, школи и универзитети од 25 земји од Европа. Тие заедно, во партнерство со Европската комисија и УНЕСКО, и преку меѓусебна соработка, работат на подобрување на новинарското образование во Европа. Самото име на асоцијацијата зборува дека нејзина клучна активност е обука на студенти-новинари. За таа цел спроведува проекти и истражувања како патоказ за професионален пристап кон новинарското образование и новинарската обука, а се издвојуваат оние за new technologies in European journalism training (1995), curriculum development in European journalism (1997), the Tartu declaration (2006). Also, EJTA is focused on the Bologna Declaration and its implementation in journalism training. One of the last training (2016) was focused on „Making Media and innovative Journalism“, in order to explore new tools and ways to report news in the „Digital Era“, with lectures and workshops on best practices, formulas and technologies useful to improve both the quality and economic sustainability in producing editorial projects and journalistic reporting.

Обука на новинарите реализираат и две светски познати организации: *Reporters without borders and Article 19.* Обете се фокусирани, пред се, на заштита и промоција на слободата на изразување и слободата на информирање во светот. Reporters without borders, has consultant status at the United Nations. Organization provides information about the media freedom situation worldwide in many languages (English, Franch, Spanish, Arabic, Chinese, Russian and other), and each December publishes an annual overview of events related to freedom of information and the safety of journalists. The World Press Freedom Index, compiled by the organization, evaluates the level of freedom available to the media in 180 countries. Таа, исто така организира тренинзи за новинари и медиумски професионалци, пред се, за нивната безбедноста – физичка и дигитална.

11 Види повеќе: http://www.ifj.org/fileadmin/images/Website_pics/IFJ_Brochure.pdf

Article 19, која името го добила според членот 19 од Унуверзалната декларација за човекови права, е фокусирана на активности поврзани со freedom of expression, media regulation, freedom of information, censorship, violence & press freedom, governance & democracy, discrimination, defamation, conflict & security. Во соработка со 90 партнери ширум светот, организацијата спроведува мониторинзи, истражувања, анализи, подготвува препораки и правни стандарди за зајакнување на улогата на медиумите и за заштита на плурализмот, независноста и разновидноста на медиумите. Таа со поддршка на УНЕСКО или Европската Комисија има реализирано бројни тренинзи за новинарите, пред се, за физичката и дигиталната безбедност на новинарите (развивање на стратегии за безбедност и заштита), меѓународните и националните правни рамки кои ги регулираат слободата на изразување и медиумската етика, новинарскиот професионализам, слободата на изразување и еднаквоста (одговорноста на медиумите во промоција на различноста, плурализмот и меѓукултурното разбирање).

Своe место во едукација на новинарите имаат и *International Media Support (IMS)* и *Media Diversity Institute.* IMS е насочена, пред се, на подршка и тренинзи за новинари и тренери за клучни прашања поврзани со new media and technology, professionalizing journalism, media business development, safety in journalism (protect themselves and report professionally under pressure), media law reform (with journalists, civil activists, media lawyers, public officials, judges). Their activities are focused on integrating the best practices journalism trainig materials in national media education curricula. MDI, as promoter of an „inclusive and accurate media“, има за цел промоција на разбирање помеѓу различни групи и култури и спречување медиумите не/намерно да шират предрасуди, нетолеранција и омраза која може да доведе до општествени тензии, спорови и насилни конфликти. За таа цел, организацијата има спроведено различни форми на едукација со вклучување на широк спектар на актери: новинари, уредници, сопственици на медиуми, граѓански/невладини организации, професори и студенти на студиите по новинарство. На пример, за новинарите организира посебни работилници со теоретска и практична обука за покривање на разновидноста, малцинските и прашањата на човековите права, за студентите и професорите воведување на курс по „известување за различностите“ на високите школи и факултетите, а за граѓанските организации обуки за користење на медиумите за надминување на негативното и неточно прикажување на нивните организации. Како резултат на сите овие активности, објавени се бројни материјали и прирачници.

Промоцијата и унапредувањетона слободните, професионални и плурални медиуми и слободата на изразување се во фокусот и на *The Global Forum for Media Development* (GFMD), an international membership network of media assistance group. Нејзините анализи, истражувања, тренинзи, се насочени, како на професионалните новинари, медиумите и медиумските организации, така и на граѓаните-новинари, истражувачките новинарски

мрежи, организациите на граѓанското општество, академскиот сектор. Со цел воспоставување на заеднички етички стандарди за работа и развој на медиумите, GFMD ги унапредува методите, најдобрите практики и новите технологии за функционирање на медиумите преку заедничко учење, обука и евалуација. Притоа, акцентот го става, пред се на прашања поврзани со говорот на омраза во новинарството и борбата против него, цензурата  и автоцензурата, саморегулацијата, пропагандата, новинарската етика, информациите од јавен карактер, судирот на интереси во новинарството, медиумската корупција.

Слични активности има и *Center for International Media Assistance* (CIMA), кој работи на поддршка и подобрување на развојот на независните медиуми во светот. Тој има реализирано бројни проекти и истражувања за Journalist Security in the digital world, public service broadcasting's place in the information ecology, soft censorship globally, the politics of media development, media in the age of cyber surveillance, the boom in business journalism, governmental advertising and soft censorship, supporting internet freedom, media literacy, hate speech, blasphemy and the role of news media, media owners and journalism ethics, information in the internet age, global investigative journalism. Со повеќето од овие прашања се поврзани и тренинзите што центарот ги организира, а особено оние за револуцијата на дигиталните и социјалните медиуми, нивното влијание врз промената на стилот и содржината на медиумите во светот, новинарските професионални стандарди, правните пречки и правната заштита за слободен и независен медиумски сектор, пристапот до информации, користењето на медиумската регулатива за ограничување на слободата на медиумите.

Можат да се набројуваат и други организации чија дејност е поврзана со медиумите, новинарите, медиумската индустрија. Но, она што е заедничко за нивните едукативни активности е фоксот на два типа на проблеми: „старите“ кои се однесуваат на вечните прашања во оваа сфера, како што се слободата на изразување, независноста на медиумите, новинарскиот професионализам, цензурата и автоцензурата, ..., но и “новите“ како резултат на предизвиците и промените што ги носат новите информатички технологии во медиумската сфера. Исто така, се чини дека на овој начин се гради „неопходното“ јадро на рамнотежа помеѓу теоретското (академското) и практичното новинарско образование.

## 1.4.

## Новинарското образование во Југоисточна Европа

Земјите во Европа имаат различно искуство во организирање на новинарското образование. До скоро теоријата препознаваше два „типични“ модели на новинарско образование, западниот, од една, и источниот, од друга, со одредени специфики од земја до земја. На пример, германскиот модел во кој доминираат теоретски предмети и содржини од областа на комуникологијата, историјата и правото, со релативно по-

мал број часови посветени на практично оспособување за новинарските вештини. Или, францускиот модел кој функционира според три содржински принципи: општо медиумско образование, практично професионално образование и тематска специјализација (Plavšak, 2002). Или, таканаречениот „интегриран модел" кој фукнционира во скандинавските земји, со програма која нуди и голем број академски предмети и практични курсеви во медиумите (Hovden, Nygren, Zilliacus-Tikkanen, 2016:15). Сепак, генерално акцентот е на пошироко општо образование во комбинација со новинарски предмети наспроти американските програми кои го нагласуваат новинарското стручно знаење.

Она на што укажуваат истражувањата реализирани во последново десетлетие (на пр. Grieves, 2011) е постепеното зближување на „националните" образовни програми кои ги надминуваат границите помеѓу националните новинарски култури иако се уште не може да се зборува за европска новинарска култура. Притоа, тенденцијата кон „единствен" пристап во образованието на новинарите е поврзана, пред се, со Болонскиот образовен систем. Универзитетите во Европа не само што го усвојуваат European credit and grading system, туку и ги прилагодуваат програмата по новинарство според меѓународните стандарди, пред се, според моделот на УНЕСКО и ЕЈТА (Mould, 2009).

Заедничка карактеристика на новинарското образование во земјите од Југоисточна Европа - Србија, Босна и Хрцеговина, Црна Гора, Косово, Албанија и Македонија - е систем граден според источниот, честопати нарекуван советски модел. Едукацијата на новинарите, без исклучок, се одвиваше на факултетите по општествени науки (политички, правни, филозофски), со претежно теоретски содржини, а мал број практична новинарска работа. За нивните концептуални недостатоци илустративен е прекарот што повеќето го имаа добиено - „партиски новинарски школи" – кој ги следеше од комунистичкиот период. По општествено-политичките промени во 90-тите години, започнува „трансформација" и во новинарството и во новинарското образование, но обременето со бројни фактори кои го одредуваат неговиот профил, ниво и можности.

Соочувањето со отсуството на било какво новинарско образование (на пр. Црна Горга и Косово) или „застарено" универзитетско образование, неприлагодено на новите потреби, тешката економска ситуација, отсуството на стручен кадар, но и перманентниот и „неконтролиран" пораст на медиумите и „побарувачката" на новинари на пазарот на труд, ќе доведе до тоа со новинарството да почнат да се бават луѓе без соодветно образование и искуство (па дури и само со завршено средно образование). Ако кон тоа се додаде и неразвиеноста на невладиниот сектор, како вонуниверзитетска форма на едукација, и неговата зависност од странски донации како „противтежа" на развојот на самоодржлив систем на едукација, процесот на долгорочно планирање на развојот на едукацијата на новинарите е исклчително тежок, преполн со дилеми и преиспитувања, успеси и неуспеси.

Денес трансформацијата на универзитетското образование во овие земји се наоѓа во различни фази, зависно од специфичната ситуација во секоја земја одделно. Тоа се однесува како на бројот на студиите по новинарство, така и на самиот карактер на понудените програми на тие студии. Така, има држави во кои новинарството се изучува само на еден факултет/универзитет (Црна Гора), држави со два-три факултети по новинарство (Албанија, Македонија, Косово), но и држави со многу повеќе универзитетски студии по новинарство (Босна и Херцеговина, Србија). Сосем друго е прашањето, дали овие бројки се одраз на актуелните општествени потреби или резултат на „неконтролираната“ трка да се надомести дискрепанцата помеѓу големиот пораст на бројот на медиуми, од една, и малиот број на едуцирани новинари, од друга страна, без оглед дали и колку таа бројка на медиуми е реална и одржлива. Или пак тоа е резултат на добрата/лошата образовна политика на државите за отварање на „пазарот“ освен за државни и за приватните образовни институции. Во практиката пак, студиите по новинарство се соочуваат со лоша материјална позиција, недостаток на потребна опрема, неадекватен однос помеѓу теоретските и практичките предмети (на штета на практичките предмети), ограничен или недоволен број на стручен кадар, но и недоволна соработка со новинарите-професионалци и медиумските куќи.

Едукацијата на новинарите се одвива и на државни и на приватни факултети/универзитети, а постојат и посебни новинарски школи. Притоа, студиите по новинарство никаде не функционираат како самостојна институционална единица, туку организациски, како посебна насока (1) на факултетите од сродни научни гранки или (2) во рамките на факултетите со комбинирано име (кое обединува две или повеќе насоки на студирање). Првите се дел од државните Факултети по правни или политички науки, Филозовските факултети или Факултетите по општествени науки, организирани како студии по новинарство или новинарство и комуникации (најчесто во Босна и Херцеговина, Македонија, Србија, Црна Гора и Албанија). Вторите се дел од приватните Факултети по новинарство и комуникации, Факултетите по медиуми и комуникации, како студии по новинарство, или медиуми и новинарство (во Босна и Херцеговина, Косово, Србија). Но, се среќаваат и факултети со студии специјализирани за одделни сфери во новинарството, како што е приватниот Факултет за спорт во Србија и во негови рамки студиите по спортско новинарство, или државниот Факултет за историја и филологија во Албанија, во чии рамки има три студиски програми – политичко новинарство, економско новинарство и социјално-културно новинарство.

Воочлива е терминолошка неконзистентност (невоедначеност) на студиите по новинарство. Но, тоа не е специфика само на земјите од Југоисточна Европа, туку ја среќаваме и во други универзитети во светот. Притоа, се поголем број универзитетски студии во Европската унија и во други земји од развиениот свет го користат називот комуникациски науки (Communications, Kommunikationswissenschaft,

Scieza della Communicazione), а во поново време во студиските програми по новинарство и масовни медиуми се презема и називот медиумски студии. Така, универзитетските програми нудат новинарски студии (journalism studies), медумски студии (media studies) и комуникациски студии (communiaciot studies), но и нивна комбинација. Анализата на нивните програми кажува дека тие, независно од името, помалку или повеќе, се поклопуваат. Притоа, се поголем е бројот на автори кои се согласуваат дека е невозможно овие студиски гранки да се одвојат, односно тоа подразбира „спојување на програмата по новинарство и масовни медиуми на факултетите со можност за ускокнување од една на друга програма за да се одолее на предизвиците на 21. век кои се уште ги немаме предвидено" (Royal, Schmitz Weis, 2013).

Начинот на студирање на сите високообразовни институции се одвива според таканаречениот Болоњски модел на образование, по принципот тригодишни додипломски и двегодишни магистерски студии (3+2) или четиригодишни додипломски и едногодишни постдипломски студии (4+1). Неговата примена ќе наметне и промена на постојните наставни програми, односно усогласување на бројот на предмети од таканаречен „образовен" карактер (од општествените науки и политиколошките дисциплини) со оние „теоретските" од областа на медиумите заедно со „практичната" настава. Тоа, секако не значи воспоставување на рамнотежа помеѓу теоријата и практиката во изучувањето на новинарството. Притоа, повеќето факултети во регионот организираат магистерски студии по новинарство - новинарско „усовршување" и тоа најчесто на државните факултети. Структурно, според наставните планови и програми, може да се препознае таканаречениот „мешан модел" на изучување на новинарството, односно, повеќе или помалку, рамномерна распределба на теоретските наспроти практичните предмети.

### *а) Неформално новинарско образование во Југоисточна Европа*

Во регионото на Југоисточна Европа странските донатори имаат инвестирано огромни средства, а од крајот на 90-тите години забележителен е рапиден развој на институции, невладини организации со бројни проекти кои се бават со едукација на новинарите и медиумските работници. Последниве неколку години, од мноштвото организации, посебно се издвојуваат неколку најуспешни кои ги карактеризира долгогодишно искуство и конзистентна стратегија во едукацијата на новинарите. Тие се практично ориентирани, флексибилни, блиску соработуваат со медиумските куќи и и интензивно регионално соработуваат и разменуват искуства.

Една од најактивните е South East European Network for Profesionalization of Medija (SEENPM) која обединува 18 медиумски центри и институции од 12 земји во Централна и Југоисточна Европа. SEENPM promotes excellence in journalism through policy initiatives, research and training. It aims to protect and defend freedom of the press, support the development of independent media and journalism professional

standards, and strengthen relations among journalists. Од формирањето во 2000 година до денес, SEENPM има спроведено широк спектар на медиумски истражувања и анализи, како и бројни едукативни проекти за новинарите и другите медиумски работници. Има спроведено бројни обуки за новинарите: online video training platform for journalists, violence as reports of attacks on women journalists, journalist who want to create their own multimedia platform, investigative journalism, protection of journalism and the safety of journalists, economis and political reporting, ethical guidelines for online media, professionalization of media, media freedom and advocacy, media against hate, media literacy, improving reporting on children in local media, journalism in digital age, reporting taboos, reporting on vulnerable groups and other.

Не помало значење има и Balcan Investigative Reporting Network(BIRN), мрежа на невладини организации која промовира слобода на говор, човекови права и демократски вредности. Таа е присутна во регионот на Балканот и има свои ограноци во Албанија, Косово, Србија, Босна и Херцеговина и Македонија, како и новинарски мрежи во Црна Гора, Бугарија, Хрватска, Грција и Молдавија. BIRN има имплементирано широк спектар на програми и проекти насочени кон обука на новинарите, издаваштвото, мониторингот, работата со граѓанските организации. It targets a wide range of stakeholders, from the general public, journalists and media in general, to decision makers, both national and international, and civil society organisations. Обуките што ги спроведува се посебно насочени на online reporting, quality reporting, sustainable journalism, assessing self-censorship, cooperation between media and civil society, especially investigative reporting and online investigative journalism.

Во оваа група спаѓаат и фондацијата Konrad-Adenaue-Stiftugn (KAS), односно Media Program South East Europe формирана 2005 во рамките на KAS која е фокусирана поддршка на слободните и независните медиуми и јакнење на нивната улогата во процесите на демократизација и трансформација. За таа цел, Media Program организира обуки, истражувања, дијалог со вклучување на новинари и уредници од сите медиуми, сопственици/директори на водечки медиумски куќи, невладини организации, медиумски адвокати, комуникациски експерти и политичари. Нејзини клучни области на делување се: journalistics' qualification (program teaches teaching skills and knowledge in the areas of democracy, ethical standards in media), media freedom and plurality of views (the influence of political and economic interests, the increasing concentration of media, the lack of transparency of media) and a modern, professional and responsible political communication. Во рамките на Програмата се организирани бројни истражувања, од кои посебно се издвојуваат оние за универзитетското образование во регионот на Југоисточна Европа, како и обуки за investigative reporting, reporting in time of crisis, media ethics and practical training in universities.

Слични активности препознаваме и кај Center for Media, Data and Society (CMDS), research center for

the study of media, communication, and information policy and its impact on society and practice. CMDS is founded in 2004 as part of CEU's School of Public Policy. It research interests and priorities include European media and journalism, media and transition, community media and development, freedom of expression and human rights, privacy and data protection, civil society and technology. Center спроведува и обука на новинари фокусирани on the fundamentals of media and freedom of expression law in the digital age, strengthening journalism in Euprope (tools and networking), creative approaches to living cultural archives (promotion of European collaboration between community media organizations) and other.

South East European Media Observatory as a regional partnership of civil society organizations, is focusing at enhancing media freedom and pluralism, democratic development of media systems and influencing media reform in the countries in the region of South East Europe. Media Observatory particularly addresses the problems with integrity of media and journalism, especially on harmful patterns of media ownership and media finances. In recent years it has concentrated on media integrity in Albania, Bosnia and Herzegovina, Croatia, Macedonia and Serbia by providing a regional instruments for media research and monitoring, support to investigative journalism and civil society engagement.

Наспроти тоа, South East Europe Media Organisation (SEEM), формирана од водечки главни уредници, директори на медиуми и професори по новинарство во Југоисточна и Централна Европа, преку форуми, конференции, проекти и обуки третира широк спектар на теми: media business today, investigative journalism, old and new media, right to access information, data journalism, privacy and the protection of sources, self-regulation and standards of quality reporting. Организацијата обединува мрежа на уредници и новинари од водечки весници, списанија, радио и телевизиски станици, новински агенции и нови медими, се „бори“ за слободно новинарство и е фокусирана на обезбедување помош на новинарите кои се под физичка или смртна закана.

Сите овие организации имаат свое значење во новинарската едукација во регионот на Југоисточна Европа. Но, фактот што во опкружувањето дејствуваат повеќе такви организации и донатори, чии активности често (непотребно) се преклопуваат, реално го отежнува процесот на долгорочно планирање и развој на стратегија за новинарска едукацијата. Од друга страна, нивната речиси целосната зависност од странските донатори, не им гарантира опстанок и самоодржливост. Притоа, меѓусебната регионална соработка се чини вистинска „алтернатива“ за опстојување на алтернативниот систем на едукација на новинарите. Или, уште подобро, стратешката определба на некои од нив (веќе присутно во практиката) да се „ребрендираат“ во редовна форма постуниверзитетско практично и специјалистичко образование на новинарите и со тоа да станат комплементарни со универзитетското образование.

**б) Причини за ниското ниво на професионализам во медиумите во регионот**

Одамна е сфатено дека новинарството не може да им се препуши само на луѓе желни за афирмација во јавноста (што новинарството неминовно ја содржи), па дури и на поединци со солидно образование и писменост кои во оваа дејност добро се снаоѓаат. Појавата на стандарди и правила, како професионални, така и етички, стриктно поврзани за новинарството, ја наметнува потребата од систематска, интердисциплинарна едукација на новинарите, која во современиот свет се обавува на универзитетско ниво, иако паралелно постојат и бројни облици на алтернативно образование, воглавном организирано од медиумите, медиумските и новинарските здруженија и организации. Но, она со што неминовно ќе се согласиме е дека денес новинарската професија се наоѓа на една од најсериозните пресвртници во својата историја. Паралелните технолошки, економски и општествени промени секако се причина за темелно преиспитување на новинарската професија, а особено на новинарскиот професионализам.

Генерално, нивото на професионализам во земјите во Југоисточна Европа е на ниско ниво! Причината за тоа, се чини, најлесно се лоцира во слабата едукација на новинарите, особено недоволното изучување на новинарската етика, или отсуството на практична настава во образовниот процес. Она што создава „главоболки" во сите држави во регионот е прашањето како да се биде професионален новинар во длабоко политички поделени општества или поделени медиуми на две спротивставени групи „позициони" и „опозициони". Како новинарството да се „справи" со политичките и економските притисоци, сеедно дали доаѓаат од државата (власта), економијата или спостварениците на медиумите. Како новинарите да се држат до професионалните стандарди во работата со нерешен социјален статус, ниски плати, синдикално незаштитени, под притисок на главниот уредник, а неретко изложени на напади, закани, затвор, па дури и ликвидација. Во такви околности, недостигот на соодветни новинарски квалификации станува минорно, па дури и беспредметно прашање.

На медумскиот пазар има голем број на медиуми (особено електронски), што најчесто се дефинира како плурализација и разновидност на медиумите. Тие процеси започнати во 90-тите години од минатиот век, секаде беа во подем. Но, денес токму плуралноста и професионалноста на медиуми бележи пад во секој поглед. Тоа го потврдуваат и податоците од индексот за слобода на медиумите на Репортери без граници (Reporters Without Borders) за 2016 година. Најголемиот број држави од регионото се многу ниско рангирани, особено Македонија и Црна Гора (на 118, односно 106 место), потоа следат Косово и Албанија (на 90, односно 82 место), па Босна и Херцеговина и Србија (на 68, односно 59 место).[12] Во исто време, голем е бројот на факултети и школи за едукација на новинари, но има и такви кои се затвараат или

12 Индекс за слобода на медиумите за 2016 година на Репортери без граници, достапно на: https://rsf.org/en/ranking

се ставаат во мирување, што за оние најсмелите во размислувањето значи дека новинарство, полека, но сигурно е „професија во изумирање". Сепак, погледнато конкретно, во секоја држава одделно, можат да се воочат одредени специфики.

Во ***Албанија*** професионалноста на медиумите директно е поврзана или произлегува од проблематичната медиумска сопственост, навлезеноста на бизнис интересите во уредувачката политика, слабите плати на новинарите и притисоците со кои тие се соочуваат во нивната работа. Ваквото медиумско опкружување не ги поттикнува новинарите да станат подобри во својата професија бидејќи:

**„...на крајот, медиумските сопственици се најмногу заинтересирани за пропаганда, тие се заинтересирани да ги користат весниците како средство за исполнување на нивниот бизнис интерес. Дали ќе имаат квалитетни репортери не им прави голема разлика. Тие само сакаат некој кој работи напорно и некој кој можат да го искористат за свој интерес."**[13]

Всушност, главниот проблем е поврзаноста помеѓу новинарите и сопствениците од причина што сопствениците се многу моќни. Тоа директно влијае на намалување на професионалните новинарски стандарди. Односно, сопствениците создаваат нови медиуми, но не се трудат тие да бидат професионални. Затоа, на младите новинари не им помага многу тоа што во образовниот процес се посветува големо внимание на етиката и важноста на етичкото известување. Иако тие теоретски се многу добро потковани, кога за прв пат ќе се соочат со новинарската професија и со притисоците во редакциите, во комбинација со лошите економски услови, тие не успеваат да го испорачаат тоа што претходно го учеле на новинарските студии: „Не го заборавaат тоа што го учеле, но сопствениците им велат да забораваат на правилата и етичките принципи и дека треба да работат така како што тие ќе им заповедаат."[14]

Освен тоа, не е мал бројот на оние (интервјуирани) според кои концептот на етиката е прашање на личен избор. Односно, не е потребна посебна книга за да се знае што е погрешно, а што правило, ниту има голема потреба од посебни курсеви по етика бидејќи е многу лесно да се препознае што е етично, а што неетично во новинарството и етичките принципи во новинарството се добро познати. Дури: „Кога од тебе бараат нешто што не се поклопува со новинарската етика, тогаш неетично е да останеш таму, а етично е да заминеш."[15]

Во ***Босна и Херцеговина,*** на новинарството се гледа како на професија која бара страст и многу посветеност. Но, во реалноста „...медиумите често не ги почитуваат етичките правила на професијата, иако тоа не секогаш зависи од новинарот – тоа може да зависи од уредникот, но сепак ова е професија во која секој треба сам да се избори за себе да биде подобар".[16]

13 Интервју со Бесар Ликмета, уредник во БИРН Албанија.
14 Интервју со Марк Марку, Универзитет во Тирана.
15 Интервју со Алфред Лела, директор на МАПО
16 Интервју со Рубин Ченгиќ, новинар во магазинот „Старт".

Во исто време, се истакнува дека не постои професија која повеќе се променила од новинарството. „Всушност, во овој момент не знаете што е медиум, а што новинар. Секој човек е новинар, секој може да биде новинар и се може да биде медиум... и тоа луѓето го доживуваат како некој вид новинарство. Но, новинарството е систем на вредности кој го контролираат професионални стандарди.“[17]

Поради условите во кои функционираат медиумите, како и притисоците во самите медиуми, она што на факултет се учи за етиката и стандардите на професијата тешко се применува во практиката. Сепак, се уште највисоко ниво на професионални стандарди има јавниот сервис на федерално ниво, и колку и да е во проблеми и криза, тој се уште е подобриот дел во медиумска сцена во Босна во етичка смисла. Но, не е така во другите (кантонални) сервиси. На пример, „Ако погледнете два-три дневника на јавниот сервис на Република Српска, ќе видите дека тоа е целосно медиумски режим што е јасно како ден. Каде е тука етиката?“[18]

Непрофесионално работат и интернет медиумите и не ја извршуваат задачата што ја имаат како вистински медиуми. „Информациите што таму се споделуваат не се проверени или пак не се ставени во правилен контекст. Значи, тие не знаат како да управуваат со информациите што ги имаат. Затоа, на крајот, некој треба да сноси одговорност за информациите што ги пласира.“[19] Но, се чини дека најлоша е состојбата во печатените медиуми:

**„Во печатените медиуми состојбата е катастрофална, имате примери во кои медиумите директно промовираат одредени радикални идеи, има говор на омраза ... и кога разговарате со нив тие ви велат дека сите тие стандарди ги познаваат, но кога наутро ќе го отворат весникот во својот текст го препознаваат само потписот и некои буквални факти во него.“**[20]

17 Интервју со Боро Контиќ, директор на Медиа центар во Сараево.
18 Интервју со Стефан Благиќ, магазин Фронтал
19 Интервју со Аладин Алибеговиќ, Центар за истражувачко новинарство во Сараево
20 Интерву со Лејла Турчило, професор на Факултетот за политички науки во Сараево.
21 Интервју со Хасан Салиу, професор на Колеџот ААБ

Во ***Косово*** лошата економска состојба на медиумие, ниските плати на новинарите, исполитизираноста на медиумските сопственици и влијанието на бизнисот врз уредувачката политика на медиумите придонесува целокупното медиумско и новинарско опкружување да биде во незавидна положба. „Новинарите во Косово не се чувствуваат многу сигурни и се плашат од опасноста дека ќе останат без работа. Ова прави тие да бидат конформисти.“[21] Поради тоа, тие не успеваат да ја остварат својата улога на чувари на јавниот интерес. Кога новинарот ќе влезе во редакција не може да има големо влијание бидејќи други ја водат уредувачката политика на медиумот. Најголемиот проблем е што:

**„... студентите учат три или пет години професионално новинарство и кога ќе влезат на пазарот се судираат со уредувачка политика која ја создава тој што го финансира медиумот. Проблемот не е во младите новинар дали ја сфаќаат важноста на демократијата, туку дали медиумот е фатен од некои политички олигарси и зависи од нивните финансии.“[22]**

Освен тоа, прашање е како да се биде професионален „...кога новинарот зема многу мала плата и тогаш мора да потпадне под влијание на одредена политика или поединци и одредени бизниси за да може да преживее.“[23] Новинарите тешко опстануваат, имаат долгови и се принудени, по секоја цена, да го задржат работното место. „Можете да отпуштите некого без никаков проблем и наредниот ден да имате нов, исто така, подготвен новинар во вашата канцеларија, некој кој ќе биде полојален на уредувачката политика.“[24] Токму затоа се посочува важноста на изучувањето на етиката во текот на студиите. „Таа е клучна на повеќе начини поради тоа што им дава насоки на студентите во смисла на тоа зошто се овде и што се обидуваат да сторат. Дали се борат за подобар живот или само пополнуваат места.“[25]

***Македонија*** последниве пет-шест години бележи драстичен пад на слободата на медиумите, екстремно сложената политичка ситуација трае подолго време, а медиумите и новинарите се едни од најголемите жртви, но и актери кои се дел од медиумската „политичко-криминална“ спрега во целиот тој процес. Новинарството како професија е една од најизложените на тужби за клевета и навреда. Тоа до пред некоја година, додека клеветата и навредата не беа декриминализирани, висеше како дамоклов меч над секој новинар кривично да биде обвинет за тоа што го објавил, пред се од врвот на власта, и за тоа да плати драконска казна, невидена во аналите на исоријата на новинарството. Како најголеми „штетници“ на угледот и интегритетот на новинарството и новинарскиот професионализам, се посочуваат таканаречените „специјалци“ – луѓе анонимуси донесени во медиумите за да остварат одредена политичка мисија (а не да работат новинарство) кои потоа ќе се повлечат како административци или во партиските тела. Амбиентот

22 Ибид.
23 Интервју со Виолета Ороши, новинарка
24 Интервју со Арбен Салиху
25 Интервју со Насер Мифтари

во Македонија создава непријателски однос кон новинарската професија и ги маргинализира луѓето кои се професионалци, а ги промовира оние без етика, бескрупулозни, луѓе кои на новинарството гледаат како на средство за збогатување, за зближување со политичките елити што потоа овозможува други привилегии во општеството. Сепак:

**„Постојат голем број на новинари коишто успеаја да го заштитат личното достоинство и интегритет не допуштајќи на политичарите да ги злоупотребуваат но најголем дел од тие луѓе денес се или невработени или работат за некој скромен надомест најчесто на некој интернет портал.“**[26]

Несомнено квалитетот на новинарско образование е во корелација со степенот на медиумски слободи и новинарскиот професионализам. Но, тоа не е единствен фактор. Има новинари кои поминале низ лошо новинарско образование, но подоцна се граделе и го надополниле тоа што им недостасувало во формалното образование. Но, кога во практиката ќе се соочат со притисок од различни страни, проблемот добива други димензии. Или оние најдобрите на факултет, кои во практиката се покажуваат како слаби новинари. Затоа, етиката е многу важна за зачувување на интегритетот на професијата. Таа на факултет се изучува како посебен предмет, но најчесто ја предаваат „професори по филозофија кои се занимаваат со општи филозофски прашања“[27], а недостасува „применета етика“. Оттука, реално е прашањето колку младите новинари ја препознаваат важноста на етиката во новинарството, па дури и кога добиваат „ситни подароци“ за кои подоцна ќе се бара противуслуга.

Во ***Црна Гора***, медиумските слободи се на многу ниско ниво и бележат пад. Општеството е поларизирано, медиумите политички се поделени на владини и опозициони (кои себе си се нарекуваат независни), а новинарите подпросечно платени, што ги тера да работат како што сака редакцијата бидејќи немаат избор. Освен тоа, зачестени се случаите на напади на новинарите и медиумите без решавање на случаите. Денес е тешко да се биде вработен во медиумите во Црна Гора, а уште потешко да се има свое мислење бидејќи редакциите вршат цензура и мора да се работи така или воопшто да не се работи. Тогаш е многу тешко да се спречи корупцијата во новинарството. Песимистички се очекувањата ситуацијата во догледно време да се смени, а уште помалку дека младите (новинари) можат да бидат носители на промени. Можеби ако во едукативниот процес се обрнеше внимание на етиката, медиумите ќе беа многу попрофесионални. Но:

**„Нееducираноста не може да биде изговор, сите тие доволно знаат, доволно се едуцирани, имаат доволно пракса. Ситуацијата не може да ја смени ни додатна едукација, бидејќи сите имаат своја „агенда“ и не обрнуваат внимание на етиката и на стандардите на професијата.“**[28]

26 Интервју со Билјана Петковска, директор на Македонскиот институт за медиуми во Скопје.
27 Интервју со Јасна Бачовска, раководител на катедрата по новинарство на Правниот факултет во Скопје
28 Интервју со Мирјана Цамовиќ, претседател на Синдикатите на медиумите во Црна Гора.

Односно, луѓето кои имаат свои етички стандарди, тие во најголем број случаи ќе ги задржат и во новинарството без оглед дали и колку учеле медиумска етика, а доколку учеле тогаш тоа е „добитна комбинација“. „Едукацијата може да биде вакцина проти некој вирус, но не мора да значи дека ако добиете вакцина дека лесно ќе поминете.“[29] Исто така, студентите можат да имаат највисока оценка по медиумска етика, но доколку немаат храброст, знаење и компетенции да се наметнат како добар новинар, тие нема да можат да ја применат медиумската етика. Нив сопственикот или уредникот ќе го уцени да пишуваат негативно или позитивно од негов аспект, а не од етички аспект, велејќи им дека не им треба етика. Поголеми шанси имаат оние малку „потврдите“, но, зависи во кој медиум работат. Но, останува констатацијата дека „На сопствениците не им требаат новинари кои се добро образовани, туку новинари со кои лесно ќе можат да управуваат.“[30] Во таков случај, прашање е колку новинарското образование може да влијае врз степенот на медиумски слободи, кога новинарите во пракса се соочуваат со непрофесионални и неетични редакции: „Тоа не е новинарство, тоа е навивање. Имате известување за еден ист случај, но од различни агли, тоа е манипулирање на публиката и нејзино потценување.“[31]

Во ***Србија***, како и во другите држави во регионот, финансиската состојба на медиумите е лоша и новинарите и медиумските работници не успеваат да го достигнат нивото на просечна плата во држават. Исто така, тие трпат силен политички притисок, што резултира со промена на новинарскиот кадар така како што се менува власта, било на локално, било на национално ниво. Голем е бројот на медиуми што се затворени или купени од поединци - тајкуни, поради што новинарите остануваат без работа или се заменуваат со други - „послушници“. Сето тоа „неминовно“ се одразува врз професионалното обавување на работата.

Во ваквиот затворен круг прашање е дали и колку формалното образование може да влијае врз степенот на медиумски права и слободи. Ставот на стручната јавност е различен. Едни сметаат дека, континуираното образование за моралните и професионални принципи има позитивен придонес, односно, „...ако тоа знаење го стекнат на факултет и во редакцијата како нешто кон што мора да се придржуваат тогаш, се разбира, тоа ќе се пренесе врз целиот систем“.[32] Исто така, „...студентите имаат добра теоретска основа, значи го разбираат значењето на медиумите во општеството, знаат што е мисијата на медиумите и што се очекува од нив.“[33] За други пак, нема поврзаност помеѓу квалитетот на формалното образование и степенот на медиумски слободи. „Степенот на медиумски слободи во Србија се утврдува според количеството на

29 Интервју со Ѕвездан Вукановиќ, визитинг професор на Факултетот за политички науки во Подгорица.
30 Интервју со Наташа Ружиќ, доцент на Универзитетот на Црна Гора
31 Ибид.
32 Интервју со Зоран Станојевиќ, РТС
33 Интервју со Снежана Миливојевиќ, професор на Факултетот за политички науки во Белград.

финансии на пазарот, а ние сме многу сиромашен пазар и медиумите на разни начини се борат за средства, а со оглед на тоа што државата во поголем дел ги контролира средствата кои одат кај медиумите, тогаш медиумите се приклонуваат кон различни политички опции кои се на власт за да можат да добијат дел од тие средства, или индиректно да добијат од фирми кои се блиски до власта."[34] Исто така, она што доминира на медиумскиот пазар зборува не само за тоа кој работи во медиумите, туку и за нивното образование и знаење. Имено, „Овде има поплава од жолт печат, шунд. Тоа тука дури не е ни жолт печат, туку црно-жолт печат. Овде нема таблоиди во класична смисла, какви што постојат секаде во светот. Тука тоа се медиуми кои служат за хајки, за напади. Имаш телевизии кои не личат на телевизии, кои не се бават со професионално новинарство."[35]

Притоа, етиката се посочува како еден од клучните фактори за „искоренување" на неетичноста и непрофесионалноста во медиумите и новинарството и нејзино изучување како од аспект на науката, така и од аспект на практиката и практичните дилеми. Односно, „...студентите еден семестар да учат етика во новинарството па потоа наредниот семестар да имаат пракса во некој од медиумите и да видите каде забележиле дека се прекршува етиката и како тие би се поставиле во таа ситуација, па потоа професорот да разговара за тие поединечни ситуации со нов и да им објасни кои се нивните права и обврски ако работат во некој од медииумте каде забележале дека се прекршува етиката, па самите да изберат дали ќе го прават тоа или не."[36] Она што денес го прават факултетите е изучување на етиката на почетокот на студиите, а нејзино занемарување подоцна на студиите. „Додека да стигнеш во редакција забораваш што си учел и за што си разговарал, така да можеби треба да се изучува подоцна, или да се провлекува низ повеќе предмети".[37]

Лоши услови за работни односи каде новинарите се под контрола и притисок на сопственици на медиуми – економска криза на медиумскиот сектор – намалувањето на слободата на медиумите во регионот – фактот дека медиумската етика се изучува само на почетокот на новинарските студии се само некои од главните причини за ниското ниво на професионализам во медиумите во Југоисточна Европа.

### *в) Улогата на новинарското образование во процесот на демократизација во регионот*

Нема дилема дека новинарството спаѓа меѓу најзначајните институции на демократското општество. УНЕСКО во предговорот на „Моделот на наставна програма за новинарско образование" наведува дека „новинарството и образовните програми кои на поединците им овозможуваат да ги практикуваат и да ги надоградуваат своите новинарски вештини, се алатки од суштинско значење за поддршка на клучните демократски принципи кои се од фундаментално значење за развојот на секоја

34 Интервју со Владимир Радомирович. Магазин Пиштаљка
35 Интервју со Јована Полиќ,
36 Ибид
37 Интервју со Милица Стојановиќ, Центар за истражувачко новинарство во Белград

држава“(UNESCO,2007: 5). Во истиот контекст, и Тарту декларацијата во преамбулата истакнува дека членките на Европската асоцијација за новинарско образование (EJTA) ги едуцира или обучува студентите/партиципиентите според принципот дека новинарите треба и служат на јавноста, меѓу другото, и преку “поттикнување и зајакнување на демократијата на сите нивоа“.

Наназад повеќе од десет години на подрачјето на Југоисточна Европа се одвива сеопфатен и разновиден процес на демократизација. Некои земји станаа членки на Европската унија, а други потпишаа договор за пристапување и партнерство. Ваквиот развој претпоставуваше промени и усогласување на националното законодавство со европското, примена на европските и меѓународните стандарди, како и обезбедување на слободен развој на медиумскиот сектор. Тоа во многу држави во регионот ќе поттикне процес на медиумски реформи, со нагласок на развивање на услови за независни медиуми. Но, ако се суди според извештајот на Фридом Хаус (Freedom House) од 2016 година, за независноста на медиумите, медиумите во Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Црна Гора и Косово се „partly free“, а во Македонија „not free“.[38] Во некои држави таа е влошена, каков што е случајот со Србија и Црна Гора каде медиумите од „free“ сега се оценети како „partly free“, а во Македонија од „partly free“ во „not free“. Оттука и прашањето како можат медиуми да придонесат за демократизација на општеството? Дали клучот е во образованието на новинарите, односно стимулирање на нивното критичко размислување преку едкативниот процес?

***Албанија*** се соочува со делумно слободни медиуми што не влева оптимизам за развој на демократските процеси. Политиката е длабоко навлезена во медиумската сфера и од новинарите тешко може да се очекува да бидат „чувари на јавниот интерес и демократијата“. Сепак, формалното високо образование може да придонесе за менување на состојбите, пред се, со воведување на повеќе „релевантни“ предмети (поврзани со она што се случува на макро ниво) во програмите по новинарство, но и со спроведување тренинзи и работилници преку кои студентите ќе се подготват за унапредување на демократијата. На тој начин ќе разберат дека да се биде новинар не е обична работа:

**„Тоа е одговорност, општествена одговорност. Тоа не е како другите професии. Но, повеќето студенти не ја разбираат одговорноста која новинарите ја имаат во чувањето на демократијата.“**[39]

Во суштина, образованието и образованите луѓе можат да придонесат и да работат подобро за развој на демократијата. Истото се однесува и на новинарството. Односно, „... доброто новинарство работи за демократијата, а лошото новинарство работи против демократијата“.[40] Оттука, добрите училишта, добрите студии, доброто образование се добри за развој на демократските процеси.

38 Извештај на Фридом Хаус за независност на медиумите во 2016 година, достапно на: https://freedomhouse.org/report/freedom-world/freedom-world-2016
39 Интервју со Ррапо Згури, Универзитет во Тирана
40 Интервју со Ремзи Лани, директор на Албанскиот институт за медиуми.

Од друга страна, навлезеноста на политиката во медиумите ги тера младите новинари и студентите да помислат дека политичкото новинарство може да им донесе добар профит. Дури, некои од нив мислат дека доколку не си близок до одредена политичка партија не можеш да очекуваш светла иднина. Токму тоа ги спречува да работат етички и, наместо тоа (според повеќето интервјуирани), одбираат да се прилагодат на условите и да „замижат“ кога од нив се очекува да сторат нешто што е спротивно на востановените етички принципи и правила, на пример, оние наведени во Етичкиот кодекс на новинарите во Албанија.

Во ***Босна и Херцеговина*** за стручната јавност, не само формалното, туку и неформалното новинарско образование можат да влијаат врз демократските процеси во државата. Но, исполитизираноста на медиумската сфера спречува тој потенцијал за влијание да може да се реализира, бидејќи „... поголемиот дел од медиумите се под политичка контрола, ... не само порталите, туку и националните телевизии кои директоно зависат од политиката.“[41] Односно, „...медиумите се продолжена рака на власта и во Босна веќе не е еден еднопартиски туку три еднопартиски системи, со свои новинари,“[42] (гледано според тоа што Босна е држава на три конститутивни народи). Политизацијата е присутна и на универзитетите и „...има многу наставници кои се вклучени во политичкиот живот, а притоа нивниот ангажман во академијата не престанува.“[43] Всушност, политизираноста е присутна во сите нивоа од образовниот процес во Босна. „Кај нас образовниот систем е директно под влијание на политиката. Значи, од децата од основно образование прават политички пиони.“[44]

Според стручната јавност, новинарството треба да биде четврт столб на демократијата, а така треба да се однесуваат и факултетите и студентите. Во медиумите демократските процеси ги загрозува капитализмот и се што тој носи со себе, бидејќи се се комерцијализира. Односно, сега се бара жолт печат, таблоиди. Тоа ја отапува острицата на народот и ги блокира другите информации. Дури:

**„...кога студент ќе дојде во редакција, тој е веќе душевно купен... знае што се продава – сензација. Ние ги упатуваме студентите кон значењето на тие процеси во општеството... дека медиумите се многу одговорни за она што го објавуваат. Но, ние се уште, за жал, сме во транзиција. А треба да се работи на општествената свест.“**[45]

Сепак, иако факултетите не успеваат многу да придонесат кон поголема демократизација во општеството, постои потенцијал кој може да се „имплементира“ преку едукативни мерки. „Треба да се едуцира за демократија и за корупција. Да се учат младите да се борат против корупција за свои права. Образованието засега не помага во тоа.“[46]

41 Интервју со Рубина Ченгиќ, магазин
42 Интервју со Вук Вучетиќ, Факултет на Источно Сараево
43 Интервју со Лејла Турчило, професор на Факултетот за политичк науки при Универзитетот во Сараево
44 Интерјув со Раденко Удовичиќ, директор на МедиаПлан Институт и професор на Универзитетот во Мостар.
45 Интервју со Вук Вучетиќ, виши асистент на Универзитетот на Источно Сараево.
46 Ибид.

Во ***Косово*** новинарското образование може да влијае врз демократските процеси преку соодветно образование на идните новинари. „Ако студентот е правилно едуциран да се бави со истражувачко новинарство, понатаму ќе открива корупција, када и како се појавува, и ќе ги открива луѓето кои се корумпирани.“[47] Но, тука, меѓу другото, проблемот е и во „политизација“ на Универзитетите што ги спречува да влијаат врз демократските процеси во државата. Универзитетите би можеле да влијаат, но не е така.

„Тоа е тажната вистина. Ако некој е интелектуалец, магистер или доктор на науки, професор, би требало да има проактивна улога во општеството и да придонесува кон промени и кон процес на демократизација, но за жал, универзитетите се обично под влијание на власта, и професорите гледаат само да ја ззавршат својата работа и да земат плата, а многу не ги интересира што се случува во општеството.[48]

Оддука, не може да се очекуваа ни посебно влијание ниту од младите новинари ако факултетите продуцираат кадар кој не е подготвен да го штити јавниот интерес. „Не се посветува многу внимание на тоа да се направат новинаите слуги на јавниот интерес кои ќе се борат за еднаквост и правда.“[49] Во исто време, ниту новинарите ниту медиумите не се доволно свесни за нивната улога во општеството. Тоа „... се гледа по уредувачката политика – секоја чест на исклучоците – но, медиумите не се свесни која е нивната улога, на кој начин ќе се прими информацијата та што тие ја пренесуваат и објавуваат во одреден контекст“.[50]

Во ***Македонија*** формалното образование се смета како неспорен фактор врз демократизацијата на општеството. Тоа влијае на препознавање на општествените феномени, појави, разоткривање и разобличување на различни појави на криминал, корупција, непотизам, погрешни матрици во политичкото однесување, дискриминизација во општеството. Односно, само едуциран кадар може да ја едуцира јавноста и „ништо не може повеќе да инструментализира од сопственото незнаење, а паметните луѓе потешко стануваат робови“.[51] Сепак, тоа не значи дека образованието, само по себе, може да доведе до демократизација:

**„Може да создаде послободоумни индивидуи, покритички настроени, вооружени со повеќе алатки за професионално да си ја извршуваат својата професија,... со интегритет, но ако тие отидат во редакција која има пропишано различни непрофесионални новинарски стандарди ќе се судрат со овој свет и не можат да победат. Таму ќе бидат црна овца...“**[52]

Но, прашање е дали и колку факултетите по новинарство „соодветно“ ги едуцираат идните новинарски кадри. Забелешките се дека тие не успеваат да изградат „модел“ кој што ќе продуцира кадри способни

47 Интервју со Анамари Репиќ
48 Интервју со Сања Соврлиќ, новинарка
49 Интервју со Насер Мифтари
50 Ибид.
51 Интервју со Јасна Бачовска, раководител на катедрата по новинарство на Правниот факултет во Скопје.
52 Интервју со Зоран Димитровски, главен и одговорен уредник на неделникот Фокус и предавач на Високата школа по новинарство и односи со јавноста

да работат во демократско општество, бидејќи „се релативизира слободата на медиумите, се релативизира демократската улога на медиумите, слободата на изразување“.[53]

Во ***Црна Гора*** на универзитетското образование се гледа како на еден од лостовите за воспоставување на демократско општество во државата, но, отсуствува она најважното, стимулирањето на критичкото размислување. Дилемите се бројни. Ако професорите критички не размислуваат, „критичко мислење не може да се очекува ни од студентите, немаат од кого да учат“.[54] Но, и кога студентите ги учат на критичко размислување, кога тие ќе дојдат во редакциите веднаш се соочуваат со бројни притисоци (политички, економски, егзистенцијални), и малкумина ризикуваат и се борат за некои свои идеали. Во општеството има само траги од новинарство, а се останато е пропаганда, маркетинг, спини, конгломерат кој збунува и дезориентира, кој служи за замолчување на граѓаните. А во Црна Гора расте ваквиот број на медиуми кои ја уназадуваат демократијат. Оттука и прашањето, како новинарите да се поттикнат критички да мислат, а камоли критички да пишуваат кога не поминуваат најобична обука за тоа како да напишат вест:

**„Акцентот е на теоретско изучување на книги и стари теории од 50/60-тите години што подразбира медиуми без желба да се развива критичка свест. Тоа е оставено за подоцна на самиот поединец. Ако некој сака тоа да го одработи, од него ќе стане добар новинар, но само благодарени на неговите напори.“[55]**

Нема дилема, доколку Универзитетот и медиумите се доволно силни и меѓусебно поврзани и работат во јавен интерес, тие можат многу да влијаат на општествените процеси. „Тоа би значело да имаме независни медиуми, независно критичко мислење, повеќе слобода, повеќе права.“[56] Целта е јавниот интерес, а не нивно претварање во машини кои ги следат политичките партии или нивните програми. Се разбира, медиумите можат да имаат уредувачка политика наклонета кон одредена политичка партија. Но, тоа не значи дека политичката партија го одредува нивниот професионализам. „Тие мораат да бидат објективни, вистинити, навремени и во таа смисла да влијаат на демократските процеси.“[57]

Во ***Србија***, според мнозинството соговорници, новинарското образование може да влијае врз подобрување на демократските процеси во земјата и тоа на повеќе начини. Пред се, преку квалитетно образование, односно истражувачка работа како многу важна компонента. „Ако наставниците и факултетите немаат истражувачки проекти од

53 Интервју со Сефер Тахири, доцент на Универзитетот на Југоисточна Европа, Тетово.
54 Интервју со Маријана Цамовиќ, претседател на Синдикатот на медиумите во Црна Гора.
55 Интервју со Аида Рамусовиќ, директор на невладината организација „Номен“.
56 Интервју со Ѕвездан Вукановиќ, визитинг професор на Факултетот по политички науки во Подгорица.
57 Интервју со Дејан Лучиќ, хонорарен соработник на Факултетот за политички науки во Подгорица.
58 Интервју со Снежана Миливојевиќ, професор на Факултетот по политички науки во Белград

кои црпат нови знаења... на основа на што ќе отвараат нови програми... тие нема да бидат иновативни.“[58] Потоа, со истражувања на состојбите во медиумите, како и со истражувачка работа која може да помогне во креирање на медиумската политика. Исто така, значаен фактор е и таканаречената „симболична елита“ составена од предавачите и професорите на факултетите. „Тие ги пренесуваат своите ставови и уверување кон целните групи и со тоа, всушност, можат да формираат еден дискурс што може да биде демократски, но и не мора. Ако професорскиот кадар е тој што негува плурализам и мултикултурен пристап, тогаш и студентите во тој правец ќе се развиваат, а ако не ќе го добиеме обратното. Затоа се важни тие симболички елити. Универзитетските професори и новинарите се во првиот ешалон на тие симболички елити.“[59] Односно,

**„...тие ги подготвуваат студентите слободно да мислат, да можат слободно и критички да се однесуваат кон своето опкружување, а не да создаваат политички агитатори“.[60]**

Дури се смета дека, факултетите „мораат“ да влијаат на демократски процеси и медиумските права и слободи. Тоа им е работа. „Ако ти се бавиш со политички науки во смисла да ги перцепираш општествените и медиумските аномалии, твоја обврска е со тоа да се бавиш... да работиш истражувања на таа тема. Треба да се трудиш да ја следиш медиумската заедница за со своето искуство на студентите да им помагаш да најдат начин оваа професија да ја направат подобра. Улогата на професионалниот кадар на факултетот е да им помогне на студентите, да им ја отворат вратата за да можат потоа сами да го најдат својот пат.“[61] Но, присутни се и мислења дека факултетите по новинарство служат само за базично образование, а неформалното образование е тоа што треба да ја играат улогата во подучување на студентите или младите новинари за демократските процеси, човековите права и слично. „Тоа што може да биде корисно е едукација на новинарите за различни видови на известување за човековите права, да учат од искусни луѓе од граѓанскиот сектор и други професионалци кои имаат познавање.“[62]

59 Интервју со Дубравка Валиќ Неделковиќ, проферос на Филозофскиот факултет во Нови Сад.
60 Интервју со Драгана Бјелица, Здружение на новинари на Србија
61 Интервју со Јелена Јевтиќ, предавач на Факултетот за политички науки во Белград.
62 Интервју со Јована Полич

II

# РЕГИОНАЛЕН ПРЕГЛЕД НА НОВИНАРСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Новинарското образование во земјите од Југоисточна Европа го карактеризира слична академска традиција, но и кратка историја на организирање на новинарските студии (особено во Албанија, Косово и Црна Гора). До 90-тите години новинарство можеше да се студира само на неколку факултети (Србија, Босна и Херцеговина и Македонија), а денес има вистински „бум“ (бројка од 28 факултети и школи по новинарство) и големо „шаренило„ на студии и студиски програми по новинарство. Најбројни се во Босна и Херцеговина (десет), а најмалубројни во Црна Гора (само еден). Речиси

секаде покрај стандардното новинарско образование на државните универзитети во рамките на правните, филозофските и факултетите за политички науки како посебна студиска насока, како „конкуренција“ е приватното, препознатливо по називот на факултетите и „иновативните“ програмски содржини. Односно, самото име на факултетот јасно укажува на она што се изучува, на пример факултет за новинарство и комуникации, за масовни комуникации и новинарство или за медиуми и комуникации. Заедничко за сите е што новинарството никаде не егзистира како самостојна универзитетска единица, туку како дисциплина во рамките на факултетите од општествените науки, или факултетите за медиуми и комуникации.

## 2.1.

## Албанија

***а) Универзитетското образование на новинарите***

Албанија спаѓа во групата на земји без консолидирана традиција на новинарско образование. Првите студии по новинарство во социјалистичка Албанија стартуваат во 1962 година на Факултетот за правни и политички науки во Тирана според таканаречен „советски модел“, но по десет години ќе бидат затворени. Дваесет години подоцнаа, во 1992 година, со општествено-политичките промени во Албанија, ќе се возобноват студиите по новинарство, но на Факултетот за историја и филологија, пред се како нужна последица на порастот на бројот на медиуми и потребата од новинарски кадар. Во конципирањето на програмата на студиите ќе учествуваат повеќе меѓународни организации. Неколку години потоа (1997 година) ќе бидат формирании уште две катедри по новинарство на Универзитетите во Скадар и Елбасан. Денес во Албанија новинарството се изучува на пет факултети, три државни и два приватни. Сите работат според ЕКТ системот со тригодишни додипломски и двегодишни последипломски студии, но само три (два државни и еден приватен) организираат последипломски студии. Она што е карактеристично, студиите по новинарство се во рамките на факултетите за општествени или хуманистички науки (факултет за историја и филологија) и сите имаа студии по новинарство или новинарство и комуникации.

**Организација на високото образование.** *Државниот Универзитет во Тирана, на Факултетот за историја и филологија* на студентите им „нуди“ три насоки – политичко новинарство, економско новинарство и социјално-културно новинарство, но во програмите речиси не пости никаква разлика, освен кај мал број изборни предмети. Од друга страна, доминираат теоретски и практични новинарски предмети. Така:

- **Во прва година на сите насоки се изучуваат: theoretical models of communication, lingvistic culture, media history, basic writing in newe reporting, agency journalism, basics of semiotics, introduction of political communication, media research methods, writing news reporting in the print and web, media designe and layout.**

- **Во втора година: epistemology communication/analysis of film language, editing media, media genres, grammer for journalists, the news in the audiovisual media, processed photographic illustration, online journalism, investigative journalism, radio and television journalism, sociology of communication.**
- **Во трета година: media landscape in Albania, media in diplomacy, TV journalism, radio journalism, multimedia and editing in TV, editing in multimedia and radio.**

Што се однесува до изборните предмети, во насоката политичко новинарство се избира меѓу political parties, modern history, civil society and public spaces or publicity campaigns, на економско новинарство меѓу theories of economic, management basic or marketing basics, а на насоката социо-културно новинарство меѓу anthropology, genre film, criticism art or photo media. Етиката е задолжителен предмет и се изучува во трета година. Сите студенти, во секој семестар имаат задолжителна пракса, а во трета година и printing workshop, public relations workshop for journalists and news media workshops.

Државнот *универзитет „Александар Цувани“* во Елбасан на *Факултетот за општествени науки* има студии по „литература и новинарство“ во траење од три години. Во програмата доминираат комуниколошко-новинарски предмети, а од општо-образовните оние од областа на литературата. Етиката во медиумите е задолжителен предмет на факултетот, а исто така е предвидена и пракса во медиумите. Студентите ги изучуваат следните предмети:

- **општо-образовни: албанска литература, историја на албанскиот народ, културна антропологија, етно лингвистика, географија на Албанија, историја на филозофија, граматика на албанскиот јазик, историја на цивилизациите, светска книжевност, современа историја**
- **комуниколошки: социологија на комуникациите, вовоед во комуникациските науки, вовед во теоријата на медиумите, медиуми и литература, компјутери и медиуми, јавни комуникации, глобални медиуми, нови медиуми, истражувања во медиумите, реторика, забава во медиумите, семиотика**
- **новинарски предмети: основи на пишување, пишување за медиуми 1 и 2, онлајн медиуми, основи на фотографија и филм, радио новинарство 1 и 2, публиката и медиумските ефекти, ТВ новинарство 1 и 2, пишвање и новинарско известување.**

The third state *University of Shkodra „Luigj Grakuqi“, на Факултетот за странски јазици*, меѓу другите гранки (психологија, социјална работа, информатика) од 2006 година започнува и со додипломски студии по „новинарство и комуникации“.

*Универзитет Њу Јорк во Тирана* (UNYT), формиран во 2002 година како дел од Њујорк колеџ мрежата на образовни институции е прв приватен универзитет во Албанија. Универзитетот организира и триго-

дишни студии по „комуникации и новинарство“. Во програмата речиси подеднакво се застапени општо-образовните и комуниколошко-новинарските предмети. Студентите ги изучуваат следните предмети:

- **општо-образовни: Social Psychology, US History, World History, World Civilizations, Art History, Computer Applications, Sociology, Cultural Antropology, Introduction to Political Science and Comparative Politics, Introduction to International Relations, Intro to Microeconomics, Intro to Macroeconomics,**
- **комуниколошко-новинарски: Introduction to Mass Communication and Media, World News in Historical Persspective, Intro Speech Communication, Advanced Speech Communication, Introduction to Journalism, Mass Communicatio and Society, Advanced Research Writing, Mass Media Writing, Public Relations, Advanced Public Relations, Advertising.**

Како изборни предмети се нудат: Communications Analysis and Decisions, Theories of Human Communicatio, Advanced Electronic and Print Juornalism, The Television Environmental, Research Methods in Social Sciences, Исто така, изборен предмет е и Ethics and Law in Communication and Juornalism, а тука спаѓа и праксата.

На вториот приватен Универзитет Бедер, во студиите по новинарство се во рамките на *Факултетот за хуманистички студии*. Програмски, на додипломските тригодишни студии речиси рамномерно се застапени општо-образовни и комуниколошки предмети на сметка на новинарските. Во структурата се застапени:

- **општо-образовни предмети: Social Psychology, Introduction to Sociology, History of Albania, Basic Informatics, Constitutional Law, Introduction to Political Science, Public Law, Research Methods and Academic Writing и**
- **комуниколошки предмети: Introduction in Mass Communication, Public Relation, Media History, Communication Theories, Economic Journalism, Communication Philosophy, Bases of Semiotics, Media Marketing,**
- **новинариски предмети: News Writing and Reporting, Introduction to Speech Analysis, Public Speaking, Interviewing.**

Медиумската етика се изучува во трета година, а тогаш е предвидена и професионална пракса. Затоа пак, предметите како Print and Online Media, Organization Communication, Intercultural and Interpersonal Communication, History of Civilizations, Introduction to International Relations, Integration History and EU Institution, History of Political Thought спаѓаат во категоријата на изборни. На двегодишните постдипломски студии, дел од задолжителните и изборните предметите се повторуваат од додипломските. Студените изучуваат Advanced Research Methods 1 and 2, Political Marketing – Tools, Techniques, Strategies, Aesthetic Thought and Relationship with Art, Media and Politics, Identies and Mass Communication, Media and Ethics, Communication and Managenet of

institution Brand Identity, Epoch and Intercultural Brand, Media Marketing, Translation Theories, News, Power and Truth Relationship,

**Квалитетот во високото образование.** Стручната јавност има поделени ставови за состојбата на новинаското образование во Албанија. Најнапред, присутна е дистинкција помеѓу образованието што го нудат државните, наспроти приватните универзитети. Според професорите на државните универзитети, тие нудат повисок квалитет на образование за новинарите. Истот за себе го тврдат и професорите на приватните универзитети, аргументирајќи го тоа со честите ревизии и проверки од надлежните институции на државата, но и негодуваат што Министерството за образование ги фаворизира државните универзитети. Од друга страна, различни се ставовите и за квалитетот на образованието. За едни, во последниве две децении, формалното новинарско образование во Албанија константно се подобрува, додека за други се уште се потребни промени (реформи) за да се произведе новинарски кадар подготвен да се втурне во медиумската „машинерија“. Потребата од промени се однесува како на програмите и нужноста од имплементација на студиски програми дизајнирани според практиките на најдобро рангираните универзитети во светот (како Универзитетот Џорџ Таун, Колумбија Универзитетот, Универзитетот во Њу Јорк), така и на кадарот, особено во однос на ангажманот на квалитетни part-time професори. Иако „... во последниве неколку години има подобрување во програмата и ангажирањето квалитетен професорски кадар“[63], останува констатацијата за отсуство на волја и ангажма за спроведување на сериозни реформи во новинарското образование.

Факултетите, исто така имаат проблем при реализацијата на задолжителната новинарска пракса на студентите во медиумите. Тие се обидуваат да воспостават соработка со медиумската индустрија за да им овозможат на студентите практична работа во редакциите. Но, соработката не е на задоволително ниво: „Имаме проблем со стажирањето на студентите во медиумите ... и кога тие ќе пристигант во медиумите, не се вклучени во процесот на работа во весникот, радиото или телевизијата, туку само набљудуваат од страна.“[64] Како главна причина за тоа се наведува недоволниот број на ресурси во медиумите за да им посветат неопходно внимание на студентите, односно, поради кризата, медиумите ги скратуваат човечките ресурси и имаат помалку работен простор за своите вработени. Во исто време, иако факултетите ангажираат новинари, уредници и главни уредници во наставата, се уште се нагласува потребата од вклучување на поголем број искусни гости-предвачи бидејќи на тој начин студентите од „прва рака“ можат да слушнат со какви тешкотии и предизвици секојдневно тие се соочуваат во редакциите. Тоа не ја намалува улогата и вредноста на професорите кои предваат на факултетите, но факт е дека тие „сиот свој живот се професори и никогаш немаат практикувано вистинско новинарство на терен“[65].

63 Интервју со Ремзи Лами, директор на Институтот за медиуми во Албанија.
64 Интервју со Марк Марку, раководител на одделот за новинарство и комуникации при Универзитетот во Тирана.
65 Интервју со Ерјона Руси, новинарка во Report TV.

*б) Неформалното новинарско образование.*

Албанија има мал број невладини организации чија активност е насочена на тренинзи и обуки на новинари и медиумски работници. Најактивни во оваа сфера се две невладини организации, Албанскиот институт за медиуми и БИРН Албанија. *Албанскиот институт за медиуми*, формиран во 1995 година, е еден од најважните новинарски тренинг институции, не само во Албанија, туку и на Балканот. Неговата дејност освен обуки за новинари, опфаќа и организирање на семинари, дебати, истражувања во областа на медиумите, мониторинг на медиумите, издавачка дејност. Тој има организирано бројни обуки, но темите или прашањата се менуваат согласно промените на приоритетите на меѓународните донатори во регионот. Така, ако пред петнаесет години се спроведуваа „...три или четири тренинзи по етика неделно, сега има толку тренинзи во една недела, но по истражувачко новинарство или пристап до јавни информации.“[66] *БИРН Албанија*, како членка на мрежата невладини организации на Балканот, е насочена на поддршка на развојот на високо квалитетно новинарство и граѓанско општество, и со тоа придонесува за развој на демократијата. И таа активностите ги има насочено, пред се, на терниниз за истражувачко новинарство.

**Соработка универзитетско-алтернативно образование.** На работилниците и тренинзите што за новинарите ги организира невладиниот сектор се гледа како на важна алка во процесот на едуцирање на младите албански новинари и општо на развивање на вештините на новинарите во Албанија. Но, различна е практиката на соработката со Универзитетите. Од една страна, Институтот за медиуми има одлична соработка со државниот универзитет, работи со активни новинари и никогаш не ги исклучува студентите. Таква е и неодаменешната лабораторија за истражувачко новинарство за студентите по новинарство поддржана од амбасата на САД, на која студентите „ги учат дека понекогаш не треба премногу да ‘копаш’ по податоци од причина што податоците се веќе тука, само треба да ги споиш“.[67] Од друга страна, приватните универзитети повеќе се насочени на медиумите каде нивните студенти обавуваат пракса, па дури и по стажирањето обезбедуваат работен ангажман.

Но, поголем дел од соговорниците од академската заедница се скептични во однос на улогата на невладиниот сектор во новинарското образование. Забележуваат како на начинот, така и на структурата на тренинзите што ги спроведуваат, заборавајќи дека „денес новинарите во Албанија имаат различни потреби од пред 20 години“.[68] Исто така, се посочува и на непрофесионалните практики кои невладините организации ги применувале до пред неколку години: „Им одеше во прилог да велат дека факултетите по новинарство не функционираат како што треба бидејќи им требаа инвестиции за да спроведуваат тренинзи.“[69] Сепак, денес има многу

66 Интервју со Ремзи Лани, директор на Институтот за медиуми во Албанија.
67 Интервју со Ерјона Руси, новинарка во ReporTV
68 Интервју со Марк Марку, раководител на одделот за новинарство и комуникации при Универзитетот во Тирана.
69 Ибид.

помалку тренинзи од порано, а како една од главните причини за тоа се промените на трендовите на финансирање од меѓународните донатори.

Сепак, останува констатацијата дека „нефоралното и формалното образование можат да коегзистираат и дека едното природно го надополнува другото“.[70] Освен тоа, новинарските тренинзи се мошне корисни, особено ако се има предвид дека медиумите во Аланија многу ретко, ако воопшто, спроведуваат in-house тренинзи за своите новинари. Причината за тоа се слабите финансиски и човечки ресурси во медиумите поради што не можат да си дозволат организирање на работилници и тренинзи за работниот кадар „Тоа е голем трошок за медиумските сопственици.... иако би било одлична инвестиција за нивниот медиум.“[71] Но, прашање е дали медиумите не можат да си го дозволат тоа, или едноставно не сакаат да инвестираат во тренинзи. Тие „...трошат милиони евра на модернизација на опремата и технологијата, а ниту еден цент на тренинг...“[72] Во исто време, ни новинарите не се многу заинтересирани за професионално усовршување затоа што сметаат дека нема да им биде од голема полза. „Не е дека не постојат тренинзи, туку нема голем интерес од новинарите.“[73]

***в) Предизвици на новинарскот̅о образование.***

Албанскиот медиумски пазар е „пренатрупан“ со печатени и електронски медиуми. Голем број од нив не можат да преживеат поради лошата економска состојба во државата, а новинарите се почесто размислуваат за промена на професијата, пред се, во односите со јавноста. Ако пред десет години немаше невработен новинар, денес има многу невработени новинари, што директно влијае и на изборот на младите за студиите по новинарство. Односно, „...ако во почетокот на 2000-та имаше голема побарувачка за студиите по новинарство, денес е обратно...“[74]

Сепак, ако има „надеж“ за иднината на новинарството, „...тоа треба да се базира на формалното образование, како и на школите по новинарство кои даваат основи на професијата. Ако новинарите доаѓаат од други сектори, тие пропуштаат многу важни делови на професијата.“[75] Односно, стручната јавност е согласна дека, како што формалното образование е од полза за новинарската професија, голема корист има и од неформалното во форма на тренинзи и доусовршување. Но, потребни се промени во наставните програми. И на државните и на приватните универзитети недостасуваат базични вештини на младите новинари, пред се, читање и пишување. Денешните студенти и новинари се посредници до јавноста и треба да имаат длабоки познавања за различни теми, а за тоа е потребно да читаат (но не само задолжителна студиска литература). На тоа се надоврзува и вештината на пишување која во текот на студиите треба да се развива токму преку пракса:

70 Интервју со Ремзи Лани, директор на Институтот за медиуми во Албанија.
71 Интервју со Ерјона Руси, новинарка во Report TV.
72 Интервју со Лутфи Дервиши, новинар и обучувач.
73 Интервју со Бесар Ликмета, уредник во БИРН Албанија.
74 Ибид.
75 Интервју со Рапо Згури, ......

**„Нека напишат сторија, или написˏ нека грешат, па потоа нека им се покаже каде точно згрешиле и како истото да го направат подобро, наместо само да им се чита и кажува што рекол некој поранешен пофесор по новинарство.“[76]**

Исто така, програмите треба повеќе да се ориентираат на новите технологии и новите медиуми, но да не се заборават и теоретски знаења за човековите права, слободата на говорот, слободата на медиумите, како и знаењата за професијата и за новинарството. Исто така, недостасува и повеќе пракса отколку што во моментот организираат универзитетите. Само така студентите по нивното дипломирање можат да бидат подготвени за работа во редакциите. Дури, се предлагаат и подолги периоди на практична настава: „Студентите би можеле една година да изучуваат теорија, потоа една година пракса, и во последната година повторно теорија. На тој начин, тие ќе знаат што ги очекува и ќе можат подобро да ја осознаат својата идна професија.“[77]

76 Интервју со Алфред Лела, директор на МАПО, Тирана.
77 Интервју со Лутфи Дервиши, фриленсер новинар и предавач

## 2.2.

## Босна и Херцеговина

***а) Универзитетското образование на новинарите***

Босна и Херцеговина е „лидер“ во регионот по бројот на факултети на кои може да се стекне новинарско образование. На идните студенти на располагање им се десет институции за едукација во професијата, пет државни и пет приватни од кои осум факултети и два колеџи. Новинарството на државно ниво се изучува на факултетите за политички науки и филозофските факултети, додека приватните се јасно дефинирани како факултети за медиуми и комуникации или за новинарство и комуникологија. Едно од објаснувањата за ваквиот „бум“ на факултети може да се припише на големиот број медиуми во земјата и потребата од новинарски кадар. Но, сложениот систем на управување во државата, децентрализацијата на образовниот сектор, несомнено „продуцира“ различни образовни политики и фрагментација на универзитетското новинарско образование (КАС, 2014:12). Прва институција за едукација на новинари е Факултетот за политички науки на државниот Универзитетот во Сараево, формиран во 1971 година (на барање на Радио телевизија Сараево и новинарската куќа Ослобоѓење). Петнаесет години подоцна, со студии по новинарство стартуваат Филизофските факултети на Универзитетите во Тузла и Бања Лука (формирани во 1998 година), Педагошкиот факултет на Универзитетот во Мостар (формиран во 1997/98) и првиот приватен Комуниколошки факултет во Бања Лука (формиран 2000. година).

**Организација на високото образование.** Најстарите студии по „новинарство/ комуникологија“ се на *Факултетот по политички науки на државниот Универзитет во Сараево.* Студиите, од формирањето, први поголеми промени доживуваат во 1992 година, а подоцна и уште неколу. Денес програмата (од 2015/2016 година) на додипломските студии „балансира“ помеѓу:

- **комуниколошки: општа комуниколгија, историја на комуницирање, теорија на медиуми, теорија на информации, деловно комуницирање, современи комуникациски системи, маркетинг на мас медиуми, односи со јавноста, медиумска регулатива, новинарска публицистика,**
- **новинарски: радио новинарство, новинарска стилистика, печатено новинарство, онлајн новинарство, тв новинарство, реторика и култура на говор**
- **општо-образовани предмети: вовед во социологија, вовед во филозофија, политички сисем на БиХ, историја на цивилизација, меѓународни односи, демографија, методологија, политички партии и интересни групи.**

Етиката како предмет - „етика на јавниот збор“ се изучува во втора година, а задолжителната пракса во последниот (шести) семестар од студиите. Од друга страна, постдипломските студии по новинарство, повеќе би можеле да се дефинираат како комуниколошка специјализација (особено со предметите современи комуниколошки теории, методологија, медиуми и политика, социологија, медиумска култура, медиуми и општеството, основи на пропаганда), но има и предмети, кои, несомнено, би требало да бидат дел од додипломската настава (јавно мислење, истражувачко новинарство).

Судиите по новинарство на *Филозофскиот факултет на Универзитетот во Тузла*, како полмалда образовна институција, не го носат бремето од претходниот политички систем, што директно се рефлектира и на програмата. Студиите се организирани по принципот 4+1. Додипломските четиригодишни студии (програма од 2015/16 година) доминантно се фокусирани на теоретско-практична новинарска едукација (80 проценти од целокупната програма), а општо-образованите предмети се сведени на „нужен“ минимум и концектрирани во првата студиска година. Застапени се сите специјализирани новинарски предмети, но и предмети мошне значајни за оваа професија, како медиумска писменост и граѓанско новинарство. Етиката се изучува во трета година. Во структурата на програмата се застапени:

- **комуниколошки: вовед во комуникологија 1 и 2, теорија на информации 1 и 2, медиумска писменост, современи системи на јавно комуницирање, медиумска политика, говорна комуникација, вовед во односи со јавноста, интерперсонална комуникација, интеркултурна комуникација, управување со односи со јавноста, деловна комуникација, медиумски менаџмент, политичка комуникација,**

- **новинарски: пишување за медиуми 1 и 2, основи на печатените медиуми, новинарска фотографија, новинарство во печатени медиуми, основи на радио, комуникологија на онлајн медиуми, радио продукција, граѓанско новинарство, радио новинарство, веб новинарство, агенциско новинарство, основи на телевизијата, истражувачко новинарство, телевизиска продукција, телевизиско новинарство, тематско новинарство:самостоен проект,**
- **општо-образовани предмети: вовед во политикологија, современ босански, хрватски, српски јазик, социологија 1 и 2, политички систем на БиХ, социологија на БиХ општество, методологија на општествени истражувања (со изборни предмети социјална психологија, социјална политика, културни студии, економска политика, политичка филозофија, цивилно општество) .**

По завршување на едногодишните постдипломски студии, студентите добиваат диплома „магистар по новинарство“. Во програмата се застапени комуниколошки предмети: современи комуниколошки теории, комуникологија, корпоративно комуницирање, методологија на комуниколошки истражувања, а се изучува и етика на јавното комуницирање.

*Филизовскиот факултет во Мостар* организира тригодишни додипломски и двегодишни постдипломски студии по новинарство. На додипломските студии 25 отсто од предметите се општо-образовни, а 75 отсто комуниколошко-новинарски. „Новинарска етика“ се изучува во трета година. Структурата на предметите е следна:

- **комуниколошки: комуникологија, вовед во науката за новинарство, хрватски јазик – јазични вештини, политичко комуницирање, основи на култура на изразување, корпоративно комуницирање, медиумско право, односи со јавноста, теорија на правото и компаративен преглед на законот за јавно комуницирање,**
- **новинарски: агенсциско новинарство, хрватски јазик и новинарска стилистика, конвергенција на медиумите, истражувачко новинарство, нови медиуми,**
- **општо-образовани предмети: информатика, политички системи, преглед на историјата на филозофија, научна методологија, современа историја на БиХ и Хрватска, филозофска антропологија и етика, меѓународни политички односи.**

На листата на изборни предмети, освен оние од групата на општо-образовни (како историја на религија, историја на средна и југоисточна Европа во 19. и 20. век, политичка филозофија, вовед во теоријата на државата и правото) и комуниколошки (како социологија на медиуми, теорија на судири и информатичко војување, политика и интернет, реторика, медиуми и насилство), има и мошне значајни новинарски предмети, како техники на пишување во новинарство, основи на онлајн новинарство, фото новинарство, историја на новинарството, медиуми и родови улоги, јавен настап.

На постдипломските студии речиси исклучиво се изучуваат комуникациско-новинарски предмети, како методи и техники на истражување на јавното мислење, интернет комуникации, радио 3 – новинарска пракса, телевизија 3 – новинарска пракса, интерперсонално комуницирање, медиумите во процесот на глобализација, медиумска аналитика, медиумска семиотика, холистичко комуницирање. Како изборни предмети се нудат: теорија на масовни медиуми, деловна на комуникациска етика, потпаролство, политички односи со јавноста, класични теории на општествениот развој, современи теории на општествениот развој, политичка историја, идентите и имиџ на државата (а се избираат четири, по еден во секој семестар).

Студиите по новинарство на *Филозофскиот факултет на Универзитетот во Источно Сараево* се реализираат како четиригодишни додипломски и едногодишни постдипломски. На додипломските студии, речиси рамномерно се распоредени општо-образовните и комуниколошките предмети, додека за новинарските предмети е оставен многу мал простор. Во структураа се застапени предметите:

- **општо-образовани: вовед во филозофија, вовед во социологија, основи на економија, современа филозофија, политикологија, политички систем на БиХ-РС, современа историја, социјална психологија, социологија на култура и религија, политичка култура, психологија на маркетингот, социјална политика, економски систем на Бих-РС, европски интеграции, меѓународни односи и**
- **комуниколоки: вовед во комуникологија и информирање, теорија на медиуми, историја на новинарство, системи на информирање на БиХ – РС, стилистика и култура на говор, историја на српската култура, јавно мислење, методологија на комуниколошки истражувања, односи со јавноста, социологија на масовни комуникации, пропагандно комуницирање, правна регулација на медиумите, медиуми и политика, управување со медиумите,**
- **новинарски: методи и техники на новинарство, новинарство и печатени медиуми, новинарство и електронски медиуми, истражувачко новинарство, медиумска писменост.**

Во програмата има и предмети кои речиси не се среќаваат во ваков тип на студии, како социјална патологија, политичка географија, литературна и театарска критика, вовед во литература. Задолжителната пракса е во трета и четврта година во агенции, нови медиуми, радио и телевизија, а етиката - „новинарската деонтологија“ во четврта година. Постдипломските студии имаат две насоки - „новинарство“ и „комуникологија“ со исти задолжителни предмети (теорија на комуникации и култура, методологија на научна работа и јазик во медиумите), а останатите, до исполнување на задолжителните 60 кредити, се избираат за секоја насока одделно. За новинарство тоа се: политички односи во БиХ, новинарски документарни форми, современо истражувачко новинарство, интересни групи и лобирање, глобализација и национа-

лен идентитет, медиуми и општество, анализа на медиумите, медиуми, новинарство и јавност. Изборни се и новинарската пракса за онлајн новинарство и фотожурнализам.

Наставата на студиите по новинарство и комуникологија на *Факултетот по политички науки на Универзитетот во Бања Лука*, исто така, е организирана по принципот 4+1. Програмата на додипломските студии е така конципиранана што најнапред, во прва година акцентот е на изучување на општо-образовни предмети (вовед во политички науки, вовед во филозофија, вовед во социологија, вовед во социјална политика, основи на економија, основи на право, современа историја и основи на психологија), и само еден комуниколошки (вовед во комуникологија и информирање), а во останатите три години доминираат комуниколошки и новинарски (со повеќе од 60% од вкупниот број предмети), а најбројни се новинарските:

- **новинарски предмети: радио новинарство, новинарство во печат, телевизиско новинарство, агенциско новинарство, истражувачко новинарство, и предмети кои ретко или воопшто не ги нудат другите студии по новинарство како литерарно новинарство, интернет новинарство, редакциско новинарство,**
- **комуниколошки предмети: теории на медиуми, јазик во медиумите, системи на информирање, медиумска регулатива, јавно мислење, маркетинг во медиумите, управување со медиумите, односи со јавноста.**

Етиката се изучува како посебен предмет во последниот семестар од студиите. И овој факултет има две насоки на постдипломските студии – новинарство и комуникологија. Насоката по новинарствот нуди солидна специјализација со предмети како комуниколошки теории, анализа на медиумите, новинарство и политика, интернет и новите медиумски технологии, медиумите и глобализацијата, новинарски документарни форми и методологија на научната работа.

Во групата приватни факултети е *Факултетот за медиуми и комуникации во Травник*. Студиите по „медиуми и новинарство“ се изучуваат по принципот 3+2 или 4+1. На тригодишните додипломски студии (програма за 2015/16 година) доминираат комуниколошки и новинарски предмети и мал број општо-образовни:

- **комуниколошки: вовед во медиуми и комуникации, теорија на медимите и јавноста, психологија на комуникации, медиуми, политика и демократија, јавно мислење,**
- **новинарски: филм и фотографија, медиумска писменост, радио и телевизија, теорија и технологија на печат, академско пишување и медиумски стилови, менаџмент на медиуми, техники на новинарска работа, уредувачка политика,**
- **општо-образовни: информатика, социологија, основи на право, основи на економија, историја на БиХ, статистика.**

Етиката се изучува во трета година, а предвидената е и стручна пракса. Истата година студентите имаат и два изборни предмети со понудена листа на предмети меѓу кои и такви кои всушност би требало да бидат задолжителни, како истражувачко новинарство:радио, современи и глобални медиуми, интернет и нови медиуми, радио новинарство, ТВ новинарство и наративи, кризно известување. Постдпломските студии ги опфаќаат предметите методологија на научно-истражувачка работа, комуникациски стратегии, семантика и прагматика на комуникации, новинарство во печатени медиуми, уредувачка и програмска пракса на медиумите, уредување и ПР, развој на медиумите во светот и во БиХ, јазик и стил на креативно пишување, истражувачко новинарство и три изборни предмети за кои се понудени - анализа на медиумите, нови медиуми, современа технологија на медиумите, ТВ реклама, дигитална комуникација, изучување на медиумите, онлајн новинарство и агенциско новинарство.

Програмата 4+1 е идентична со онаа 3+2, единствено што во последната четврта година се предвидени нови предмети како новинарство во печатените медиуми, нови медиуми, медиумски систем на БиХ, социјална и политичка екологија, истражувачко новинарство – ТВ и два изборни предмети од понудените – истражувачко новинарство: печат, истражувачко новинарство:фото, агенциско новинарство, онлајн новинарство и маркетинг. И во програмата на едногодишните постдипломските студии се среќаваат исти предмети како на додипломските, односно дел од нив како што се методологија на научно-истражувачка работа, јазик и стил на креативно пишување, изучување на медиумите, истражувачко новинарство, и два изборни предмети од листата понудени – анализа на медиумите, политичко комуницирање:изборни кампањи, онлајн новинарство, уредување и медиуми, етика во медиумите.

*Факултетот за новинарство и комуникации на Универзитетот за работни студии со кампуси во Ново Сараево, Бања Лука и Бјељина*, има само тригодишни студии по новинарство. Во фокусот на изучување се новинарските и комуниколошки предмети (80 проценти во вкупниот број предмети), и многу малку општо-образовни, пред се „културолошки“. Структурно, опфатени се следните предмети:

- **новинарски предмети: новинарски форми и презентациски техники 1,2 и 3, фотографија и илустрација 1 и 2, графички и ВЕБ дизајн 1 и 2, креативно пишување 1 и 2, истражувачко новинарство, електронски медиуми и радио новинарство, информациони технологии во новинарството,**
- **комуниколошки: јазикот и комуникацијата, стилистика и реторика, истражување на јавното мислење и медиумски маркетинг,**
- **општо-образовни: историја и култура на цивилацијата: историја на идејата, социологија и социјална антропологија: визуелна култура, дидактички аспекти на социјалната антропологија:медиумска култура, историја и култура на цивилизацијата: културни формации на јужнословенските народи.**

На студиите е предвидена специјализација во новинарството 1,2 и 3 и пракса уште во прва година во редакција или самостојна новинарска работа. На студентите им се „нудат“ и предмети кои не се застапени на другите факултети како економија и новинарство, право во новинарство, претприемништво во новинарството, финансиски менаџмент на медиумските компании, управување со настани. Етика не е предвидена како посебен предмет.

Наспроти тоа, програмата по новинарство на *Факултетот по политички науки на Европскиот универзитет во Брчко*, тешко може да се нарече „новинарство“. Факултетот има повеќе студиски програми – политикологија, меѓународни односи и дипломатија, новинарство, но речиси воопшто нема разлика во програмата (освен по еден или два предмети). Единствен предмет поврзан со студиите е „Новинарство“ кој се изучува во трета година. Студентите ги изучуваат следните предмети:

- **прва година: политички теории, вовед во филозофија, со изборни реторика, основи на економија,**
- **втора година: политичка социологија, уставни право, современи политички теории, компаративна политика, со изборни предмети основи на информатика, менаџмент, канцеларско работење,**
- **трета година: политичка антропологија, политички партии, основи на теоријата на надворешна политика, меѓународни односи, со изборни предмети маркетинг, социологија на релгија, претприемништво.**

Босна и Херцеговина има и два колеџи со студии по новинарство во Бања Лука. *Banja Luka College* организира четиригодишни студии по „медиуми и комуникации“, со две насоки – Односи со јавноста и Новинарство и мултимедија. По завршување на насоката новинарство и мултимедија студентите добиваат звање „дипломиран новинар“. Програмата е своевиден „микс“ на општо-образовни, комуниколошки и новинарски предмети, кои подеднакво се застапени, со тоа што, на пример општо-образовните доминираат во почетокот на студиите, а новинарските во последните години од студирањето. Во трета година се изучува деловна етика, а студентската пракса во последниот (осми) семестар на студиите. Студентите изучуваат:

- **општо-образовни: основи на право, макроекономија, информатика, право во ЕУ, микроекономија, методи и техники на изработка на истражувачки труд, менаџмент во култура и културна политика, проект менаџмент (или логистика, стратешки менаџмент), деловно и авторско право, менаџмент во уметноста,**
- **комуниколошки: вовед во медиуми и комуникации, комуниколошки теории, односи со јавноста и менаџмнт на комуникации, маркетинг, медиумско право, јазикот во современи комуникации, естетика во медиумите, мултимедија,**
- **новинарски предмети: организација и продукција, новинарски жанрови, радио, агенциско новинарство, истражувачко новинарство, интернет и нови медиуми, телевизија, технологија на печатот и печатени форми, фотографија.**

Во вториот, *College of Communication Kappa Phi*, формиран во 2000 година, на студиската група по комуникологија (колеџот има и студиска група по англиски јазик и дизајн), се изведува настава на четири насоки – комуникологија (во траење од четири години), односи со јавноста, новинарство и реклама (во траење од три години). Оние што ќе завршат новинарство се стекнуваат со стручен назив „Bachelor of Communication in Journalism". Во програмата речиси исклучиво доминираат комуниколошки и новинарски предмети (во сооднос 50:50) и само два општо-образовни (применета информатика 1 и 2). Од новинарските најзастапени се пишување за медиуми 1, 2, 3 и 4 (или писмено комуницирање 1, 2, 3 и 4) и новинарство 1 и 2, а се изучува и фотографија и телевизија, а од комуниколошките - вовед во комуникологија, историја на општествено комуницирање, визуелно комуницирање, односи со јавност, масовно комуницирање, истражувачки методи во комуникологијата, говорно комуницирање. Етикате воопшто не е предвидена како предмет. Притоа, програмата по новинарство речиси во ништо не се разликува од програмата по односи со јавноста и програмата по реклама. Единствено е направена замена на еден предмет, односно предметот новинарство во насоката односи со јавноста е заменет со предметот односи со јавноста, а во насоката реклама со предметот реклама.

**Квалитетот во високото образование.** Сите студии по новинарство работат по Болоњскиот модел на образование со тригодишни/четиригодишни додиполомски и двегодишни/едногодишни магистерски студии. Но, наставните планови најчесто се многу различни и неусогласени. Исто така, присутна е поделбата помеѓу државните и приватните образовни институции во однос на тоа кој „нуди" подобро образование. На јавниот-државниот сектор му се забележува отсуство на пракса и осовременување, а на приватниот отсуство на традиција и искусни предавачи. Кон тоа треба да се додаде и податокот дека толку големиот број факултети по новинарство во Босна не е резлутат на потребата по новинарски кадар, туку пред се затоа што „...Босна и Херцеговина е поделена по етнички принцип, ... како израз на таа нова национална струја која, меѓу останатото, сакаше да има и свои факултети по новинарство, што во крајна смисла би можело да се каже дека сакаа да имаат и свои новинари."[78] Оттука, „состојбата на образованието не може да се одвои од состојбата на општеството... и сите кои се во транзиција многу малку вложуваат во образованието и секаде е на ниско ниво."[79]

Притоа, како најголем проблем во формалното новинарско образование се истакнува претераното теоретско образование, не според бројот на предмети, туку „...според пристапот дека се може да се направи со науката, а практиката луѓето можат да ја научат кога ќе стапат на работа... но, токму недостатокот на пракса на студентите во голема мерка им ги намалува шансите за наоѓање на вистинска работа."[80]

78 Интервју со Боро Контиќ, директор на Медиа центарот во Сараево.
79 Интервју со Вук Вучетиќ, виш асистент на Универзитетот во Источно Сараево.
80 Интервју со Лејла Турчило, професот на Факултетот за политички науки во Сараево.

Според повеќето соговорници, поголемиот број факултети немаат никаква практична настава поради што студентите неспремни влегуваат во редакциите. Поради тоа, последниве години опаѓа и квалитетот на образованието. Како причини за тоа се наведуваат слабата соработка помеѓу академијата, медиумите и невладиниот сектор, лошата економска положба на медиумите, преоптовареноста на новинарите со работа, малите редакции. Исто така, факултетите, особено државните, се „дефицитарни“ со технички услови за практична работа на студените (работилници, студија, студентски весник) и затоа не зачудува што „студентите кои заршуваат новинарство немаат видено студио, не знаат како да монтираат, ниту пак како функционира камера“.[81]

Но, не помал проблем, и на државните и приватните универзитети, се и човечките ресурси, но и нивното недоловно искуство во професијата. „Кај нас секој факултет има само по еден професор кој бил новинар. Сите други ќе речат дека биле новинари, но биле само два месеци. Тоа е недозволиво, но тоа е затворен круг ... тие не дозволуваат никој да влезе таму. Тоа е сериозен проблем.“[82] Притоа, законски во Босна „наставникот во училница со студентите мора да биде PhD, доктор на науки, што значи дека стручњаците од практиката можат да гостуваат, но само на една третина од содржината на предметот. Постојат луѓе кои би биле подготвени да работат многу повеќе со студентите, но се лимитирани.“[83] Што се однесува до наставните програми, иако менувани повеќепати (на пример, на Факултетот по политички науки, последниве 12 години три пати се правени промени), клучен проблем е „отсуството на стратешко планирање“. Прашањето е како да се „усогласи“ она што студентите го учат, на пример, како треба да функционира новинарската професија, со практиката каде им се вели „... она што сте го научиле сега заборавете го, сега е тука – my house mu reles“.[84] Одговорот е во обидот на наставниот кадар да ги „научи“ студентите дека денес, за жал, и регионално, но и глобално, тоа што се нарекува политика на куќата, всушност е еден вид на заговарачко новинарство кое се принудени да го работат.

### *б) Неформалното новинарско образование*

Наспроти големиот број факултети на кои се едуцираат идните новинари, Босна и Херцеговина има само неколку „специјализирани“ невладини организации кои работат на тренинг и обука на новинари. Најнапред, тоа е *Медиа План Институтот,* прва приватна организација за развој на медиумите во Босна и Херцеговина, формиран во 1995 година. Институтот се бави со три главни области: едукација, истражувања и продукција. До сега Институтот има организирано бројни обуки за основи за пишување на информации, вештини на пишување на вести, видеонивинарство, известување за мултикултурни вредности и други. Тој ја има формирано едногодишната Висока школа за новинарство, со деветомесечна настава од која 70

81 Интерву со Мирна Буљугиќ, БИРН Сараево.
82 Интервју со Раденко Удовичиќ, директор на Медиа План Институт Сараево
83 Ибид.
84 Ибид.

отсто е практична, а 30 отсто теоретска и со студенти од целиот регион на југоисточна Европа. Институтот е основач и на невладината *Медиумски иницијативи* (во 2005 година), чија основна цел е развој на свеста кај јавноста за значењето на развојот на демократијата и толералнтниот јавен дијалог, почитувањето н човековите права и различностите. Здружението ја презема Високата школа за новинарство и ја трансформира во „Центар за практична едукација во областа на комуникациите". Денес Медиумски иницијативи се бават со истражувања, семинари, медиумски конференции и тренинци, во функција на поддршка на развојот на модерните медиуми и професионалните стандарди и етички норми. Здружението има работено на бројни истражувања, пред се за развој на едукацијата на новинарите и образованието на далечина, како и на тренинзи за пишување за печатени и електронски медиуми, онлајн новинарство и слично.

Посебно место во едукацијата на новинарите има *Медиацентар Сараево*, исто така, формиран во 1995 година. Центарот работи на развој и поддршка на независно и професионално новинарство и подобрување на медиумските слободи во Босна и Херцеговина. Тој има долга традиција на обучување на новинари и од своето формирање па до денес има организирано повеќе од 230 тренинзи кои ги посетувале повеќе од 2000 луѓе од Босна и од регионот. Списокот на неговата „тренинг програма" е долг и ги опфаќа, не само „базичните" обуки за основите на новинарството (за печатени и електронски медиуми), вештините на пишување, радио новинарството, ТВ новинарството; туку и обуки за истражувачко новинарство, медиумски менаџмент, интернет за новинари, computer assisted reporting (CAR), business reporting, data journalism; како и обуки за специфични прашања и проблеми во општеството – трговијата со луѓе, организиран криминал, заштитата на околината и човековите права. Програмата е осмислена интерактивно се цел да се обезбеди размена на искуства на медиумските професионалци во печатените, електронските и онлајн медиуми, стручно оспособување, како и обука на студентите по новинарство.

Тука треба да се спомене и *БИРН Босна и Херцеговина*, формарана во 2005 година со цел поддршка на развојот на високо квалитетни медиуми и граѓанско општетство во Босна и Херцеговина. Организацијата, покрај истражувања и анализи за актуелни политички, економски и социјални теми, обезбедува и обука на новинарите и медиумските куќи преку стручни работилници. Темите се различни: online reporting, data journalism and fact-cheking, new technologies, social networks, video editing, video analytical systems. Притоа, посебно внимание се посветува на investigative journalism and investigative reporting, where journalists learned how to creatively structure stories and use various databeses and other investigative tools. Реализацијата на овие активности опфаќа голем број на учесници. Така, во рамките на програмата Transparency of Judiciary and Responsibility of media, организирани се повеќе од 70 работилници во локалните заедници со претставници на судството и медиумите.

На овој план активни се и Здружението на БХ новинарите и Советот за печат кои, исто така, имаат реализирано бројни тренинзи за новинари. *Здружението на БХ новинарите*, формирано во 2004 година, обединува новинари, слободни новинари, студенти по новинарство и други медиумски работници. Негова клучна цел е заштита и подобрување на слободите, правата и одговорностите на новинарите, заштита на угледот и достоинството на новинарската професија, како и подобрување на правото на јавноста да биде информирана за случувањата во општеството. Обуките што ги спроведува се однесуваат на актуелни прашања и теми: промоција на дијалогот и мултикултуралноста преку медиумските содржини, известување за различностите како новинарски придонес во јакнење на мирот, толеранцијата и стабилноста, известување за малцинските групи и ЛГБТ заедниците. Освен тоа, во рамките на здружението дејствува и Линијата за помош на новинарите, која им помага во остварувањето на нивните секојдневни активности, како заштита на нивните права и слободи. *Советот за печат* (за печатени и онлајн медиуми) работи на унапредување и заштита на новинарската професија, следење на примената на професионалните стандарди, слобода на медиумите и слобода на информирањето. Иако, пред се, е насочен на заштита на медиумите од политички, економски и сите други видови на присоци, како и на заштита на јавноста од непрофесионалното и манипулативно новинарско известување, Советот има спроведено и бројни обуки за новинари. На пример, за предизвиците на саморегулација на медиумите и онлајн новинарството, медиумската етика за млади новинари и студенти по новинарство од југоисточна Европа, слободата на информирањето – јакнење на новинарството, репортери за радио емисии и други.

Во Босна и Херцеговина, дејствуваат и бројни медиумски организации, како Самостојниот синдикат на работниците во јавните сервиси (формиран во 2014 година), Синдикатот на медиумите и графичарите на Република Српска во БиХ, Друштвото на новинари на БиХ (правен наследник на Здружението на новинари), Здружението на хрватските новинари во БиХ, Сојузот на новинари на Република Српска.

**Соработка универзитетско-алтернативно образование.** Се чини дека големиот број факултети по новинарство во Босна, од една, и солидно „екипираниот“ невладин сектор за до-едукација на новинарите, од друга страна, не е доволно за меѓусебна соработка на тој план. Притоа, најчесто се посочува на факултетите како многу тешки за соработка. „Јас уште пред да станам професор се обидував да остварам соработка со факултетите, но тие се една затворена чаура... се плашат некој да не им ја загрози нивната позиција на едукатори.“[85] И не само што не прифаќаат иницијатива, тие ни сами не иницираат соработка со невладиниот сектор. Се што се прави во практиката е спорадично и без план. „Проблемот е што секогаш иницијативата мора да дојде од наша страна... факултетот никогаш нема да пријде прв, себе си се сме-

85 Ибид.

таат за подобри, на повисоко ниво... и треба да потрошиш огромна енергија за да влезеш таму.“[86]

И тогаш кога има соработка, таа е спорадична, неформална и на индивидуално ниво со професорите. Односно, „...факултетите пропуштаат да ги искористат овие алтернативни облици... не чувствуваат колку се спори... а ние постојано сме во практиката... секој ден се менуваме, како некоја мала приватна фирма... потполно сме во дигиталното време, а тие се уште се таму каде што се пишуваше со перце од гуска.“[87] Формално нема меморандуми за соработка, но мора да има поинтензивна соработка со гостување на пракса на факултетите, затоа што „...испраќањето пет-шест студенти на пракса во редакциите се покажа како непрактично. Таму тие се ‘дежурни сметала‘, ....секој си ја гледа својата работа и сите се во гужва. Затоа со гостувања на предавања може подобро да се пренесе знаењето.“[88]

Сепак, не треба да се пренебрегне фактот дека имало обиди и конкретни идеи за соработка и поврзување на формалното со неформалното образование. Таков е предлогот една од студиските години на факултетот да биде со практичен тренинг во невладините организации. „Се обидовме тоа да го оствариме со спогодби... на начин што на студентите сите тие тренинзи им ги впишувавме во додатокот на дипломата што додатно мотивира. Но, за жал таа идеја не заживеа.“[89] Но, останува констатацијата дека организациите кои пружаат ваков тип на неформално образование „совршено“ го надополнуваат формалното образование.

**в) Предизвици во новинарското образование.**

Медиумската сфера во Босна и Херцеговина е длабоко политизиран. На политизацијата не се имуни ни универзитетите и факултетите, што влијае на интересот и мотивацијата на студентите да се занимаваат со новинарство. „Младите знаат дека знаењето не е на цена, знаат дека до работа се доаѓа преку приватни или партиски врски.“[90] Денес студирањето новинарство е бесперспективно, медиумите се во лоша состојба, а новинарите се ужасно платени. Но, во практиката се уште има инфлација на студенти по новинарство и многумина сакаат да се бават со оваа професија, иако тоа не соодветствува со реалноста во медиумската индустрија. Имено, „... факултетите постојано се преполни со студенти, а потребите не се толкави... ниту има пари да се платат толку многу луѓе...“[91] Можеби токму поради тоа, последниве години кај студентите по новинарство расте интересот за односи со јавноста, а се намалува за класичното новинарство. Тие „...во новинарството гледаат многу помалку можности и финансиски средства, додека односите со јавноста нудат некои други привилегии.“[92]

86 Интервју со Боро Контиќ, директор на Центарот за медиуми во Сараево
87 Интервју со Боро Контиќ, директор на Медиа центар во Сараево.
88 Интерву со Љиљана Зуровац, претседател на Советот за печат на Босна и Херцеговина.
89 Интервју со Лејла Турчило, професот на Факултетот за политички науки во Сараево.
90 Интервју со Вук Вучетиќ, Факултет на Источно Сараево
91 Интервју со Боро Контиќ, директор на Медица центарот во Сараево.
92 Интервју со Лејла Турчило, професор на Факултетот за политички науки во Сараево.

Наспроти тоа, во формалното новинарско образование во Босна, особено во рамките на државните факултети, последниве пет години се забележува тренд на „негување“ на научниот дискурс:

**„...студиите по новинарство се повеќе се свртуваат кон медиумските студии отколку кон образование за новинарство, што е резултат на компетитивноста со другите студии по општествени науки и обид да се воведе научен дискурс во комуниколошките студии, а всушност се бега од улогата на институцијата формално образование за потребите на пазарот на труд во новинарството.“**[93]

Но, во стручната и академската сфера, се уште е присутна дилемата, дури и „...неразбирање околку идејата и концетот, дали тоа треба да бидат многу попрактичи студии или наука за медиумите“[94]. Од една страна, се посочува теоријата како важна образовна компонента која најмногу им е потребна на студентите. „Студентите по новинарство треба да имаат пошироко знаење, знаење од економија, политика, социологија и филозофија со што би им се отвориле видиците, затоа што утре кога ќе се вработат тоа знаење ќе им биде од корист. Вештините се учат, но треба суштина.“[95] Но, на факултетите им се забележува дека ни теоретски не ги потковуваат студентите и „...тие излегуваат од факултет потполно медиумски неписмени, не знаат да направат ниту едно пристојно медиумско истражување“.[96] Од друга страна, се истакнува праксата која треба да предничи во фомалното образовани. Отсуството на пракса е проблем на сите универзитети во Босна и затоа кога студентите ќе дипломираат не се спремни за работа. „Факултетите даваат добра теоретска осново, ги дисциплинираат студентите да учат, да истражуваат, да развиваат методолошки пристап на одредени теми, но практичното новинарство го учат дури кога ќе завршат со факултет.“[97]

На институционално ниво, се посочува и на недоволното учење на основите на новинарството, пишување и читање, односно правопис и граматика. Се издвојува и истражувачкото новинарство, нешто што недостига и во медиумите во Босна и треба да му се посвети многу поголемо внимание и на факултетите. Потребно е да се изучува и медиумска писменост, за да се знае дека „не треба да се верува во се што се пишива“. Исто така, на факултетите треба да се популаризира и едукацијата за човековите права, било за правата на жените, ЛГБТ лицата, лицата со инвалидитет или било која друга категорија. Недостасува и изучување на етиката во новинарството. „Етиката е почеток и крај. Етиката и моралот треба да ги усвои не само секој новинар, туку и секој граѓанин, особено етиката и моралот во новинарството.“[98] Односно, „знаењето за етичките и професионални стандарди треба да биде врежана во свеста на студентите“[99], без оглед што ги чека во редакциите. Во целиот образовен процес,

93 Ибид.
94 Ибид.
95 Интервју со Вук Вучетиќ, Факултет на Источно Сараево
96 Интервју со Слободанка Декиќ, Медиа Центар Сараево
97 Интервју со Љиљана Зуровац, претседател на Советот за печат на Босна и Херцеговина.
98 Интервју со Маида Бахто Кестенџиќ.
99 Интервју со Стефан Благиќ, Фронтал магазин

во рамките на сите предмети мора да се потикнува кртичност кај студентите, како значаен сегмент во новинарската работа. „Да научат како логично и критички да ги поврзуваат работите. Џабе ако знаат да снимаат и монтираат ако нема што да кажат.“[100]

Наспроти сите недостатоци, формалното образование е можност за учење на основите, а доусовршувањето следи по дипломирањето. „Дипломата е влезница за пазарот на труд... тоа е основата која потоа треба да се надоградува преку практична работа ...едното не може без другото“.[101] Оставајќи го теоретското знаење во „надлежност“ на факултетите, препораките на стручната и академската јавност за обука на новинарите се движат во неколку насоки. Едната е креирање „...центар за обука во големите медиуми“[102], односно јавниот радиодифузен сервис, што би обезбедило континурана обука и за сегашните и за идните новинари. Втората е модел кој на студентите ќе им се овозможи да учат преку пракса, „...еден семестар посветен само на практична работа преку соработка со невладините организации ...има волја и капацитет за соработка кај нив“.[103] Третата е преку зајакнување на користење на надворешни професори и предавачи во спроведувањето на практичната настава, односно, наместо „про-форма“ праксата во медиумите, „...мора да има поинтензивна соработка во смисла на гостување на гости на пракса на самиот факултет“.[104]

## 2.3.
## Косово

***а) Универзитетското образование на новинарите***

Во 50-годишниот социјалистички период како автономна покраина во рамките на федеративна Југославија, Косово бележи „делумно успешен“ обид за формирање на студии по новинарство. Во 70-тите години кога новинарски студии се формираа во другите републики на Југославија, и Универзитетот во Приштина, на Правниот факултет ќе отвори студии по новинарство кои ќе произведат само една генерација новинари, за потоа да бидат укинати од тогашните власти. Сите подоцнежни обиди за формирање/возобновување на студиите по новинарство ќе бидат неуспешни, а слична судбина ќе доживее и Високата школа за новинарство, формирана во 1996 година (Faik Ispahiu, 2002). Подоцна, во 1999 година, во пост-воено Косово доаѓа до вистинска „експлозија“ на државни и приватни факултети, пред се, во сферата на правото, економијата и бизнис администрацијата, но и во новинарството, но со ограничен успех и сомнителен квалитет. Прва приватна институција за новинарско образование е Фаик Коница колеџот, кој ќе се соочи со проблеми и предизвици со акредитацијата. Потоа во 2005 година стартува Kosovo Institut of Journalism and Communication (KIJAS), но со краток век на функционирање (затворена е

100 Ибид
101 Интервју со Маида Бахто Кестенџиќ.
102 Интервју со Боро Контиќ, директор на Центар за медиуми во Сараево.
103 Интервју со Лејла Турчило, редовен професор на Факултетот за политички науки при Униврезитетот во Сараево.
104 Интервју со Љиљана Зуровац, претседател на Советот за печат на Босна и Херцеговина

во 2010 година). Следната година, на Филолошкиот факултет на државниот универзитет во Приштина се формирани додипломски студии по новинарство. (Qavdarbasha, 2012:11).

**Организација на високото образование.** Денес Косово има два факултети за новинарско образование, еден државен и еден приватен. На државниот *Универзитет „Хасан Приштина“, на Факултетот за филологија* функционираат додипломските студии по новинарство во траење од три години. Во програмата доминираат теоретски и практични новинарски предмети, а многу малку општо-образовни. Во структурата се:

- **комуниколошки предмет: вовед во новинарство, основи на комуникациите, основи на масовните комуникации, историја на европското новинарство, историја на албанското новинарство, социологија на комуникациите**
- **новинарски: новинарски жанрови, новинарски стилови, печатени медиуми, радио новинарство, телевизиско новинарство, коментари и анализи,**
- **општо-образовни: истражувачки методи во општествените науки, политичкиот систем на Европската унија, масовна култура.**

Етиката во новинарството се изучува во прва година, но како изборен предмет, а изборни предмети се и истражувачкото новинарство, новите медиуми и портали, продукцијата и постпродукцијата, управувањето со медиумите, медиумите и политиката, медиумското образование.

На приватниот *Факултет за масовни комуникации и новинарство, на Колеџот ААБ во Приштина*, студиите се организирани по принципот три години додипломски и една година постдипломски студии. Програмски, додипломските студии обезбедуваат теоретски и практични знаења за основните прашања поврзани со комуникациските науки во областа на медиумите. На сите три студиски години доминираат предмети од овие области. Застапени се следните предмети:

- **комуниколошки: introduction to communications, public relations, media and society, international communication,**
- **новинарски: genres and technique of journalism, TV presentation, history of journalism, radio journalism, TV journalism, TV documentary, montage, camera and photograph, investigative journalism, media convergence, journalist online, prepration of a TV advertisement, production.**

Медиумската етика се изучува во трета година, а пракса во втора и трета година (новинарски жанрови и ТВ праксата) и опфаќа 1/3 од вкупниот фонд на часови. With the completion of the first level studies students receive the title Bachelor of Mass Communication – Journalism Programme. Програмата на постдипломските студии, опфаќа општообразовни и „специјалистички“ комуникациски предмети (semiology, communication psychology, media culture, scientific work methodology, media and politics, structure of modern societies, international public relations, social organization and society marketing, research in

written journalism, cross-cultural and cross-religious communication). Студентите по завршувањето добиваат академска диплома Master in mass communication and journalism.

**Квалитетот во високото образование.** Стручната и академската јавност е критична во однос на она што кадровски го продуцираат, не само факултетите по новинарство, туку и другите факултети. „На целиот образовен систем во Косово критериумите за полагање на испитите и добивањето диплома се на многу ниско ниво. Доколку еден професор се обидува да биде построг, тогаш е многу веројатно дека понатаму нема да ја врши должноста, односно ќе биде заменет.“[105] Конкретно, на факултетите по новинарство, недостасува пракса, соодветно обучен професорски кадар, литература, техничка опрема за изведување на наставата. Најбројни се забелешките за недоволна пракса и практична работа, особено на државниот универзитет. Таму не се доволно технички подготвени за спроведување на практична работа со студентите. „Има многу пропусти во смисла на hands-on новинарска пракса. Под тоа мислам на недостаток на приспап до технологии. Немаат можност да вежбаат практично новинарство.“[106] Наспроти тоа, за волја на вистината, приватниот факултет за новинарство во својата програма има предвидено „сериозен“ фонд на часови за пракса. Оттука и критиките упатени кон „конкурентот“ дека „...немаат ни еден фотоапарат, ние имаме и камера и се што треба.“[107]

Токму поради отсуството на соодветна пракса, кога студентите ќе го завршат своето образование најчесто не се подготвени веднаш да започнат со работа во редакција и потребно е подолго време да се „тренираат“ за одредени практични вештини кои им се неопходни во практикување на професијата. А токму познавањето на мултимедијални вештини и техники се круцијални за успех во професијата, „...денес новинарот мора да биде подготвен за работа со камера, за монтажа, денес новинарот мора да биде спремен за мултимедијалниот пазар“.[108]

На квалитетот на образовниот процес влијае и малиот број на предавачи и професори со искуство во професијата, како и недостатокот на соодветна литература преку која би се одвивала наставата. „Професорите со практично медиумско искуство се малку, а професорите кои имаат знаење за медиумските теории едноставно не се соодветни за додипломско ниво на студии кои се повеќе практични.“[109] Во исто време, литературата е застарена и нема напори за превод на нови книги од областа. „Непознавањето на англискиот јазик го прави проблемот уште понагласен. Нема многу преводи. А тоа што се преведува е со лош квалитет.“[110] Има недостаток на литература на албански јазик и „...студентите работат од скрипти или книги кои професорите ги на-

105 Интервју со Арбен Салиху
106 Интервју со Насер Мифтари
107 Интервју со Хасан Салиу, професор на Колеџот ААБ во Приштина
108 Ибид
109 Интервју со Насер Мифтари
110 Ибид.
111 Интервју со Виолета Ороши, новинарка
112 Интервју со Насер Мифтари

шле на интернет“.[111] Дополнително, како проблем се посочува и ниското ниво на медиумски истражувања спроведени на факултетите. „Таму истражувањата се со низок квалитет, нема некој темелен процес на евалуација од експерти, и не прават ништо за напредок на науката за медиумите во регионот.“[112]

*б) Неформалното новинарско образование*

Косово има ограничени „капацитетите“ и во алтернативното образование. Иако по војната и воспоставувањето меѓународна администрација на Косово, поддршката на донаторите за новинарска обука беше голема, таа сега веќе е доста ограничена. Курсевите се ретки, најчесто неформални, па дури и со нестручни тренери. Најдолг „стаж“ има *Косовскиот институт* за медиуми, формиран на барање на медиумите, со цел подобрување на професионалните вештини на новинарите и медиумските професионалци, развојот на независни, слободни и плуралистички медиуми. Замислен како медиумски тренинг центар, Институтот нуди курсеви за обука на новинарите, но и курсеви за односи со јавноста за комерцијалниот сектор. Покрај Институтот, активна е и невладината *БИРН - Косово*, посветена, пред се на истражувачкото и аналитичкото новинарство. Неговата дејност опфаќа обука на новинари, истражувања, мониторинг на јавните институции, медиумска продукција и издаваштво со организирање на обуки со новинари, цивилниот сектор, мониторинг на јавните институции, истражувања, медиумска продукција и издавачка дејност. Има реализирано бројни тренинзи, самостојно или заедно со партнерите на Балканот, пред се за прашања за multimedia, using social media for investigation, reporting security, data journalism, investigative repoting, access public information and documents, reporting on corruption issues.

Од другите организации, во Косово функционираат и Асоцијацијата на новинарите која работи на промоција на професионалното, слободното и независно истражувачко новинарство, социјалните и работничките права на новинарите, нивната заштита, развојот на медиумската инфраструктура. Потоа Советот за печат чии клучно активности се насочени на слободата на говорот, правото на граѓаните на навремено и целосно информирање, почитување на Кодексот за печат, Друштвото на новинари на Косови и Метохија и Здружението на спортски новинари на Косово.

**Соработка универзитетско-алтернативно образование.** Соработката помеѓу овие два типа на новинарско образование во Косово е спорадична и инцидентна и не постојат формални меѓусебни договори. Поголем интерес за соработка покажува невладиниот сектор, додека факултетите се позатворени, па дури и искажуваат одредена резерва во однос на нив, во смисол дека „...тие овде се привремени додека не се ‘катапултираат‘ во политиката... и немаат репутација“.[113] Затоа, се уште се

111 Интервју со Виолета Ороши, новинарка
112 Интервју со Насер Мифтари
113 Интервју со Хасан Салиу

паметат тренинзите на Би-Би-Си во 2000-та година, но денес речиси не постојат, или невладините организации (пред се БИРН) организираат специјализирани тренинзи од одредени сфери, како што е истражувачкото новинарство. Од друга страна, повеќе се „преферира“ соработка со медиумите. Така, приватниот факултет по новинарство има редовна соработка со радио-телевизискиот сервис Коха. „Имаме потпишано договор со нив за практична работа... , директорите предаваат кај нас и ние имаме отворена врата за студентите ...“[114] Иако неформално, соработка со факултетите има и јавниот радио-телевизиски сервис на Косово. „Ние имаме Центар за обука на новинари и потполно сме отворени да ни се јават студенти кои завршиле факултет.“[115]

Од друга страна, присутен е и ставот дека неформалното образование предничи пред формалното во однос на практичната настава што ја нудат на студентите. „Неформалното образование нуди повеќе. Има значајна улога поради тоа што имате можност да бирате. Одлучувате во која насока ќе одите, кои професионалци да ве обучуваат...“[116] Токму затоа, универзитетите во наставата треба да вклучат елементи од неформалното образование за да им понудат повеќе пракса на студентите. Односно, „...можат да се доведат и странски експерти од светски познати медиумски куќи, кои можат да спроведуваат тренинзи за студентите“.[117] Во секој случај, поголемиот број од стручната и академска јавност смета дека двете форми на образование се неопходни за соодветен развој на новинарите во својата професија. „Потребна е комбинација од двете за да се креираат квалитетни новинари во иднина.“[118] Исто така, „... колку е важно да имаме квалитетно формално образование, току е важно да имаме и неформално образование, односно доедкуација која мора да трае непрекинато“.[119] Односно „...неопходно е новинарите кои имаат поминато формално образование подоцна, во текот на кариерата, да стекнат и неформално бидејќи тоа е индустрија која се менува на дневно ниво... постојат нови барања, нови потреби и многу важно е да постојат макар и неформални тренинзи на кои ќе можат да се дознаат тие нови вештни.“[120]

Во тој контекст, според соговорниците, еден од начините за подобрување на таа соработка може да биде преку „...формирање специјализирана организација која ќе работи директно со универзитетите на тренинг ...тука студентите би добиле прва обука со комплетна опрема... со тоа би добиле сите“.[121] Исто така, а по примерот на практиката во други поразвиени земији, можно е „...преку додатни наставни часови ...уредник да држи предавања на работилници за разни теми, со што се разменува искуство со практиката“.[122] Или, предлогот, да се чека студентот да

114 Ибид.
115 Интервју со Анамари Репиќ, менаџер за меѓународни односе на радио телевизија Косово
116 Интервју со Сања Соврлиќ, новинарка
117 Ибид
118 Интервју со Албулена Садику, БИРН Косово
119 Интервју со Анџелка Чуп,
120 Интервју со Исак Воргучиќ, директор на радиотелевизија КИМ.
121 Интервју со Виолета Ороши,
122 Интервју со Арбен Салиху, извршен директор на Асоцијацијата на новинари на Косово

дипломира, па потоа да се испрати на програма за обука, но и да не се занемари потребата од испраќање на студентите на двомесечна пракса веднаш по завршување на првата студиска година каде што ќе го примени она што дотогаш го научил.

***в) Предизвици на новинарското образование***

На медиумската сцена во Косово владее вистински плурализам гледано според бројот на медиум, особено електронски, резултат, пред се, на значителните средства од донаторите за воспоставување на медиумите во пост-воено Косово. Но, последниве години таа помош практично е „замрена“ а лошите економски услови и малиот пазар, под знак прашање ја става одржливоста на голем број медиуми (пред се локални) во земјата. „Media and journalists remain financially at a considerably disadvantaged position compared to what would be optimal to ensure a professional working environment and independent and professional journalism.“[123] Каква е тогаш иднината на новинарството и новинарското образование во вакви општествено-економски услови?

На формалното новинарско образование доминира и се уште се негува теоретски пристап во едукација на новинарите, кој „...во пракса често се покажува како бескорисен, ...помалку се учат практични вештини, без оглед на тоа што медиумите и медиумската индустрија се сосем поразлични од пред десет години.“[124] Затоа, како главен поблем се истакнува недоволното практично знаење, што може да се надомести и преку формалното и преку неформалното образование, односно преку „...одреден вид на работилници кои ги обучуваат новинарите како да ги игнорираат притисоците на уредниците, да развијат вештини како да го намалат притисокот, да ги задржат стандардите, но и нивните работни позиции во исто време.“[125] „Она што им недостасува на факултетите по новинарство тоа терен, тоа е пракса. Факултетите мораат студентите да ги упатуваат на пракса и да ги натера да не можат да завршат некој семестар доколку немаат, на пример, 15-20 дена помнати во редакција.“[126]

Но, освен пракса, нешто што, исто така, треба го учат студентите по новинарство е правилното изразување. Недостасува „...правилно изразување... и се останато важно за јавен настап на еден новинар кој станува јавна личност“.[127] Потребни им се и вештини за новинарско пишување, „...да знаат да пишуваат и академски и новинарски, новинарите мораат да знаат како да пишуваат на двата начини“.[128] Покрај тоа, тие треба да бидат свесни за новите технологии и нивното влијание врз медиумската индустрија и новинарството како професија. „Не знаат ништо за онлајн новинарството. Не знаат ништо за кодирање во ХТМЛ. Не знаат ништо за апликации (паметни телефони) и како се создаваат.“[129] Денес „...не

123 Види повеќе: Freedom of Media and Safety of Journalists in Kosovo, https://www.osce.org/kosovo/122390?download=true
124 Интервју со Исак Воргучиќ
125 Интервју со Арбен Салиху
126 Интервју со Анџелка Чуп,
127 Ибид.
128 Интервју со Анамари Репиќ
129 Ибид.

е доволно новинарството да знае само да пишува или да говори пред микрофон, туку мора да корити и други алатки освен камера, мора да користи компјутер, да знае да пребарува на интернет...“[130]

Како важна за изучување се посочува и медиумската етика. Во наставата како задолжителни предмети треба да се „... вклучат медиумската етика и медиумското право за да се обезбеди дека новинарите ќе ја разберат својата улога како и медиумските права и слободи во однос на известување за прашања од јавен интерес (здравство, образование, економија).“[131] Дополнително, се препорачува и изучување и на претприемништво во медиумите, “како да стартуваат медиум од самиот почеток“.[132] Но, и општо знаење за различни теми, „... новинарот треба да има познавање од дипломатијата, да знае како функционира Европската Унија и земјите во регионот“.[133]

130 Интервју со Исак Воргучик
131 Интервју со Насер Мифтари
132 Ибид.
133 Интервју со Виолета Ороши

## 2.4. Македонија

**а) Универзитетското образование на новинарите**

Македонија со универзитетското новинарско образование започнува во 1977 година како интердисциплинарни студии на Правниот, Економскиот и Филолошкиот факултет на тогашниот единствен државен универзитет во земјата. Подоцна во 80-тите години студиите по новинарство ќе се трансформираат како независна студиска програма на Правниот факултет и денес функционираат на тој начин. Токму од овој факултет ќе произлезе поголемиот дел водечките уредници и реномирани новинари во земјата. Со осамостојувањето на државата, а особено со појавата на голем број комерцијални медиуми во 1994/97 година, прашањето на едукацијата на новинарски кадар добива на актуелност. Денес новинарско образование може да се стекне на три државни универзитети и една приватна висока школа. На сите факултети новинарските студии се организирани во рамките на правните факултети, додека високата школа е специјализирана за новинарство и односи со јавноста.

**Организација на високото образование.** Најстарите студии по новинарство се на *Правниот факултет на државниот Универзитет „Св. Кирил и Методиј“*, во Скопје, организирани според Болонскиот принцип, три години додипломски и две години постдипломски студии. На додипломските студии, програмата претставува „микс“ на општо-образовни и комуниколошко-новинарски предмети. Конкретно:

- **општо-образовни: вовед во право, современа европска и македонска историја, економика, вовед во политички науки, основни институции на јавно/приватно право, применета економија, политички систем, права и слободи на човекот во РМ, институции и право на ЕУ, јавна администрација,**
- **комуниколошки: македонски јазик и новинарска стилистика, комуникологија, комуникациски теории, јавно мислење, теории на новинарство, интеркултурна комуникација и медиуми, односи со јавноста,**
- **новинарски: новинарски жанрови, новинарски информативни жанрови, новинарство во печатени и електронски медиуми, новинарски аналитички жанрови, слобода на изразување.**

Но, она што е позначајно, голем број „клучни“ новинарски предмети се поместени во групата изборни предмети, како, на пример, истражувачко новинарство, е-новинарство, агенциско новинарство, печатени медиуми, радио новинарство, ТВ новинарство, графика и дизајн во новинарството, мировно и воено новинарство. Етиката – „етика во новинарството“ се изучува во втора година, а „практикум“ во трета, преку посебни целини: известување во новинарството, уредување во новинарството, жанрови во медиумите и технологија и организација во медиумите. Постдипломските студии по „медиуми и комуникации“, програмски нудат вистинска „специјализација“ во областа, со предмети како комуникациски теории, медиуми и глобализација, медиумско право, социологија на комуникации, дизајн и огласување во медиумите (практикум), маркетинг и медиуми, истражување на медиуми, менаџмет во медиуми, новинарски агенции, истражување на публика, култура на медиуми, нови медиуми.

*Државниот Универзитет „Гоце Делчев“*, во Штип, на Правниот факултет има студиска програма по новинарство и односи со јавноста која со работа започна 2012 година, организирана по принципот 3+2 и 4+1. На тригодишните студии доминираат комуниколошко-новинарски предмети, застапени со речиси 60 проценти, додека општо-образовните се во групата на изборни предмети. Структурата е следна:

- **новинарски предмети: историја на новинарство, информативни жанрови во новинарство, техники на односи со јавност, новинарство во печатени медиуми, новинарство во електронски медиуми, аналитички жанрови во новинарство,**
- **комуниколошки: основи на комуникации, историја на новинарство, култура на комуницирање, јавност и јавно мислење, односи со јавноста, основи на протокол, медиуми и општеството,**
- **општо-образовни: историја на право, основи на економија, граѓанско општество, човекови права, јавна администрација, локална самоуправа, семејно право, дипломатско и конзуларно право, применета економија, филозофија на правото, трудово право.**

Во четврта година предност имаат општо-образовните предмети (меѓународни односи, човечки

ресурси, европски институции, политики на ЕУ, меѓународни организации) наспроти комуниколошките (комуникација во јавна администрација, медиумско право). Етика е задолжителен предмет и се изучува во прва година. Практичната работа се изведува на самиот Универзитет кој располага со сопствено радио, ИП телевизија, весник и веб страница. Постдипломските студии по „масовни комуникации и менаџмент во медиумите", едногодишната и двегодишната програма, во прва година нудат исти предмети (задолжителни - теорија на масовни комуникации, методологија на општествени истражувања, менаџмент во медиуми, глобализација и медиуми, а како изборни Европска унија – институции и право, политички партии, европско деловно право). Во втора година се изучуваат: регулатива и етика во односи со јавноста, анализа на медиумски дискурс, интеркултурно комуницирање, кризното комуницирање, нови медиуми, а од изборните авторски и другите сродни права, етика и деловна комуникација, право на осигурување и други.

На *државниот универзитет во Тетово* студиите по „новинарство и медиуми" се организирани во рамките на Правниот факултет. Студиите траат четири години, а во програмата доминираат комуниколошки и новинарски предмети (дури 90 проценти). Структурата на предметите е следна:

- **комуниколошки: основи на масовни комуникации 1 и 2, семиотика во медиуми 1 и 2, информирање и пропаганда, психологија на комуницирање, историја на албански народ и печат 1 и 2, комуниколошки теории, јавно мислење и односи со јавност, култура на јавни дебати, стратегија на рекламирање и маркетинг, стратегија на односи со публијата, медиумите и меѓучовечките односи,**
- **новинарски: медиумски жанрови, медиумска критика, пишување и објавување вести 1 и 2, ТВ новинарство, методологија на аудио-визуелна продукција, камера, монтажа и работа на телевизија, онлајн новинарство, фотографија и фото новинарство, уредништво во медиумите, спектакли на телевизија,**
- **општо-образовни предмети: меѓународни односи, социјална психологија, методологија на општествени истражувања,**

Во листата на изборни предмети, покрај општо-образовни (како вовед во јавно право, европска цивилизација, модерна историја, уставно право, вовед во политички науки, теорија на држава и право, вовед во економија, политички системи, политички партии, институции на ЕУ) и комуниколошки предмети (социологија на комуникации, јавен говор, филозофија на комуницирање, глобализација и културен идентитет, медиуми и интеркултурна комуникација, интерперсонално комуницирање, академско пишување, теории за модернизмот и глобалните медиуми, право во медиумите) има и мошне значајни новинарски предмети како: веб дизајн, истражувачко новинарство, известување за воени конфликти, информативни агенции, интернетот како извор на информации, графичка подготовка на печатен медиум. Етиката се изучува како задолжителен предмет во трета година, а задолжителни

се и практиката во печатени медиуми, практиката во радио медиуми и практиката во телевизиски медиуми кои се реализираат во последниот (осми семестар).

*Високата школа за новинарство и односи со јавноста* е формирана (во 2008 година) како „неминовна" потреба на медиумскиот пазар. Студиите по новинарство се „креирани" во соработка со Данската школа за новинарство, но моментално се во мирување поради се помалиот интерес на младите за изучување на новинарството. Во програмата доминираат, пред се, новинарски предмети, наспроти комуниколошките, а особено општо-образовните. Задолжителната пракса е предвидена за трета година, како и етиката, но како изборни предмети. Во програмската структура се застапени:

- **новинарски предмети: основи на новинарство, пишување, печатени медиуми, мултимедија, радио новинарство, онлајн новинарство, ТВ новинарство, медиумски концепти и известување за политика, истражувачко новинарство, известување за економија (задолжителни), и фотографија, графика, дизајн, новинарско пишување, креативно мислење и пишување (изборни)**
- **комуниколошки: јавно мислење, медиуми и општество (задолжителни) и масовни медиуми и комуникации, менаџирање настани и буџетирање, медиумско право, комуникациски теории, кризно комуницирање и управување со ситуации, планирање на истражување (изборни),**
- **општо-образовни: политички системи и глобални односи (задолжителни), организација и менаџмент, вовед во економија, современа историја, меѓународен бизнис (изборни).**

**Квалитетот во високото образование.** Формалното новинарско образование во Македонија бележи осовременување на програмската структура во настојување да се „усогласи" со потребите на медиумскиот пазар. Но, според стручната и академската јавност, по инерција од стариот систем, се уште премногу теоретски е поставено. Односно, „...се поаѓа од една флоскула дека образованиот новинар треба да биде широко образована индивидуа од различни области ... кои на времето ги нарекувавме 'универзални незнајковци' што значи да знаеш од се по нешто, а на крајот ништо, некакво енциклопедиско знаење, меѓутоа ништо темелно за да можеш да бидеш новинар."[134] Затоа и денес проблем е „занатскиот" – практичниот дел од новинарството, еден од клучните елементи да се биде професионален новинар. Во реалноста тоа значи, студенти кои не знаат да ракуваат со основната новинарска опрема и „...допрва се запознаваат со тоа што е микрофон, што е камера, што произведува камерата..."[135] А на универзитетите, отсуството на „лабораторија" во која би можеле практично да вежбаат.

За волја на вистината, според Законот за високо образование, практичната настава е задолжителна, и студентите по новинарство мораат

134 Интервју со Зоран Димитровски, одговорен уредник на неделникот „Фокус".
135 Интервју со Васко Попетрески, новинар, Алсат-М ТВ

да спроведуваат триесет дневна пракса во медиумите или други организации. Но, тоа често се злоупотребува од студентите и се сведува на „... чичко ми има фирма кој ќе ми даде потврда дека сум бил петнаесет дена на пракса“.[136] За универзитетите, проблемот е затвореноста на медиумите да се вклучат во овој процес, „... не сакаат да ангажираат студенти волонтери дури ни за краток период и овој хендикеп го решаваме преку соработка со граѓанските организации и потпишување различни меморандуми за соработка.“[137] Од друга страна, медиумите имаат огромен обем на работа, но недоволно човечки ресурси и студентите не можат да го учат занаетот во такви редакции. Односно, „... нема човек кој ќе им посвети внимание, а не е доволно само да седат во редакција и да одат на настани и да напишат вест, ... им треба комплетен менторски процес на унапредување“.[138] Менторски систем кој би бил голем чекор кон создавање на самостојни и профсионални новинари и кој „... до пред десетина, можеби петнаесет години постоеше во македонските редакции како традиција сега апсолутно не постои, така што професијата е комплетно оставена на импровизации“.[139]

Генерално, според соговорниците, состојбата е значително подобрена од периодот пред десет и повеќе години. На македонскиот пазар се изградени солидни капацитети за едукација на новинари кои доаѓаат од непрофитниот сектор и ги инкорпорираат најдобрите практики од меѓународните институции и факултети. Ваквото поместување мотивирачки влијае и универзитетите да инвестираат во содржината на студиите по новинарство. „Може да се каже дека генерално во земјава има изградено солидни капацитети за едукација на новинари и во формална смисла и преку неформални алатки и концепти. Ние, како држава од тој аспект не заостануваме многу, ниту во поглед на понудата во регионот, па можеби и во европски рамки“.[140]

### *б) Неформалното новинарско образование.*

Македонија има голем бројот невладини организации чија дејност непосредно е поврзана со едукацијата на новинарите. Најстар е *Македонскиот институт за медиуми* (МИМ), формиран во 2001 година од Данската школа за новинарство, УСАИД, ИрексПро Медиа и Македонскиот прес центар. Негова примарна улога е поддршка и пристап до најновите знаења за медиумите и медиумските работници, но и за граѓанските организации и институции. Освен истражувања и продукција, Институтот реализира и обуки на новинари, пред се, за слобода на изразување, истражувачко новинарство, професионално и етичко известување, известување за човековите права, лобирање и застапување, граѓански активизам и мултимедија, медиумска писменост, односи со јавноста и комуникација со медиумите, вештини на презентирање, интер-етничка инклузивност. Не помало значење во оваа сфера

136 Интервју со Сашо Ордановски, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа, Тетово.
137 Интервју со Јасна Бачовска, раководител на катедрата по новинарство на Правниот факултет „Јустиијан Први“, Скопје.
138 Интервју со Зоран Димитровски, одговорен уредник на неделникот „Фокус“.
139 Интервју со Тамара Чаусидис, претседателка на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ)
140 Интервју со Билјана Петковска, директорка на Македонскиот институт за медиуми

има *БИРН – Македонија*, формирана во 2004 година, како дел од регионалната организација Балканска истражувачка репортерска мрежа. Таа има организирано бројни локални и регионални проекти, анализи и истражувања, трибини и тренинзи за медиумите, пред се, за меѓународни новинарски стандарди, етика, спроведување на интервјуа, управување со извори на иформации, соработка помеѓу новинарите и невладиниот сектор, истражувачко новинарство и други. Со истражувачко новинарство посебно се бави *Центарот за истражувачко новинарство СКУП Македонија*, формиран со помош на Данската асоцијација за истражувачко новинарство и мрежата на Центри за истражувачко новинарство. Примарна цел му е поттикнување и унапредување на истражувачкото новинарство како битна алатка во борбата против организираниот криминал и корупцијата, како и зајакнување на демократските и професионалните капацитети на новинарството. Во таа насока се и проектите и тренинзите што ги организира. Тука се вбројува и *НВО Инфоцентарот*, формиран во 2003 година и активен на полето на комуникациите, јавното застапување, медиумите, доброто владеење, владеењето на правото, слободата на изразување и слободата на информирање. Тој е водечка организација во Македонија за мониторинг на медиуми, а обуките со новинарите се однесуваат, пред се, на истражувачкото новинарство.

Мошне активен е и *Центарот за граѓански комуникации* (ЦГК) формиран во 2005 година. Тој се фокусира на две меѓусебно поврзани активности: (1) мониторинг на државните институции со препораки на мерки и политики за унапредување на работата, доброто владеење, економскиот развој и намалување на корупцијата и (2) унапредување на способноста на новинарите, медиумите и невладините организации во борба против корупцијата и зголемување на транспарентноста, одговорноста и отчетноста на државните институции. Во таа насока, покрај работа на бројни проекти, Центарот има обучено повеќе од 250 новинари од националните и локалните медиуми за истражување и известување за корупцијата, пристап до информации од јавен карактер, унапредување на професионалните вештини за известување за прашања од локален интерес, известување за локалните власти, медиумите и невладините организации против корупцијата. Наспроти тоа, *Центарот за развој на медиумите* (ЦРМ) од основањето работи на анализа на медиумското законодавство во Македонија и пружање правна помош на новинарите и медиумите со сопствен тим на адвокати. Освен истражувака работа, Центарот спроведува и обука на новинари, пред се за статистичко новинарство за новинарите од новите медиуми.

Посебно се издвојува *Институтот за комуникациски студии* (ИКС), формиран во 2013 година, како научно-истражувачка организација во областа на студиите по новинарство, медиуми, односи со јавноста, политичка комуникација и корпоративно комуицирање. Тој има двоен фокус: (1) со академските и применетите истражувања да ја унапредува науката и да им биде поддршка на практичарите и (2) преку постдипломските студии да из-

гради мрежа на млади истражувачи кои ќе ги зајакнуваат столбовите на овие научи дисциплини. Покрај бројните истражувања за зајакнување на граѓанското општество, изразување на јавниот интерес, улогата на медиумите во конфликтни ситуации, аудиовизуелните индустрии во Македонија, подобрување на новинарските вештини и мултимедијални способности кај младите, професионалното известување за меѓуетничките и меѓурелигиските теми, Институтот од неодамна реализира и обука за академско блогирање.

Во овој контекст треба да се спомнат и *Здружението на новинарите на Македонија* (ЗНМ), формирано во 1946 година, како промотор и заштитник на професионалните новинарски стандарди и слободата на изразување. Потоа, *Македонската асоцијација на новинари* (МАН), формирана во 2002 година, чии цели се унапредување на новинарството, одбрана на слободата на мислата и изразувањето, заштитата на новинарите и интересите на професијата, јакнењето на новинарската солидарност. Не помало значење има *Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници* (ССНМ), формиран 2010 година, фокусиран на застапување, претставување, унапредување и заштита на економските и професионалните интереси на вработените во медиумите. Од 2013 година мошне активен во Македонија е *Советот за етика во медиумите во Македонија* (СЕММ), како орган за саморегулација на медиумите, со цел заштита на слободата на медиумите и правото на јавноста да биде информирана, промоција на квалитет во медиумските содржини, создавање амбиент на самокритичност, самосвесност и отчетност на медиумите кон публиката, унапредување на етичкиот кодекс на новинарите.

**Соработка универзитетско-алтернативно образование.** Соработката помеѓу факултетите по новинарство и граѓанските организации и медиумите е слаба, почесто преку проекти, истражувања и дебати, а многу поретко преку обуки и тренинзи. „Соработката не е на некое завидно ниво, никогаш и не била, а и не гледам основа тоа во наредниот период да се унапреди ...факултетите работат конзервативно и по стари шаблони...“[141] Ако пак се работи за ангажман на новинари-практичари во наставата, што законски се дефинирани како „експерти од практиката“, тогаш иницијативата најчесто е оставена на самите професори. Односно, не постои системско решение како и кои експерти од практиката ќе бидат ангажирани, иако според новинарите-практичари „...кога ние изразуваме интерес да одржиме предавање или средба, никогаш не сме биле одбиени, меѓутоа тие средби тешко се организирале.“[142] Тука како проблем факултетите го посочуваат финансискиот момент, „...ова се мали некомерцијални студии со многу мала поддршка од државата, така што е оставено на ентузијастичка основа кој ќе биде експерт за практичната настава...“[143], и редовна практика е експертите волонтерски да соработуваат со студиите по новинарство.

141 Интервју со Билјана Петковска, директорка на Македонскиот институт за медиуми (МИМ)
142 Интервју со Насер Селмани, претседател на Здружение на новинари на Македонија (ЗНМ)
143 Интервју со Јасна Бачовска, раководител на катедрата по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје

Наспроти тоа, стручната и академската јавност на неформалното новинарско образование гледа како исклучително важно за дополнително усовршување на младите новинари, особено во ситуација кога на повеќето универзитети кои нудат студии по новинарство многу малку, ако воопшто, се спроведува практична работа и вежби. Дури, се истакнува дека „...тоа е најбитниот вид на образование, а во некои аспекти и поважен, бидејќи го држи човек во кондиција, и како концепт на доживотно учење“.[144] Но, во последно време се забележува намален интерес за неформална едукација и усовршување во фелата, поттикнато од „негативната селекција во медиумите, и ако сте добар не значи дека редакцијата тоа ќе го вреднува и ќе напредувате во кариерата,.. процесот е обратен и е политички инструментализиран“.[145]

Од друга страна, иако останува потребата студентите да обавуваат практична работа во редакциите на медиумите, како поконзистентно решение се истакнува потребата од формирање новинарски лаборатории на факултетите каде студентите би работеле со професионалци, бидејќи „...во редакциите има толкава динамика што не мора да значи дека ако седиш таму една недела навистина некој ќе ти посвети внимание... таа една недела би требало да служи да се види како функционира редакцијата, а не да се научи, на пример, како се монтира“.[146] Исто така, во невладиниот сектор во зародиш е идеја за волонтерско ангажирање на студентите и дипломираните да пишуваат, да го практикуваат тоа што го научиле на факултет и да го применат во пракса (особено во рамките на Советот за етика во медиумите во Македонија). Дури, покрената е „...иницијатива за отварање на летна школа за етика во новинарството каде ќе се вклучат професори и дипломирани студенти“.[147]

### *в) Предизвици на новинарско̄то образование*

Денес во Македонија новинарството не е посакувана професија. Младите се помалку имаат интерес за изучување на новинарството, „...следат што се случува во оваа сфера, проблемите со кои се соочуваат новинарите, ... гледаат дека има реална криза“[148]. Дури, „... драматично опаѓа заинтересираноста на кандидати за новинарство ... очигледен тренд на намалување на интересор за формално образование на новинари“.[149] Оној што сака да влезе во оваа професија и да се однесува „пристојно“ како новинар нема иднина. Бројни се и примерите на притисоци, малтретирање, уцени и закани врз новинарите. Дури професијата се помасовно се напушта иако на пазарот има голем број на медиуми, особено електронски. Денес таа е професија во која нема пари, нема статус, нема интегритет.

Притоа, формалното новинарско образование има два клучни проблеми: недостиг на стручен наставен кадар со професионално искуство кој соодветно ќе им го пренесе знаењето на студентите, како и

144 Ибид.
145 Интервју со Билјана Петковска, директорка на Македонскиот институт за медиуми (МИМ)
146 Интервју со Назим Рашиди, новинар
147 Интервју со Марина Тунева, директорка на Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ)
148 Интервју со Сефер Тахири, доцент на Универзитетот на Југоистопна Европа, Тетово
149 Интервју со Тамара Чаушидис, претседателка на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ)

отсуство на практична настава за студентите. Во однос на наставниот кадар недостасува специјализиран кадар за новинарските предмети. „Имаме многу малку доктори по комуникациски науки.“ Но, отворено е и прашањето дали по секоја цена треба да се инсистира новинарски предмети, особено оние стручните, да ги предаваат доктори на науки. „Знаеме дека европската практика, светската практика, говори дека луѓе – новинари без никакви титули предаваат на факултет, иако формално не можат да се потпишат на документите на студентите. Таков тип на флексибилно образование треба да постои и кај нас ...и може да се прилагоди на ЕКТС, преку предавањата и вежбите.“[150]

Многу посерозен проблем е што на крајот излегува како завршен новинар. „Нашето образование произведува дипломирани студенти без доволна, генерална моќ за критичко размислување. Тоа е резултат на образовен систем кој произведува луѓе кои не се навикнати критички да мислат, а потоа во овие фабрики за производство на дипломци не доаѓаме до потребното ниво да создаваме луѓе кои ќе бидат критички дел од општеството, кои ќе знаат на критички начин да го обмислуваат општеството.“[151] Токму критичкото размислување „треба да биде цел“ на формалното образование. Но, ретко кој факултет нуди вакво образование на студентите, „...немаат предмет кој на некој начин ќе ги образува новинарите да бидат со отворен ум, со широк поглед кон општеството“.[152] Новинарот, исто така, треба да поседува љупобитен дух, активистички настроен, како припадник на професијата која е чувар (watchdog) на демократијата и јавните институции во државата. Универзитетите треба да изнајдат начин како да го поттикнат негувањето на тој мисловен процес кај студентите, а „...акцентот треба да биде на занаетот и на етичките вредности поврзани со новинарството. За другите општи знаења, кои и така човек никогаш не може целосно да ги совлада, доволно е да се поседува базично ниво на знаење.“[153]

Покрај тоа, студентите мора да учат одредени вештини кои ќе им помогнат полесно да се справат со предизвиците на професијата „...треба прво да разликуваат како се пишува за одредени медиуми зошто има различни начини како се пишува за телевизија, за вести, за радио или за онлајн медиуми.“[154] „...има луѓе кои можат да ви донесат прекрасни приказни, да бидат љубопитни и трпеливи, и упорни во смисла на наоѓање на одредена приказна, а да не знаат да ја напишат.“[155] Исто така, зошто факултетите да не им пружат можност на студентите за специјализација, односно да учат како да се бават со одредена проблематика за соодветно да пренесуваат важни информации во јавноста, преку еден тип на „...секторско образование, да речеме како еден новинар би се подготвувал за судски известувач..., значи тој новинар мора, ако ништо друго, барем да учи предмети од кривичното право

150 Интервју со Зоран Димитровски, одговорен уредник на неделникот „Фокус“.
151 Интервју со Сашо Ордановски, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа, Тетово.
152 Интервју со Сефер Тахири, доцент на Универзитетот на Југоисточна Европа, Тетово.
153 Интервју со Васко Попетрески, новинар во телевизијата Алсат-М.
154 Интервју со Сефер Тахири, доцент на Универзитетот на Југоисточна Европа, Тетово
155 Интервју со Зоран Димитровски, одговорен уредник на неделникот „Фокус“.

кои се важни за таа професија“.[156] „Ако вие сакате да работите во медицина, во право, во политика, во економија значи ако некој работи во економија мора да знае што е буџет, што е хартија од вредност или судско известување ако работи во право.“[157]

Се разбира, неизоставна е и етиката и „...еден од клучните столбови врз кои почива интегритетот на еден професионален новинар... и таа мора да биде дел и од формалното и од неформалното образование“.[158] Односно, секаде е потребна етика,

**„...етика и етичко однесување во истражувањето, етика во новинарското известуаље во различни жанрови, етика во начинот на третирање на соговорниците, на изворите на информации“.**[159]

Затоа, етиката треба да биде опфатена во различни предмети во новинарското образование, а не само преку еден посебен предмет. Исто така, не може да се „произведе“ комплетен професионалец доколку „...не ги знае човековите права, правата од работен однос, професионалните стандарди“[160], како и јавното мислење, медиумските слободи. Во суштина, станува збор за „...општа наобразба која треба да те подготви на едно високо ниво на разбирање на општествените процеси од сите аспекти, политиколошки, културолошки, технолошки ... а самиот занает може да се смести во курикулум од една година како доусовршување за тој тип на професија“.[161]

## 2.5.

## Црна Гора

***а) Универзитетското образование на новинарите***

Новинарското образование во Црна Гора е едно од најмладите во регионот. До пред 15 години „не постоеше никакво, ни високо, ни било какво формално или неформално образованието на новинарите и другите медиумски професионалци“ (Vuković, 2002: 72). Едукацијата на новинарите се сметаше за прилично „запуштено“ подрачје, а младите не се поттикнува да се запишуваат на студии по новинарство на универзитетите во бившата заедничка држава – Југославија. Исто така, Црна Гора многу подоцна од другите републики на Југославија започнува со изградба на системот на високото образование, најнапред на правните и економските науки. Токму Правниот факултет на државниот Универзитет во Подгорица во 2001 година ќе покрене иницијативата за формирање студии по новинарство. Проектот „срамежливо“ е тестиран меѓу академските и политичките кругови, но нема да предизвика поголемо внимание на новинарите, медиумите и јавноста и ќе заврши без успех. Две години подоцна (2003 година), на истиот факултет ќе биде формиран одсекот за политички науки кој во 2006 година ќе прерасне во самостојна универзитетска единица со четири насоки: дипломатија и меѓународ-

156 Ибид
157 Интервју со Јасна Бачовска, раководител на катедрата по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје
158 Интервју со Билјана Петковска, директорка на Македонскиот институт за медиуми.
159 Интервју со Марина Тунева, директорка на Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ)
160 Интервју со Тамара Чаусидис, претседателка на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ)
161 Интервју со Сашо Ордановски, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа, Тетово.

ни односи, новинарство, политиколошко-административна насока и социјална работа, а подоцна и европските студии.

**Организација на високото образование.** Единствена образовна институција за новинари во земјата се студиите по новинарство на *Факултетот за политички науки*, иако од 2008 година, на приватниот Универзитет Доња Горица (формиран 2007 година) функционираат и студиите по комуникологија и медиуми. Додипломските студии траат три години, а во наставната програма доминираат предмети од општо-образовен карактер, односно од дисциплините на матичниот факултет. Најзастапени се во прва година, но се изучуваат и во втора и трета година. Предметите од сферата на новинарството се засташени во втора и трета година, но диминираат теоретските наспроти практичните. Новинарската етика се изучува во трета година. Структурата на предметите е следна:

- **општо-образовни: вовед во политички науки, социологија, филозофија, основи на право, современа политичка историја, политичка социологија, политичка антропологија, човекови права, современи политички системи, современи правни системи, меѓународни односи, психологија на политиката, психоанализа на политиката, политички маркетинг,**
- **комуниколошки: вовед во новинарство, јавно мислење, историја на новинарство, медиумите во кризни ситуации, психологија на медиумите,**
- **новинарски: теории и техники на новинарството, радио новинарство, телевизиско новинарство, печат и агенции.**

По завршување на додипломските студии, Факултетот „нуди“ едногодишни специјалистички студии по новинарство и стекнување на диплома „специјалист по новинарство“ со предмети клучни за додипломско образование, како глобализација, истражувачко новинарство, медиумско право, методологија на политичките науки, теорија на масовно комуницирање, естетика, онлајн новинарство, политичка култура, политички систем на Црна Гора. Потоа, студентите можат да продолжат на едногодишни магистерски студии по „новинарство – современи трендови“ каде се изучуваат деонтологија на новинарската професија, медиуми и интеграциски процеси, медиуми и јавноста, модели и техники на односи со јавноста, политичка антропологија, методологија на политички науки, деловно комуницирање, политика на проширување на ЕУ. Станува збор за четиростепен систем на студирање: додипломски + специјалистички + магистерски + докторски студии (3+1+1+3), присутен на целиот Универзитет (освен на медицинскиот факултет), непознат за поголемиот број држави во Европа. Тоа создава проблеми во прифаќање на дипломите и начинот на оценување (според болонскиот систем) и вклучување во интегрираниот процес на образование. Затоа Универзитетот ќе пристапи кон реформи на структурата на универзитетските единици според паневропскиот образовен систем и кон градење нов модел на студиите со

практична настава, нови интердисциплинарни студиски програми, поврзување со пазарот на труд.

Со реформите на „удар“ ќе бидат и студиите по новинарство, првично со идеја за нивно укинување, но сепак фокусот ќе се насочи на унапредување на програмата. Додипломските студии се преименувани во „медиумски студии и новинарство“, а едногодишните специјалистички и магистерски во двегодишни магистерски студии. Програмата е „осовременета“ со повеќе теоретски и практични новинарски предмети на додипломските и урамнотежена комбинација на теоретско-практични знаења на магистерските студии. Во прва година, наместо доминантно општо-образовни, зголемен е број новинарски предмети (историја на новинарство, комуникологија, вовед во новинарство, психологија на комуницирањето, печат и агенции) како и задолжителна пракса во печатените медиуми. Трендот продолжува и во втора (со предмети политичко комуницирање, радио новинарство, ТВ новинарство и пракса во електронските медиуми) и трета година (со предмети, јавно мислење, медиумска култура, политички маркетинг, менаџмент на медиумите, известување за кризни ситуации, етика во новинарството, онлајн новинарство и нови медиуми, и пракса во онлајн медиуми). Магистерските студии имаат речиси потполно нова структура со, пред се, новинарски предмети (истражувачко новинарство, јазик и стил на медиумите, теорија на масовно комуницирање, медиумско право, онлајн продукција, медиумска култура на различности, медиуми и општеството, дизајн истражувања, анализа на медиумски дискурс, медиумска политика на ЕУ) и помалку општо образовни (методологија на општествените науки, партии и партиски системи, визуелна култура, анализа на јавни политики). Во меѓувреме ќе се потпише договор за соработка со Факултетот за општествени науки во Љубљана за ангажман на нивни професори во наставата, што на дипломираните студенти ќе им овозможи „double degree“.[162]

**Квалитетот во високото образование.** Оценувајќи ја состојбата во формалното новинарско образование, стручната јавност апострофира дека не одговара на потребите на пазарот и медиумската индустрија и студентите по дипломирањето не се подготвени за работа во редакциите поради тоа што во текот на студиите учат според застарен систем и немаат доволно допир со практичниот дел од професијата. „Мора да ги едуцирате за медиумската конвергенција, односно за медиуми кои во еден производ опфаќаат елементи од повеќе медиумски платформи како телевизија, радио, печатени медиуми и интернет.“[163] Токму тоа му „недостасува“ на универзитетското образование, па завршените студенти кога доаѓаат во редакциите често:

**„...не знаат како да напишат вест, како да пребаруваат информации, а да не зборуваме за посериозни форми на комуникација како, интервјуа, разговори со соговорници итн.“**[164]

162 Интервју со Наташ Ружиќ, доцент на Факултетот по политички науки, на студиите по медиуми и новинарство, на државниот Универзитет во Подгорица.
163 Интервју со Дејан Лучиќ, хонорарен соработник во Универзитетот на Црна Гора
164 Интервју со Аида Расмусовиќ, директор на невладината организација Номен

Сериозен недостаток на студиите по новинарство е и отсуството на практична обука, но и начинот како таа се реализира. Нема новинари – професионалци кои студентите ќе ги водат низ процесот на работа во редакциите. „Тие таму се без менторски надзор и тоа е одење во празно, работат малку или работат со лоши новинари кои не можат многу да ги научат.“[165] Оттука, потребата од внимателно бирање на медиуми во кои студентите би ја обавувале практичката обука. „Мора да пазите во кои медиуми ќе ги испратите затоа што има медиуми кои се крајно непрофесионални, неетични, не сакаме првото искуство на студентите да биде стекнато во таков медиум.“[166]

Но, не помал проблем е што студентите не се учат критички да мислат, што е клуч во новинарството. „Ако не умееш критички да мислиш, ако веруваш што ти велат луѓето ‘на прва топка‘ и без здрав сомнеж во се што околу тебе се случува, не можеш да бидеш новинар“.[167] Како „виновници“ најчесто се посочуваат токму професорите кои им предаваат на студентите. Можеби токму оттука произлегува и скептичноста на дел од соговорниците за концептот на формалното новинарско образование, односно размислувањето во насока дека „некој кој е заинтересиран за новинарство може за брзо време да научи, и ако веќе е експерт или има завршено факултет од друга област, на пример економија, право или други општествени науки“.[168]

165 Интервју со Драгољуб Вуковиќ, новинар
166 Интервју со Наташа Ружиќ, доцент д-р на Универзитетот на Црна Гора.
167 Интервју со Михајло Јовичиќ, главен уредник на весникот Вијести.
168 Ибид

### *б) Неформалното новинарско образование*

Црна Гора има слаба „мрежа“ на алтернативно новинарско образование. До почетокот на 90-тите години функционираа класичните редакциски обуки на младите новинари-приправници, кои им помагаа побргу да ги совладаат основните правила на „занаетот“ и етичките норми на професијата. Првите посериозни обиди за „практична“ едукација на младите новинари почнуваат во 1993 година во Подгорица. Со поддршка на AIM (Alternative Information Network) и Фондацијата Сорос, ќе биде организирана повеќемесечна обука со предавања и практична работа со афирмирани новинари. Подоцна, во неколку наврати, AIM ќе организира и базична новинарска обука (теоретска и практична работа) најчесто со студенти на завршните студиски години на некои од факултетите во Црна Гора (Vuković, 2002: 73).

Со формирањето на *Институтот за медиуми* (IMCG) и неговото вклучување во South East European Network for Profesionalization of Medija (SEENPM), се отвараат можности црногорските новинари и медиумските професионалци да посетуваат специјалистички новинарски курсеви и во странство. Неговата дејност опфаќа истражувања, издавачка дејност, продукција, медиумски консалтинг, помош на медиуми во транзиција и законски иницијативи. Институтот посебно е фокусиран на обуката на новинари и други медиумски професионалци со ангажирање на странски експерти и афирмирани домашни професионалци. Едукацијата на новинарите се одвива преку петдневни курсеви со ак-

цент на пренесување на практични знаења и професионални вешти. За потребите на обуката Институтот располага со современа опрема – дигитализирано радио студио и телевизиско студио со современа ТВ опрема, мултифункционална ПС училница. Но, сознанијата зборуваат дека, последниве неколку години новинарските тренинзите повеќе не се во фокусот на Институтот.

Слични активности има и *Независна организација за професионализација на медиумите - Номен*, формирана во 2011 година. Нејзината основна дејност е едукација на новинари и заинтересираната јавност со цел развој на модерни медиуми кои се темелат на професионални правила и етички норми, организација на школи, курсеви, семинари и тренинзи за новинари, медиумски работници, лица од стопанскиот, културниот и јавниот живот кои комуницираат со јавноста, истражувања и примена на новите технологии во развојот на медиумите. Но, при определување на темите за тренинзи (поврзани со конкретни политички и економски прашања) најчесто пресудна е желбата на донаторите. Интересот на медимите за доусовршување е многу голем. Има интерес и за етика во новинарството, но таков проект не заживеа наспроти скорешните промени во новинарскиот кодекс. Покрај овие организации, во Црна Гора функционираат и Здружението на новинари, Здружението на спортски новинари, Синдикатот на медиумите (формиран во 2013 година), и Друштвото на професионални новинари, формирано од неодамна, со цел унапредување на професионалните стандарди, заштита на слободата на јавниот збор и унапредување на положбата на новинарите, фоторепортерите и снимателите.

**Соработката универзитетско-алтернативно образование.** Не само што е мал бројот на невладини организации кои ја покриваат медиумската сфера, туку и нивната соработка со студиите по новинарство е инцидентна и занемарлива. Иницијативата најчесто доаѓа од невладиниот сектор, а кога организираат работилници, тие се принудени да „молат“ Факултетот да испрати студенти на овие бесплатни курсеви. Сето тоа доведува новинарството во Црна Гора се повеќе да станува непосакувана професија, односно студентите често да одлучуваат да се занимаваат со односи со јавноста и маркетинг наместо со истражувачко новинарство, што е поразително за иднината на новинарството и медиумската сфера во државата.

За стручната јавност неформалното образование не може да биде замена за формалното образование. Тоа е добро за професионална надоградба, но „не можете за петнаесет дена или во текот на тримесечна школа да го научите она што ќе го научите на факултет“.[169] Затоа пак е одлична компонента во едукацијата на новинарите бидејќи преку него се „вмрежуваат со колегите што е многу значајно за зајакнување на еснафот“.[170] Исто така, неформалното образование е од голема полза и за сегашните и за идните

169 Интервју со Наташа Ружиќ, доцент на Универзитетот на Црна Гора
170 Интервју со Дејан Лучиќ, хонорарен соработник на Универзитетот на Црна Гора

новинари. Но, покрај слабиот интерес за соработка од страна на високото образование, ни медиумите немаат интерес своите новинари да ги испраќаат на различни работилници и тренинзи. Се заборават и светските трендови на „доживотно учење“ во кои невладиниот сектор може успешно да партиципира. Едукацијата на новинарите треба да се посматра како континуиран процес на усовршување и на младите новинари, но и на senior journalist на одлучувачки позиции во медиумите:

**„Секој тренинг е апсолутно добродојден, но нема да има ефекти ако се тренираат младите, а се остават постарите „закоравени“ новинари да ги водат, така што тие ќе заборават се што научиле.“**[171]

*в) Предизвици на новинарското образование*

Новинарството и денес е мошне атрактивна професија во Црна Гора и голем е бројот на млади кои се запишуваат на студиите по новинарство. Во тој контекст, според најголемиот дел од стручната јавност, клучна улога има универзитетското образование бидејќи таму се обавува континуирана едукација на идните новинари. Но, не се за занемарување и ставовите (пред се, на новинарите) дека формалното образование во професијата се форсира, а на Црна Гора не и се потребни формални студии по новинарство на толку мал медиумски пазар. „Тоа е источно-европски модел на образование што некогаш бил оправдан, но веќе не е.“[172] Освен тоа, „... некој кој е заинтересиран за новинарство може за брзо време да научи, ако веќе има завршено факултет од друга област, како економија, право или други општествени науки.“[173]

Од друга страна, иако невладините организации реализираат „спорадични“ тренинзи за новинари, сепак, најдобра е комбинацијата на универзитетското со алтернативното образование. Но, за тоа е потребно исполнување на бројни фактори. Најнапред, комплетна реформа на катедрата по новинарство (што веќе е во тек), работа на универзитетскиот кадар, поврзување со универзитетите во регионот и пошироко, како и развивање силен партнерски однос со невладиното образование. Во однос на кадарот: „Тоа мора да бидат луѓе со доктори, ... етаблирани, кои предавале на познати светски сцени и пренесувале свое знаење. Знаењето денес е најскапата работа во светот. Тоа не е капитал, туку чисто знаење и чиста информација.“[174] Моментално на студиите по новинарство работат само еден професор и еден асистент, а сите останати се хонорарни соработници - професори со соодветно образование од државата и од регионот. Што се однесува до програмата, таа по десет години практикување ги доживува првите вистински промени кои стартуваат од 2017 година, а студентите уште од прва година ќе работат практично и ќе подготвуваат прилози, што ќе го унапреди образованието на новинарите. Праксата не е воведена во програмата не е само заради светските трендови во новинарското образување, туку „... да ја покре-

171 Интервју со Аида Рамусовиќ, директор на невладината организација Номен.
172 Интервју со Драгољуб Вуковиќ, новинар
173 Интервју со Михајло Јовичиќ, главен уредник на весникот Вијести.
174 Интервју со Ѕвездан Вукановиќ, визитинг професор на студиите по новинарство во Подгорица

не креативноста ... студентите да уживаат во својата работа ... а од книгите лесно ќе ја научат теоријата. Фундаментот на професијата е како да се дојде до суштината, како да се открие што е ново. Тоа е практично и многу позначајано.“[175]

Но, при дизајнирање на програмата, посебно внимание треба да се посвети на основното знаење на пишување (правење прилози) и известување, монтажа, фотографија, како и развивање на истражувачки вештини. Во однос на преференциите, не мора да биде политиката или економијата, може да биде и забавата, но студентите треба да ги научат начините како да истражуваат. Исто така, не само на младите новинари, туку и на оние искусните им недостасува критичко размислување. „Доаѓаат на прес-конференции, ќе ги вклучат диктафоните и кога министерот ќе заврши ќе ги исклучат и си одат, и не прашуваат зошто нешто кажал, или зошто тоа така го кажал. Всушност, на сите им недостасува критички начин на размислување.“[176] Ова особено затоа што во практиката нeретко публиката медиумски е пописмена од новинарите. Посебно, како основен и неизоставен предмет се посочува етиката. Таа треба да се изучува од моментот кога ќе се влезе на факултет, па се до завршување на студиите.

„Ние на студентите им ја раскажуваме фолозофијата на етиката од Платон и Аристотел па наваму, а потоа кога тие ќе дојдат кај некој сопственик кој никогаш во животот немал ниту еден предмет од медиумска етика, утре може да им нареди да пишуваат вака или онака и ако тоа не го прават можат да ја изгубат работата.“[177]

Дури, би било многу подобро доколку се направи посебен модул, односно секој семестар да се изучува одреден дел од медиумската етика, а не само преку еден предмет. Најмалку што смее да се дозволи е етика на студентите да им предава професор со кого се поврзани бројни сомнежи за плагијат (на неговиот докторски труд и книга), што е моменталната ситуација на факултетот.

Исто така, покрај формална писменост, на идните новинари им е нужно и општо образование и изучување на предмети како што се политички системи, теорија за човекови права, јавно мислење, медиумско право, медиумски закони. Зошто? Пред се, затоа што денес не е новинар оној што ќе донесе вест. За да биде добар во работата, тој прво мора да знае што покрива, што е медиумски интересно, односно многу битна е контекстуализацијата. „Ако една работа се стави во погрешен контекст или во никаков контекст се испраќа потполно погрешна порака. За новинарите да можат добро да ги контекстуализираат работите мораат да имаат основни знаења за политичкиот и економскиот систем во општеството во кое функционираат.“[178]

Покрај тоа, на младите новинари им е потебна и специјализација. „Не можат малку да известуваат за политика, малку за економија. Треба да имаат можност да се определат

175 Интервју со Дејан Лучиќ, хонорарен соработник на студиите по новинарство во Подгорица.
176 Интервју со Марјана Цамовиќ, претседател на Синдикатот на медиумите на Црна Гора
177 Интервју со Ѕвездан Вукановиќ, визитинг професор на студиите по новинарство во Подгорица.
178 Интервју со Драгољуб Вуковиќ,

за одредена област, и нон-стоп да го продлабочуваат знаењето бидејќи се се менува со развојот на технологијата, односно потребно им е lifelong learning.“[179] Но, размислувањата се и во насока на програма по принципот learning by doing. Односно, „за новинарте да совладаат некои минимални вештини со кои можат да започнат да работат и да припаѓаат на некоја редакција, тоа можат да го сторат само доколку во текот на школувањето работат, пишуваат вести, известуваат“.[180]

## 2.6. Србија

***а) Универзитетското и алтернативното образование на новинарите***

Србија има 48 годишна традиција на организирање на студиите по новинарство. Веднаш по формирањето на Факултетот за политички науки на државниот универзитет во Белград во 1968 година, започнаа и студиите по новинарство. Наставната програма во голема мерка беше адапатација на програмата од политички науки, а курсевите по новинарски теории и вештини се изучуваа по втората година. Истиот модел беше применет и во другите федерални единици на тогашна Југославија, на факултетите за политички науки во Љубљана, Загреб и Сараево. До пред 16 години тоа беше единствено место во Србија за стекнување универзитетско новинарско образование. Од 2000-тита година со реформите во високото образование, па и во образованието на новинарите, и со воведувањето на новиот начин на студирање – Болонскиот процес, прекинува монополот на Факултетот за политички науки и бројот на студии по новинарство од година во година постојано се зголемува. Својот зенит го постигнува во 2007 година кога новинарство можеше да се студира на дванаесет државни и приватни факултети, за во 2012/2013 година да се намали на пет. (KAS, 2014:47). Денес во Србија новинарите можат да се едуцираат на шест факултети, три државни и три приватни. Државни се Фа-

179 Интервју со Наташа Ружиќ, професор на Факултетот по политички науки во Подгорица.
180 Интервју со Владан Мицуновиќ

култетот за политички науки во Белград, Филозофскиот факултет во Ниш и Филозофскиот факултет во Нови Сад, со студии по новинарство организирани по принцип четири години додипломски и една година постдипломски (4+1). Сите приватните се лоцирани во Белград: Факултетот за спорт (на Универзитетот „Унион – Никола Тесла), со посебна насока спортско новинарство, Факултетот за медиуми и комуникации (Универзитетот „Сингидунум“) со посебна насока, од втората студиска година, „broadcasting (radio, TV, video) and WEB journalism“, и Факултетот за медиуми и комуникации (на Универзитетот „Џон Незбит“), со насока новинарство.

**Организација на високото образование.** На *Факултетот по политички науки на Универзитетот во Белград*, програмата на додипломските четиригодишни студии по новинарство и денес, иако акредитирана во 2015 година, се уште го носи „белегот“ на програмската структура на матичниот факултет. Половина од предметите што се изучуваат се општо-образовни (политиколошки), 30 проценти се комуниколошки, а најмалку, 20 проценти се новинарски. На студентите им се нудат:

- **општо-образовни предмети: вовед во политичка теорија, политички систем на Србија, политички систем на ЕУ, политичка социологија, меѓународни односи, компаративна политика, политичка антропологија, политичко однесување,**
- **комуниколошки предмети: комуникологија, реторика, медиумски систем на Србија, информациско-комуникациски системи, политичко комуницирање, медиумско право и медиуски политики, меѓународно комуницирање, стилистика, јавно мислење, односи со јавноста,**
- **новинарски предмети: вовед во новинарство, телевизиско новинарство, теории и техники на новинарство, радио новинарство, новинарството во печатот и основи на истражувачко новинарство.**

На листата на изборни предмети, исто така, доминираат општо-образовните, но, уште позначајно е што, во оваа група се „поместени“ и мошне важни предмет за идните новинари, како агенциско новинарство, онлајн новинарство, истражувачко новинарство:радио, истражувачко новинарство:ТВ, истражувачко новинарство:фото, анализа на содржина. Етиката се изучува уште во прва година, но програмата не предвидува обавување на задолжителна пракса. Што се однесува до постдипломските студии, таму акцентот е на два задолжителни предмети - културна антропологија и уредување на медиумите, и подготовка и изработка на завршниот (магистерски) труд, како и на избор на три од четири изборни предмети – новинарски документарни форми во печатените медиуми, новинарски документарни форми во електронските медиуми, вовед во теоријата на медимите и новинарските жанрови, интернетот и новите медиумски технологии, од кои, барем двата последни би требало да бидат составен дел на додипломските студии.

Студиите по новинарство на *Филозофскиот факултет на Универзитетот во Ниш*, исто така, функ-

ционираат по принципот 4+1. Четиригодишните додипломски студии имаат многу поразлична програмска структура од онаа во Белград. Доминираат новинарски и комуниколошки предмети (повеќе од 75 отсто). Со нив се започнува уште од прва година, во втора и трета година акцентот е на новинарски предмети, а во четврта на комуниколошки, додека општо-образовните вообичаено се застапени со еден до два предмети годишно. Во наставата се застапени следните предмети:

- **комуниколошки: комуникологија, вовед во новинарство, теорија на јавното мислење, теорија на медиумите, методологија на медиумско истражување, истражувачко новинарство, интеркултурно комуницирање и медиумите, социологија на масовните комуникации, култура на комуницирање, современи медиумски системи,**
- **новинарски: новинарски жанрови, современи медиумски технологии, реторика, агенциско новинарство, новинарство во печатените медиуми, печат и онлајн жанрови и форми, радио новинарство, телевизиско новинарство, историја на новинарството, телевизиски жанрови и форми, новинарска стилистика, нови медиуми,**
- **општо-образовни: српски јазик и правопис, современ српски јазик, основи на социологија, информатика, политички систем, социјална психологија и современа политика,**

На овие студии, исто така, се нудат мошне „интересни“ изборни предмети, како музиката во медиумите: психологија на медиумите, уметноста во медиумите:анализа на медиумскиот дискурс, дикција: вовед во социолингвистика. Новинарската етика се изучува во втора година, а деонтологијата во четврта. Задолжителната пракса е предвидена во последните два семестри од студиите. Постдипломските студии претставуваат надоградба на претходното образование, а се изучуваат предметите естетиката на комуникацијата, современо новинарство, медиумска култура, конфликти и управување со јавноста, образование и медиуми, европски контекст на уметноста на 20. век на југословенските простори.

*Филозофскиот факултет на Универзитетот во Нови Сад* организира четиригодишни студии по новинарство (формирани во 2004 година). Програмата доминантно е насочена на изучување на новинарството, со речиси 70 отсто новинарски предмети (или повеќе од 90 отсто новинарско-комуниколошки предмети). На студиите се изучуваат следните предмети:

- **новинарски: новинарски жанрови 1 и 2, агенциско новинарство, новинаство во печатени медиуми, дикција, фотографија и медиуми, радио новинарство, известување за другиот, телевизиско новинарство, известување во кризни ситуации, вовед во нови медиуми, анализа на медиумскиот дискурс, деск, редакции и управување, интернетско новинарство, истражувачко новинарство,**
- **комуниколошки: комуникологија 1 и 2, социологија на**

**масовна култура, медиумски систем на Србија со медиумско право, вовед во новинарство, историја на новинарство,**
- **општо-образовни: информатика, државно уредување во Србија, вовед во економија.**

Исто така, на студентите на располагање им е „вистинско“ богатство на изборни предмети како што се реторика, јавен говор и настап, основи на аудио-визуелно изразување, информатичка писменост, облици на јазична комуникација, естетика, биоетика и медиумите, медиумска писменост, основи на академско пишување, дебата, веб дизајн, медиумите и музиката, медиуми за деца, спортот и медиумите, медиумите и верските заедници, документарна ТВ репортажа, археологијата и медиумите, невербална комуникација, новинарството и политиката. Новинарската етика се изучува во прва година, а големо внимание се посветува на практичната работа како задолжителна во петти, шести, седми и осми семестар од студиите.

На приватниот *Универзитет „Џон Незбит“, Факултетот за култура и медиуми* реализира четиригодишни додипломски и едногодишни постдипломски студии по новинарство. На четиригодишните студии предметите се распоредени во три групи, најбројни се комуниколошките, потоа, општо-образовните, а најмалку има новинарски. Студентите ги изучуваат следните предмети:

- **комуниколошки: комуникологија, психологија на творештво, маркетинг во културата и медиумите, медиумска аналитика, стилистика и реторика, теорија на јавното мислење, литературата и новинарството, односи со јавноста, вовед во визуелна култура,**
- **општо-образовни: основи на менаџмент, историја на култура и цивилизација, современи политички системи, деловна информатика, право и интелектуална сопственост, теорија на модерноста, интеркултурен менаџмент,**
- **новинарски: новинарство во печатот, теорија на жанровите, радио и тв новинарство, истражувачко новинарство, дигитални комуникации.**

Исто така, студентите на располагање имаат добар „список“ на изборни предмети, од кои, поголемиот број всушност би требало да бидат задолжителни, како социологија на културата и уметноста, теорија на уметноста, историја на медиумите, агенциско новинарство, креативно пишување, читање и интерпретација. На факултетот не се изучува етика, а нема податоци за задолжителна пракса на идните новинари. Што се однесува до постдипломски студии, предметите се своевиден „микс“ од разни области. Како задолжителни се изучуваат културна политика и културна акција, методологија на применети истражувања, комуникациски стратегии, медиумски систем на Србија, новинарство во конфликтни и кризни ситуации, а како изборни култура на графичко комуницирање и геополитика на медиумите, по што следи студијска истражувачка работа и дипломскиот труд.

Наспроти тоа, *Универзитетот „Сингидунум“, на Факултетот за медиуми и комуникации*, има само три-

годишни и четиригодишни студии по broadcasting (radio, TV and video) and WEB journalism. Програмата е усогласена со програмата на University of West London, и на студентите им овозможува двојна диплома. Тие учат „специјализирани" предмети за разбирање и стекнување на вештини токму во broadcasting and WEB journalism. Односно, освен неколку комуниколошки, останатите предмети се однесуваат на стекнување стандардни новинарски вештини и вештини во електронското новинарство. Програмата ги опфаќа следните предмети:

- **комуниколошки: право во медиумите, теории на медиумите и дебати, начела на новинарството, менаџмент во филмот, телевизијата и новите медиуми**
- **новинарски: пишување за радио и телевизија, вештини на медиумско претставување, вести и актуелни информации, емитување на вести, печатени медиуми и магазини,**
- **онлајн: подкастинг, дигитална, филмска, видео и ТВ слика, онлајн вести, дигитална постпродукција,**

Освен тоа, во програмата се застапени и неколку специфични предмети, од сферата на „драмските уметности" како филмска, видео и ТВ режија, глума во играните драмски формати, интерактивна драматургија. Студентите, исто така, учат и медиумска и деловна етика, а имаат и задолжителна пракса во медиумите,

*Универзитетот „Унион – Никола Тесла" и Факултетот за спорт* со насоката „спортско новинарство", е единствената ваква институција во регионот на југоисточна Европа. Студиите траат четири години и студентите „се специјализираат" за спортско новинарство. Тоа се гледа од наставната програма на која се застапени специфични општо-образовни предмети поврзани со спортот, комуниколошки и новинарски предмети, исто така „директно" поврзани со спортот. Доминираат комуниколошко - новинарските предмети со повеќе од 60 проценти во вкупната програма. Етиката и кодексот на новинарството се изучува во четврта година, а тогаш е предвидено и обавување на практична работа. Студентите ги изучуваат следните предмети:

- **општо-образовни: информатика со статистика во спортот, вовед во менаџмент, социологија на спорт, теорија на спортот, менаџмент во спорт, теорија на спортски тренинг, филозофија со биохемија на спорт, управување со човечки ресурси, маркетинг и промоција во спорт, правила во индивидуални спортови, правила во колективни спортови, историја на спортот и олимпизмот,**
- **комуниколошки: комуникологија, стилистика и реторика, право во новинарство, основи на новинарство, јавно мислење, деловно комуницирање, ПР во новинарството,**
- **новинарски: теорија и техники на новинарството, писмено и усмено изразување, новинарски форми, развивање на истражувачки вештини во новинарството, спортско новинарство во печатените медиуми, агенциско новинарство, спортски вести и известување, спортско нови-**

**нарство во онлајн магазини и интернет, спортско тв новинарство, спортско радио новинарство, мултимедија и графика, менаџмент во медиумите, уредувачка политика.**

**Квалитетот во високото образование.** Студиите по новинарство во Србија функционираат по Болонскиот принци, во наставата, помалку или повеќе, е обезбеден баланс помеѓу теоријата и практиката (бројот на теоретски и новинарско-медиумски предмети) и студентите имаат задолжителна практична работа. Сепак, далеку се од потребното ниво и има простор за подобрување во повеќе сегменти. Се забележува дека студиите не ги подготвуваат студентите за работа по дипломирањето. Според дел од стручната јавност „Факултетите не ја прават наставата според барањата на пазарот. Постои програма која ‘штанца’ еден вид студентите кои потоа ќе се насочуваат со цел да фатат некоја работа, но не постои никаква подготовка за она што ги чека после.“[181] За други пак, нормално е што студентите по дипломирањето не се подготвени веднаш да работат, „...не можат ниту после правен или економски факултет да везат во фирма и да го знаат процесот на работа... тие ги знаат само техниките“.[182] Присутен и ставот дека, „Концептот на студирање во Србија е старомоден и не ги следи медиумските потреби, се уште во центарот на студиите е професорот, а не студентот.“[183] Дури, се смета дека, порано кога имало помалку факултети по новинарство, медиуите биле подобри и попрофесионални, со повисок степен на образование на вработените во медиумите. „Ти денес имаш полуписмени или неписмени клинци кои излегуваат од разни факултети и ја полнат медиумската сцена со многу лоши содржини. Значи, имаме очајна медиумска ситуација во Србија, а голем број на факултети и кога тоа ќе се стави на кантар ќе се види дека тоа е непропорционален однос, дека бројот на факултети е несразмерен на квалитетот на медиумите.“[184]

Една од најчестите забелешки на претставниците на медиумите е недоволниот ангажман на универзитетите, пред се приватните, во обезбедувањето на квалитетна пракса за своите студенти. „Нема многу пракса, нема многу практични вештини, тренинзи и вежби, на пример, пишување на вести, правење на прилози или други практични вештини кои ќе им требаат по дипломирањето.“[185] Се посочува и на професорскиот кадар кој предава на факултетите по новинарство кој нема потребно новинарско искуство. „Во Србија на добар дел од катедрите по новинарство предаваат луѓе кои немаат никакво искуство или многу мало искуство во новинарството.“[186] Професорите кои предаваат се комуниколози, теоретичари на новинарство, социолози, но суштински не се новинари. „Може да дојде некој и да биде guest lesture, или да му организираме workshop два-три дена, но и тоа мора да го надгледува професор. Да ја немаме таа пречка ние би имале многу поквалитетни студии.“[187]

181 Интервју со Зоран Станојевиќ, програмски уредник во РТС.
182 Интервју со Милица Јевтиќ, РТС
183 Интервју со Владимир Радомирович, Пиштаљка
184 Интервју со Јована Полиќ,
185 Интервју со Дино Јахич, Центар за истражувачко новинарство
186 Интервју со Владимир Радомирович, Пиштаљка
187 Интервју со Слободан Црнобрња, редовен професор на Универзитетот Сингидунум

Дел од стручната јавност го истакнува и проблемот на „фрапантен" недостаток на учебници и книги од кои студентите учат, иако има преводи на странска литература, но недоволно. Факултетите користат различни книги и не постои единствена литературна база за новинарското образование во Србија.

**„Не постои стандард ... секој си прави нешто по свое. Не постои основен корпус на литература за да можат студентите да кажат дека сите што учат новинарство во Србија можат исто да научат. Па потоа да следи надоградба."**[188]

***б) Неформалното новинарско образование***

Во регионото на југоисточна Европа, Србија има најголем број невладини организации кои ја покриваат медиумската сфера. Без оглед дали тоа се невладини организации или професионални новинарски здрушенија, сите, со поголем или помал обем, реализираат обуки и тренинзи на новинари. Една од најактивните во оваа сфера е *Асоцијацијата на независни електронски медиуми (АНЕМ)*, формирана во 1993 година од неколку радио станици во Србија и Црна Гора, која денес брои повеќе од 100 членови, локални и регионални медиуми. Нејзините цели се унапредување на условите за развој на медиумите и слободата на изразување, како и заштита на интересите на своите членови. Асоцијацијата има организирано бројни обуки за разни актуелни прашања и теми, како: пишување медиумски содржини на различни платформи, известување за културните разлики на етничките малцинства, известување за корупцијата, известување на радио и ТВ станици во предизборни кампањи (локални, покраински, собраниски, претседателски), законот за јавно информирање во практиката, дигитализацијата и нејзините импликации врз локалните и регионални станици, работа преку користење на интернетот, разбирање на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истражувачко новинарство и други. Тука се вбројува и *Медиа центарот - Белград*, формиран во 1994 година од Независното здружение на новинари на Србија како единствена мултимедијална организација која го покрива регионот на Југоисточна Европа, со цел заштита на независните медиуми и промоција на слободата на говорот. Со своите активности, Центарот е насочен на социјалните и човековите права и слободата на медиумите. Има организиран бројни обуки за невладиниот сектор, студентите и медиумите за известување за економски теми, документарната фотографија во печатот и на интернет платформи, усовршување на работата на интернет, форматирање на текстови за веб, деловно комуницирање на интернет, прибирање, обработка и пласирање на содржини, основни принципи на економско новинарство, комуникација со онлајн медиуми.

*Новосадската новинарска школа*, формирана во 1996 година се бави со развој и професионализација на медиумската сфера во Србија и во регионот, почитување на вредностите знаењето и критичкиот пристап во повеќејазична, мултикултурна и мултинационална сре-

188 Ибид

дина и негување на избалансиран и толерантен дијалог. Нејзините активности се насочени на подигање на професионалните капацитети во медиумскиот сектор, мониторинг и анализа на медиумската содржина, едукација на разни целни групи за медиумска писменост, како и кон демократизација и развој на граѓанското општество и промоција на европските вредности. Едукацијата на новинарите, како и студентите по новинарство што Школата ја спроведува опфаќа бројни теми: унапредување на професионалните и етички стандарди во јавното информирање на лица со инвалидитет, медиумите и наставата – медиумско описменување, стручно усовршување на русинските новинари и уредници, известување за животната средина, подобрување на новинарските вештини и организацијата во редакцијата, јавниот интерес во медиумите на националните малцинства, комерцијализацијата на медиумите, унапредување на професионалните стандарди на новинарите кои се бават со борбата против корупцијата, новинарските и уредничките вештини за печатените медиуми, известување за различностите.

*Здружението на новинари на Србија* е најголема и најзначајна асоцијација на професионалните новинари во Србија, формирана во 1881 година како Српско новинарско друштво и едно од најстарите новинарски здруженија во светот кое брои повеќе од 6000 членови. Нејзините цели се унапредување на српското новинарство, одбрана на слободата на мислењето и изразувањето, заштита на интересите на новинарите и јакнење на новинарската солидарност. Едукацијата на новинарските работници ја реализира на неколку начини. Најнапред преку Новинарската школа (формирана во 1997 година) наменета превасходно за почетници кои сакаат професионално да се занимаваат со новинарството, но и за сите кои сакаат да стекнат дополнителни знаења и вештини, каде посетителите се запознаваат со правилата и одговорностите на новинарите, изворите на информации, слободата на информирање и изразување на терен, во реални ситуации. Потоа, преку Школата за веб новинарство (формирана во 2008 година), каде новинарите, студентите по новинарство, ПР и маркетинг професионалци се усовршуваат во светот на новите медиуми. Но, и преку Школата за видео новинарство, каде преку теоретска и практична обука се стекнуваат вештини за самостојна продукција на телевизиски и видео програми.

*Независното здружение на новинари на Србија* е формирано во 1994 година од новинари незадоволни од работата на Здружението на новинари на Србија. Тоа се залага за слободно новинарство и плуралистички медиуми, унапредување на професионалните и етички стандарди, заштита на правата и интересите на новинарите. Покрај работа на проекти, Здружението организира и тренинзи и обуки за новинари, медиумски тренери, студенти за различни теми, како што се: водители на политички дебати на телевизија, медиумите и децентрализацијата, известување за мигрантите, европското новинарество во дигиталната ера, истражувачко новинарство, дигитално новинар-

ство, истражувачко новинарство за локални печатени и онлајн медиуми, известување за работното право, напредни пребарувања на интернет и други. Во 2007 година, во рамките на Здружението е формиран *Центарот за истражувачко новинарство*, кој од 2012 година функционира како независно тело. Тој префасходно е посветен на истражувачкото новинарство и проектите и обуките што ги спроведува се однесуваат токму на оваа областа.

Како и во другите држави во регионот, и во Србија функционира невладината *БИРН Србија*, формирана во 2004 година. Таа се бави со мониторинг и анализа на општествените и политички процеси, а посебно со улогата на медиумите во овие процеси. Покрај реализација на бројни проекти, БИРН работи и на тренинзи и семинари за локалните и националните медими, но и за претставници на цивилниот сектор, малцинските заедници, локалната самоуправа, државната управа. Освен новинарски курсеви за јакнење на медиумските слободи, data-driven journalism, развој на новинарските вештини во известувањето за ЕУ, известување за економијата, веб новинарство, подобрување на објективното, урамнотежено и точно известување, истражувачко новинарство, има организирано и бројни специјализирани курсеви за известување за евроинтеграциите, за покривање на теми од значење за малцинските заедници, известување за јавните финансии, локалните буџети и доброто управување, информирање на граѓаните за спречување на конфликти. БИРН редовно одржува и и in-house тренинзи за своите новинари.

*Асоцијацијата на локални независни медиуми Локал Прес* е формирана во 1995 година со цел здружување на локалните медиуми за остварување на нивните интереси. Покрај бројни проекти, Асоцијацијата има реализирано и различни работилници за унапредување на професионалните и технички стандарди во професијата. Едукацијата тематски се однесува на стекнување знаења и вештини за фотоновинарството, истражувачко новинарство, медиумска писменост, како и примена на различни закони во практиката (Законот за јавно информирање и медиуми, Законот за авторски права). На локално ниво функционира и *Media and Reform Center Nis*, формиран во 2005 година, со цел поддршка на работата и зголемување на видливоста на активностите на граѓанските здруженија и јакнење на професионализмот во медиумите за известување за теми кои придонесуваат за развојот на граѓанските здруженија. Центарот, во партнерство со другите невладини организации има спроведено бројни истражувања и анализи на медиумите и медиумските содржини, како и обуки, пред се, за локалните медиуми за теми поврзани со истражувачкото новинарство, прашањата од јавен интерес, унапредувањето на професионалните и етички стандарди, мултимедијата, агенциско новинарство, фото новинарството, камера и видео монтажа и други.

Во Србија дејствуваат и Советот за печат, Синдикатот на новинари на Србија, Асоцијацијата на медиуми, Асоцијацијата на медиумски фотографи на Србија, Здружението на новинари на Војводина, Независното друштво на новинари на

Војводина, Коалицијата на медиуми ЗУМ и Коалиција на новинарски и медиумски здруженија која ги обединува Здружението на новинари на Србија, Независното здружение на новинари на Србија, Здружението на европски новинари на Србија, Здружението на спортски новинари на Србија, Асоцијацијата на независни електронски медиуми.

**Соработка универзитетско-алтернативно образование.** Академската и стручната јавност во Србија нема дилема дека професионалното и лично усовршување мора да го применуваат сите, и сегашните и идните новинари, и во таа насока, непроценлива е улогата на невладините организации. Очигледно е дека сите мораат постојано да се образуваат. „Тоа бара комбинирање на двете форми, и формалното и неформалното. Во 21. век луѓето мораат да прават update на своето знаење. Континуираното образование е сега на пазарот на побарувачка.“[189] Притоа, фактот што факултетите „...се троми институции и бавно се менуваат, што е добра особина за да ги зачуваат стандардите.... секогаш има потреба од додатна едукација која не може веднаш да се добие на студиите“.[190] Новинарот мора да биде сестран, „...да се надградува во текот на целиот свој живот, да има широко образование и широки познавања“.[191] Односно, тој „...никогаш не може да биде доволно образуван... и да заврши факултети, било новинарство, право или филозофија, потоа цел живот треба да работи на надополнување на знаењето преку различни тренинзи“.[192]

Но, интересот на медиумите и новинарите во Србија за учество на работилници и тренинзи е низок. Причините за тоа се бројни. „Една од причините е што дневната медиумска машинерија е обемна и треба да се оди на три-четири промоции, на прес конференции и слично. Некои од учесниците мораат да земаат слободен ден за да дојдат на обуки кои понекогаш траат 4-5 дена. Друга причина е што во Србија во моментов постојат премногу провладини медиуми кои немаат интересе да ги праќаат своите новинари да се обучуваат за она што се предава.“[193] Исто така, „...новинарите повеќе не сакаат да одат на доживотно образование, не ги интерсираат тренинзи, тоа за нив е губење време, уредниците сметаат дека не треба да ги праќаат своите новинари на обука дури и кога тоа се тематски тренинзи во кои новинарите се запознаваат со нови теми.“[194] „Добро ќе беше нашите студии по новинарство да се поквалитетни и да нудат пракса за своите студенти, но ни на најдобрите универзитети во светот не можат да ги научат своите студенти на се што треба да знаат.“[195]

Од друга страна, повеќето факултети имаат потпишано договори за соработка со медиумите. Така, приватниот Универзитет Сингидунум од Белград има воспоставено соработка со повеќе медиуми и ор-

189 Интервју со Станко Црнобрња, редовен професор на Универзитетот Сингидинум во Белград.
190 Интервју со Снежана Миливојевиќ, професор на Факултетот по политички науки во Белград.
191 Интервју со Јована Полич, Центар за медиуми во Белград
192 Интервју со Дубравка Валиќ Неделковиќ, професор на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Нови Сад.
193 Интервју со Дино Јахич, Центар за истражувачко новинарство, Белград
194 Интервју со Дубравка Валиќ Неделковиќ, професор на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Нови Сад.
195 Интервју со Владимир Радомирович, Пиштаљка

ганизации каде неговите студенти имаат можност да одат на пракса. „Ние како факултет имаме договори за соработка и нашите студентие можат да одат на пракса во преку 50 агенции, весници и медиуми.“[196] Или, Факултетот за политички науки кој има соработка со локалните радио станици и со Радио-телевизија Србија, односно „...студентите имаат доволно простор за да пробаат новинарската и и продукциска работа уште на студиите“,[197] иако таа е нецелосна бидејќи „...не постои систем со кој ќе се знае точно каде да се распоредуваат студентите.“[198]

### *в) Иднината на новинарското образование*

Професијата новинар се уште е популарна во Србија, дури на факултетите се пријавуваат двојно повеќе студенти отколку што тоа е дозволено според државните квоти. Но, како во регионот, така и во Србија, се уште е присутна традицијата на обесправеност на оваа професија како финансиски, така и според општествениот статус. „Професијата е општествено обесправена, економски целосно скршена. Новинарите работат за ниски плати освен некои исклучоци ... телевизиските звезди. Колегите во печатените медиуми работат за многу ниски плати што е навистина понижувачки. Дури и да се екстремно добри новинари, тие се обидуваат да најдат и друга работа и друг извор на финансии.“[199] Притоа, она што момонтално им се нуди на идните студенти на ниво на државата е добра и разновидна програма, иако, кога станува за државните факултети, според дел од академската заедница, филозофските факултети се подобро место за студиите по новинарство поради „...поддршката од различни дисциплини што овозможува побогат курикулум, отколку на политички науки каде предметите се политички... а овде имате и филозофија, социологија, психологија, многу јазици, ... значи многу експерти кои се важни за новинарите и тие, таканаречени потпорни предмети се подобри отколку кај другите факултети“.[200]

Што се однесува на теоријата наспроти праксата во наставата, најважно е да има баланс. Факултетите во Србија имаат теоретско-апликативна програма, што значи дека од студентите се бара едно солидно и теоретско и практично знаење. Значи, „...вештината е да се направи курикулум во кој имате добар баланс помеѓу теоријата и праксата ... а тоа треба да биде во сооднос 50-50“.[201] Но, за прашањето на баланс помеѓу теоријата и праксата постојано се дискутира. „Медиумскиот свет драматично се менува и ако инсистирате само на вокационен тренинг вие ги онеспособувате студентите да го запознаат тој комплициран свет кој веќе утре ќе изгледа поразлично. Би било многу тешко денес да предавата само стручни, практични дисциплини, кога веќе утре студентите излегуваат во свет што би изгледал сосем поинаку“.[202] Од друга страна,

196 Интервју со Станко Црнобрња, редовен професор на Универзитетот Сингидинум во Белград.
197 Интервју со Снежана Миливојевиќ, професор на Факултетот по политички науки во Белград.
198 Интервју со Зоран Станојевиќ, програмски уредник во РТС
199 Интервју со Јелена Јевтиќ, предавач на Факултетот за политички науки во Белград.
200 Интервју со Дубравка Валиќ-Недељковиќ, професор на Филозофскиот факултет во Нови Сад.
201 Ибид.
202 Интервју со Снежана Миливојевиќ, професор на Факултетот по политички науки во Белград

соговорниците истакнуваат и дека не би било добро програмата да биде само теоретска. Новинарската професија е пред нови предизвици и денес, како никогаш до сега, таа е пред предизвик од поголема трансформација, што се гледа и во самите студиски програми.

Она што недостасува и што професорите треба да ги научат студентите е од мноштвото појави и личности да го одберат она што на медиумот треба да биде презентирано. „Тоа е целата суштина. Да се одвои она што е редундантно од она што е релевантно. Мора да се прави редукција, но таа да не ја уништи суштината на информацијата. И да биде балансирано. Она што е најтешко е да ги научите правилно да мислат. Како нешто големо да сведат на две минути и тоа да биде доволно за квалитетен производ.“[203] Не помало значење има и изучувањето на медиумската писменост, за студентите„...да можат да разберат што велат медиумите и тоа да го интерпретираат ... да го читаат јазикот на медиумите“.[204] Сепак, на студентите им се потребни и основни знаења за медиумската индустрија, општа теорија за медиумите и новите медиуми, на кој начин старите медиуми се интегрираат во новите, како фукнционираат, кои се предизвиците на новите медиуми и каква е новинарската улога. Исто така, освен интелектуално знаење, студентите треба да имаат и техничко знаење, поврзано, пред се, со користење на новите технологии со кои ќе работата во редакциите. Ако денес еден млад новинар не може да се снајде во овој виртуелен свет, ако не ги разбира социјалните мрежи, администрирањето со сајтовите, ако не е „мултимедијален“ тој едноставно заостанува. Но, нужно е обрнување на посебно внимание на изучување на јазикот и познавање на граматиката како основна алатка во професијата, особено поради фактот што во редакциите доаѓаат луѓе со факултетски дипломи, но прилично неписмени во оваа сфера. За факултетите да ги подготват младите за сериозно новинарство, тие треба да имаат и „...познавања и за политичките системи на својата и на другите земји, а да учат и социологија“.[205] Се разбира, никогаш не е доволно изучување на етиката во новинарството и треба постојано да се надоградува.

203 Интервју со Дубравка Валиќ Недељковиќ, професор на Филозофскиот факултет во Нови Сад.
204 Интервју со Станко Црнобрња, редовен професор на Универзитетот Сингидинум во Белград.
205 Интервју со Драгана Бјелица, Здружение на новинари на Србија

III

# КЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Новинарството и новинарското образование во регионот на Југоисточна Европа последниве дваесет години поминуваат низ големи промени. Сите ја делат судбината на општествената транзиција во сопствените држави, што се рефлектира на нивната структура и профил. Во исто време, глобалните технолошки, економски и социјални промени, неминовно ја наметнуваат потребата од нивно „преосмислување“ и „осовременување“. Во тој контекст, изминатиов периодот ќе се памети не само по бројни „реформи“ во постоечкиот образовен систем, туку и по негово

„збогатување“ со нови студии по новинарство и новинарски школи. Во исто време, медиумскиот пазарот ќе биде преплавен со огром број на медиуми, поголем од „реалните“ потреби, со препознатлив тренд на нивна комерцијализација, таблоидизација и сензационализам. Но, него ќе го следи и криза на новинарскиот професионализам и одговорност, ерозија на професијата и запоставување на етичките критериуми, злоупотреба на медиумите за политички, економски и бизнис интереси, стеснет простор за остварување на кариера во медиумите. Наспроти тоа, во „перцепцијата“ на младите новинарството се уште високо котира како привлечна професија и многумина сакаат да се бават со новинарство.

## Приватно наспроти државно академско образование

Денес новинарското образование во земјите од Југоисточна Европа се изучува на 28 државни и приватни факултети и школи по новинарство. Нивниот број е различен од држава до држава, најбројни се во Босна и Херцеговина (десет) и Србија (шест), а најмалубројни во Црна Гора (само еден). Институционално, едукацијата на новинарите на сите факултети и школи функционира и е организирано според Болонскиот модел на образование, односно тригодишни додипломски и двегодишни магистерски студии (3+2) или четиригодишни додипломски и едногодишни постдипломски студии (4+1). Притоа, во изминатиот период од дваесет години, сите студии по новинарство поминале низ неколку, помалку или повеќе успешни процеси на „подобрување“ и осовременување на своите програми, а не е мал бројот на програми акредитирани во последниве неколку години.

Организациски, новинарството на државните универзитети се изучува како студиска програма во рамките на факултетите по општествени науки (правните, политиколошките, филозофските), а на приватните универзитети на посебни факулети за новинарство и комуникации, медиуми и комуникации, или медиуми и новинарство. Ваквата терминолошка „разноликост“ се среќава и на бројни други универзитети во светот, и не преставува пречка во успешна реализација на новинарското образование. Освен тоа, има и факултети со студии специјализирани за одделни сфери во новинарството, како спортско новинарство (на приватниот Факултет за спорт во Србија) или политичко новинарство, економско новинарство и социјално-културно новинарство (на државниот Факултет за историја и филологија во Тирана).

Програмски, факултети и школите по новинарство имаат различен пристап во изучување на новинарството, односно, можат да се идентификуваат три „специфични“ групи: првата, и најбројна, во која доминираат комуниколошко-новинарски предмети, втората во која рамномерно се распоредени општо-образовните, комуниколошките и новинарските предмети, и третата во која доминираат теоретско-практичните новинарски предмети. Сите овие „варијантни“ се среќаваат како на државните така и на при-

ватните факултети. Но, се издвојува уште една (мала) група од неколку факултети во кои наспроти општообразовните и комуниколошките предмети, новинарските се сведени на минимум. Конкретно, речиси на сите факултети по новинарство во Србија доминираат комуниколошко-новинарски предмети, а слична е состојбата и во Босна и Херцеговина, додека факултети или школи (најчесто тоа е една институција) на кои доминираат теоретски и практични новинарски предмети има во Македонија, Албанија и Косово. Притоа, од групата „новинарски" предмети најзастапени се основи на пишување и известување, медиумски жанрови, фото новинарство, радио новинарство, телевизиско новинарство, онлајн новинарство, агенциско новинарство и истражувачко новинарство. Истото може да се каже и за следните комуниколошки предмети: основи на комуникациите, односите со јавноста и јавното мислење, а од општообразовните предмети во оваа група спаѓаат социологијата, економијата, информатиката и социјалната психологија. Исто така, етиката е задолжителен предмет на речиси сите факултети (со еден до два исклучоци) и најчесто се изучува во трата студиска година.

Притоа, фактот што во едукацијата на новинарите учествуваат како државните, така и приватните факултети и новинарски школи, наметна дистинкција помеѓу нив во однос на тоа кој „нуди" подобро образование. На јавно-државниот сектор му се забележува отсуство на пракса и осовременување, а на приватниот отсуство на традиција и искусни предавачи, но недвојбено останува констатацијата дека во сите држави во регионот, кои се уште се во транзиција, недоволно се вложува во развојот на образованието, било на државно, било на приватно ниво. Освен тоа, наспроти сите досегашни програмско-структурни реформи во новинарското образование и настојувањето тоа да се усогласи како со потребите на медиумскиот пазар, така и со светските трендови во оваа сфера, сеуште е „далеку од потребното ниво и има простор за подобрување во повеќе сегменти". Клучен проблем е „отсуството на стратешко планирање", односно усогласување на она што се учи за новинарството со она што функционира во практиката.

Забелешките за теоретската поставеност на студиите, но не според бројот на предмети, туку според пристапот дека се може да се направи со науката, на површина го „исфрла" вистинскиот проблем на новинарското образование во регионот – недоволната практична настава, еден од клучните елементи да се биде професионален новинар. Точно е, денес речиси нема факултет или новинарска школа во регионот кој во својата програма нема предвидено задолжителна пракса за студентите, која и законски е предвидена како обврска. Но, проблемот е во обезбедувањето на квалитетна пракса со вклучување на студентите во процесот на работа на редакцијата преку посебен менторски систем, наместо стажирање во медиумите кое неретко се претвара во набљудување од страна, импровизација или лесно добиена потврда за обавена пракса. Објаснувањата за ваквата сосотојба се дека, медиумите имаат недоволно

просторни ресурси, дека се преоптоварени со работа, дека редакциите се премали за да им овозможат „ефективна“ пракса на студентите, но и отсуството на договори за меѓусебна соработка помеѓу факултетите и медиумите. Оттука, не изненадува што денес студентите неспремни влегуваат во редакциите. Притоа, прашање е дали со поседувањето сопствени „лаборатории“ за практична настава (весник, радио и ТВ студио) на факултетите и новинарските школи (иако има такви примери во практиката) е решението на проблемот ако се знае дека речиси сите факултети за новинарство во регионот се соочуваат со мошне ограничени материјални ресурси за работа.

Од друга страна, на квалитетот на новинарското образование, било на државните, било на приватните факултети, влијае како малиот број на наставен кадар со професионално новинарско искуство, така и недоволното ангажирање во наставата на надворешни гости-предавачи и професори со практично медиумско искуство (особено истакнато во Албанија, Босна и Херцеговина, Србија). Професорите кои предваат на факултетите се комуниколози, теоретичари по новинарство, социолози, но суштински не се новинари. Затоа пак, практиката нуди искусни предавачи-практичари подготвени за работа со студените, но тоа законски е лимитирано по бројот на часови и оставено на организација и надгледување на постојниот професорскиот кадар на факултети. На ова се надоврзува и проблемот, па дури и „фрапантниот“ недостаток на учебници и книги за студентите по новинарство, односно користењето на застарена литература, учењето од скрипти или книги кои професорите ги нашле на интернет, како и недоволниот број на преводи на странска стручна литература. Притоа, речиси потполно отсуствува настојувањето за постоењето на посебна литературна база за новинарското образование (истакнато особено во Србија и Албанија).

## Слабости на новинарското образование во регионот

Што недостасува во студиските програми по новинарство? Најнапред базични вештини на читање и пишување, правопис и граматика (Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија), правилно изразување важно за јавен настап (Косово), пишување за печат, радио, телевизија, онлајн медиуми (Македонија), составување на информации со релевантни податоци за конкретен настан или појава (Србија). Понатаму, истражувачко новинарство и медиумска писменост за студентите да можат да го читаат јазикот на медиумите (Босна и Херцеговина, Србија), онлајн новинарство (Косово) како и изучување на новите медиуми, нивното функционирање, користење и администрирање (Србија). Исто така, не може да се произведе комплетен професионалец доколку тој нема и теоретски знаења за јавното мислење, медиумските закони (Црна Гора), човековите права, слободата на говор, медиумските слободи (Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија), но и основни знавања за политичкиот и економскиот систем во општеството во кое функционира (Црна Гора,

Србија), како и познавања од дипломатијата, функционирањето на Европската Унија и земјите во регионот (Косово).

Посебно внимание се обрнува на поттикнувањето на критичноста на студентите како значаен сегмент на новинарската работа, која мора да биде присутна во целиот образовен процес и во рамките на сите предмети на студиите по новинарство (Босна и Херцеговина), бидејќи доколку студентот не умее критички да мисли, без здрав сомнеж во се што околу него се случува тој не може да биде добар новинар (Црна Гора). Наспроти тоа, денес образовниот процес произведува дипломитани студенти без доволна моќ за критичко размислување (Македонија, Црна Гора). Односно, на факултетите и новинарските школи не постои предмет кој ќе ги образува новинарите со отворен ум и широк поглед кон општеството, а токму задачата и целта на формалното образование е да изнајде начин да го поттикне тој мисловен процес кај студентите. Исто така, факултетите би требало на студентите да им пружат можност и за соодветна специјализација, еден вид на секторско образование, на пример, за право, политика, економија, медицина и други сфери (Македонија). Односно, тие требаат да имаат можност да се определат за одредена област и на тој начин да го продлабочуваат своето знаење (Црна Гора).

Притоа, нужноста од воведување на пракса во студиските програми не смее да биде поради светските трендови во новинарството, туку за да ја покрене креативноста кај студентите. Тие од книгите лесно ќе ја научат теоријата, а фундаментот е како да се дојде до суштината (Црна Гора). Од факултетите се бара многу посериозен однос кон исполнувањето на оваа студентска обврска и контрола преку конкретни резултати (објавени прилози), па и како услов за запишувањето на следниот семестар (Косово). Дури се предлага зголемување на обем и времетраењето на праксата (од досегашните две недели до месец дена), односно студентите после една година изучување теорија следната година да обавуваат пракса и во последната година повторно теорија, како начин подобро да ја осознаат својата професија (Албанија). Во исто време, во однос на наставниот кадар на факултетите по новинарство, државите во регионот се уште имаат недостаток на специјализиран кадар за новинарските предмети и доктори по комуникациски науки (особено Македонија и Црна Гора), како и мал број редовно вработени професори наспроти големиот број хонорарни соработници – професори, најчесто од државите од регионот.

Иако етиката како посебен предмет е застапена на речиси сите факултети и новинарски школи во регионот, таа повторно се апострофира како еден од клучните столбови врз кои почива интегритетот на новинарската професија (Македонија), како „почеток и крај“ на професијата и треба да биде врежана во свеста на студентите (Босна и Херцеговина), за да се обезбеди дека ќе ја разберат својата улога во известувањето за прашања од јавен интерес (Косово). Притоа, етиката треба да се изучува и надоградува од моментот кога ќе се влезе на факултет па се до завршува на студии-

те (Црна Гора, Србија) и не е доволен само еден предмет, туку таа треба да биде опфатена во различни предмети, како етиката и етичкото однесување во новинарските истражувања, етиката во известувањето за различни жанрови, етиката во начинот на третирање на соговорниците и изворите на информации, па дури секој семестар да се изучува одреден дел од медиумската етика.

Во целина, отворено останува прашањето за концептот на студиите по новинарство, односно дилемата за изучување на новинарството како теоретски (научни) или практични студии, која денес и во светот се уште е актуелна. Од една страна се посочува на теоријата која најмногу им е потребна на студентите, но од друга се издвојува праксата која би требало да предничи во формалното образование. Аргументите на страна на теоријата се дека на студентите им е потребно солидно пошироко знаење, а вештините „лесно“ можат да се научат, додека аргументите на страна на праксата се дека без неа студентите не можат ефикасно да се „интегрираат“ на медиумскиот пазар. Недвојбен е ставот дека дипломата е влезница за пазарот на труд, основа која потоа треба да се надоградува и „усовршува“ преку практична работа, односно едното не може без другото. Односно, потребни се вештини, но и интелектуална сигурност која доаѓа од знаењето. Во таа насока, доколку теоретското знаење се остави во „надлежност“ на факултетите, практичната работа на студентите може да се „реши“ или преку посебни центри за обука во големите медиуми или преку формализирана соработка со невладиниот сектор, но не изоставувајќи ги надворешните професори-предавачи во реализацијата на наставата. Конкретно, потребно е воспоставување на „вистински“ баланс помеѓу теоријата и практиката со солидно и теоретско и практично знаење како одговор на сите предизвици со кои денес се соочува новинарската професија.

## Потребата од, и предизвиците на неформалното образование како форма на доживотно учење

Но, наспроти сите забелешки и предизвици со кои се соочува формално новинарско образование во регионот, останува сознанието дека процесот на едукација не завршува со актот на дипломирање. Напротив, новинарите во 21. век, мораат постојано да го „надоградуваат“ своето знаење, а важна алка во тој процес игра токму невладиниот сектор кој ја покрива медимската сфера. Притоа, искуствата од држава до држава се различни, и се движат од скепса во однос на улогата на невладиниот секотор во новинарското образовани (Албанија) и резерва во неговата репутација (Косово), наспоти ставот дека невладините организации совршено го надополнуваат формалното образование (Босна и Херцеговина), до нагласување на нивната исклучителна (Македонија, Црна Гора), па дури и непроценлива улога за доусовршување на младите новинари (Србија). Сепак останува констатацијата дека формалното

и неформалното образование можат да коегзистираат и дека едното природно го надополнува другото. Се истакнува дека, колку е важно квалитетно формално образование, толку е важно и неформалното како концепт на доживотно учење, односно доедукацијата која мора да трае непрекинато. Се разбира, неформалното не може да биде замена за формалното образование, но е мошне корисно за понатамошна професионална надоградба, иако во практиката се повеќе опаѓа интересот на новинарите за сопствено доусовршување (особено во Албанија и Србија), оценувајќи го тоа како губење на време и нешто од што нема голема полза дури и кога станува збор за тематски тренинзи на кои новинарите се запознаваат со нови теми.

Од друга страна, она што е клучно за целокупниот образовен систем, а во тој контекст и на новинарското образование, е неговата улога во градењето на демократските процеси во државата, особено ако се знае дека новинарството е една од најзначајните институции на демократското општество. Во таа насока, влијанието на новинарското образование ќе биде ограничено доколку паралелно не „продуцира“ слободни, независни и плурални медиуми. Оттука прашањето не е само дали е „обезбеден“ плурализам во образовниот систем во регионот, туку како и колку тој систем ги „подготвува“ студентите да бидат активни чинители во унапредувањето на демократијата во сопствената средина. Но, државите во регионот се соочуваат со политизација на целото општество, процес од кој не се заобиколени и поштедени ни студиите по новинарство (Босна и Херцеговина, Косово), а факултетите и професорите наместо да бидат „првите ешалони“ кои студентите ќе ги подготвуваат слободно да мислат и критички да го опсервираат општеството (Србија) и проактивно да придонесуваат кон развој на процесите на демократизација, остануваат во рамките формалното извршување на своите едукативни обврски (Косово). Притоа, неспорна е согласноста на академската и стручната јавност во државите во регионот дека, токму факултетите „мораат“ да влијаат на демократските процеси и медиумските права и слободи и дека „тоа им е работа“ (Србија). Но, останува фактот дека, не успеваат да изградат „модел“ кој што ќе продуцира кадри способни да работата во демократско општество, пред се, поради релативизацијата на демократската улога на медиумите, слободата на медиумите и слободата на изразување. Во исто време, аргументот на академската заедница е дека може да „создаде“ спободоумни индивидуи, индивидуи со интегритет, критички настроени и вооружени со сите алатки за професионално извршување на новинарската работа, но тие не можат да победат во светот во кој медумите и редакциите имаат пропишано непрофесионални новинарски стандарди.

Во тој контекст, реалноста во која денес функционираат медиумите во регионот, претставува вистинска закана за „имиџот“ на новинарското образование. Имено, медиумите длабоко се поделени на позициони и опозициони, политички и економски трпат голем притисок (од власта, бизнис секто-

рот, сопствениците на медиумите), а новинарите работат со нерешен социјален статус, ниски плати, синдикално незаштитени, под притисок на главниот уредник, но и изложени и на напади и закани. Оттука, реално е прашањето како во такви услови на работа да се биде професионален, а уште повеќе ако угледот на професијата го „валкаат" луѓе анонимуси донесени во медиумите за да остварат одредена политичка мисија (Македонија). Во исто време, денес речиси не се знае што е медиум, а што новинар, односно секој може да биде и едното и другото, а тоа луѓето го доживуваат како некој вид новинарство (Босна и Херцеговина), додека професионалците се мартинализираат, а бескрупулозните се промовираат (Македонија). Како што се менува власта, така се менува и новинарскиот кадар, било на локално, било на национално ниво, а најчесто остануваат оние „послушните" (Србија). Не само што е тешко да се биде вработен во медиумите, туку уште потешко е да се има свое мислење додека редакциите спроведуваат контрола и цензура и доколку не се работи според тие правила, тогаш се останува без работа (Црна Гора). Затоа на младите новинари не им помага многу тоа што теоретски добро се потковани кога во редакциите не успеваат да го испорачаат она што го учеле на студиите (Албанија), а уште потешко да бидат носители на општествени промени (Црна Гора).

Ваквите состојби во медиумската сфера сериозно влијаат на новинарското образование и на неговиот капацитет. Во таа насока, наместо студиите по новинарство да се задоволат со „базично образование" на идните новинари, нужен е поголем ангажман на уште една мошне важна компонента – истражувачката работа. Имено, ако факултетите и професорите немаат истражувачки проекти од кои ќе црпат нови знања (за состојбите, процесите, трендовите во медиумската сфера), не можат да бидат иновативни ниту да ја „осовременуваат" наставната програма. Во исто време, со вклучување на студентите во истражувачките активности, не само што теоретското знаење (од многу предмети) конкретно ќе се „опредмети", туку и ќе се „валоризира" неговото значење, а студентите ќе ги подготви за работа во редакциите и медиумите. Но, факт е дека во државите во регионот надлежните министерства издвојуваат минорни средства токму за научно-истражувачката работа. Останува констатацијата дека, „усовршувањето" на новинарското универзитетско образование не е цел самото за себе, но како никогаш досега потребни се програми кои се темелат на знаење, вештини, етика и одговорност.

IV

# ИНДИКАТОРИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ПО НОВИНАРСТВО ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Новинарската професија се наоѓа на една од најсериозните пресвртници во својата историја. Паралелните технолошки, економски и општествени промени се причина за нејзино темелно преиспитување, особено на новинарскиот професионализам. Заедно со новите предизвици во практикувањето новинарството, нужно се случува и трансформацијата на универзитетското новинарско образование. Тоа пак, во земјите на Југоисточна Европа и Турција[206] се наоѓа во различни фази, зависно од специфичната ситуација во секоја држава.

Се чини дека заедничка карактеристика за сите држави[207] е дека студиите по новинарство се соочуваат со лоша материјална позиција, недостаток на потребна опрема, неадекватен однос помеѓу теоретските и практичките предмети (на штета на праксата), ограничен или недоволен број на стручен кадар, но и недоволна соработка со новинарите-професионалци и медиумските куќи. Ако кон ова се додаде и генерално ниското ниво на професионализам во земјите од регионот, причината за оваа состојба најлесно може да се лоцира во слабата едукација на новинарите,

206 Да се стави дека не сме анализирале во Турција. Деск анализата немаше да ја следи методолошката рамка која немаше да биде соодветна со анализата на другите држави и немаше да имаме конкретни податоци по кои би се мерело квалитетот на курикулумите. После неколку месечни напори да се ангажираат лица кои би ги интервјуирале се откажавме од собирање на податоци поради состојбата во Турција. Временски беше определно во период кога во Турција се случуваа внатрешни потреси после државниот пуч и чистката на Ердоган. Интервенцијата на Ердоган во високото образование и отпуштањето. Приведување на новинари и професори. Заради тоа Турција не е дел од ова истражување.

207 Стави ги овде сите држави.

особено недоволното изучување на новинарската етика, и отсуството на практична настава во образовниот процес. Најважното прашање во сите држави од Регионот е како да се биде професионален новинар во длабоко политички поделени општества и поделени медиуми, и, како новинарите да се држат до професионалните стандарди со нерешен социјален статус, ниски плати, синдикално незаштитени, под притисок на главниот уредник и сопствениците на медиумите, а неретко изложени на напади, закани, затвор, па дури и ликвидација.

Новинарството спаѓа меѓу најзначајните институции на демократското општество. УНЕСКО во предговорот на „Моделот на наставната програма за новинарско образование“ наведува дека „новинарството и образовните програми кои на поединците им овозможуваат да ги практикуваат и да ги надоградуваат своите новинарски вештини, се алатки од суштинско значење за поддршка на клучните демократски принципи кои се од фундаментално значење за развојот на секоја држава“ (UNESCO,2007: 5). Медиумите во регионот можат и мораат да придонесат за демократизација на општеството. Новинарите треба да и служат на јавноста и да ја поттикнуваат и зајакнуваат демократијата на сите нивоа. Дел од решението е и во образованието на новинарите и во стимулирањето на нивното критичко размуслување.

Индикаторите кои произлегоа од истражувањето за состојбата на новинарското образование (формално и неформално) во Југоисточна Европа треба да укажат на недостатоците на новинарските курикулуми на додипломските студии. Тие се специфични за овој регион и произлегуваат од анализата на состојбата на новинарското образование во државите, на слободата на изразување и медиумските слободи, на нивото на новинарскиот професионализам и од информациите од невладиниот сектор и нивните активности насочени кон поддршка на развојот на новинарството и медиумите.

Секој индикатор има серија потпрашања кои треба да ги дадат одговорите дали студиската програма по новинарство рефлектира на моменталната состојба во која се наоѓа професионалното новинарство во таа држава и дали новинарското образование може да ја поддржи демократизацијата на општеството.

Резултатите од истражувањето се групирани во шест (6) главни индикатори и тоа:

1. Индикатор за содржината на курикулумите по новинарство
2. Индикатор за општествената улога на факултетите по новинарство
3. Индикатор за начинот на финасирање и научно-истражувачката работа
4. Индикатор за праксата во текот на студирањето во медиумите и медиумските организации
5. Индикатор за литературата и наставните материјали
6. Индикатор за наставниот кадар и административните услови за одвивање на студиите

## ИНДИКАТОР ЗА СОДРЖИНАТА НА КУРИКУЛУМИТЕ ПО НОВИНАРСТВО

Индикаторот за содржината на курикулумите по новинарство е базичен и најважен во оваа низа на индикатори преку кои може да се определи квалитетот на новинарското образование во Југоисточна Европа. И во овој регион, како и во светот, се уште е валидна дилемата што е најважно за стекнување на новинарското знаење, дали е клучно универзитетското образование или новинарската практика. Додека за едни новинарството е академска дисциплина која заслужува теоретско истражување, за други тоа се професионалните вештини. Практичарите тврдат дека новинарството најлесно се учи надвор од училница, а не на универзитетите кои се несоодветни за оспособување на идните новинари за реалноста со која ќе се соочат во новинарската професија. Противаргументот е дека новинарите мора да имаат теоретски основи за извршување на работата, бидејќи токму теоријата ја поттикнува практиката.

Улогата на универзитетот не е само пренос на новинарско знаење и/или вештини на студентите, туку и формирање на нивниот идентитет. Најдобрите новинари се оние најдобро образованите, кои применуваат истражувачки вештини, академски дисциплини и високи етички стандарди во своето работење. Личните карактеристики како што се талентот и карактерот се важни, но мора да се нагласи важноста на содржинските, стручните и комуникациските компетенции на идните новинари. Тие треба да имаат широки познавања за темата за која известуваат, да бидат способни да се изразуваат и да се свесни за функцијата на новинарството во општеството и улогата што ја вршат како сервис на граѓаните.

Прашањето е дали во текот на студиите по новинарство акцентот да биде на практичните или на општообразовните и хуманистички знаења, и дали е можно истовремено да се учи за новинарските вештини или да се поттурне критичкиот дух кај студентите. Одговорите на прашањата кои се содржани во овој прв индикатор ги даваат насоките за постигнување на вистински баланс за предметите кои треба да обезбедат доволно теоретски познавања за професијата, клучни компетенции и вредности што секој новинар треба да ги има како основа за да може професионално да ја извршува својата професија и да биде носител на општествените промени.

Прашањата во овој индикатор се поделени според спецификите на предметите, односно дали тие се дел од општите предмети, од комуниколошките или од новинарските предмети во наставната програма.

### ОПШТИ

- Дали во рамки на курикулумот се изучуваат предмети од политички науки и политички системи, устав и уставно уредување?
- Дали се изучуваат предмети кои рефлектираат на демократските процеси во земјата (пр. човекови права, ЕУ интеграција, судски системи, транспарентност...)?
- Дали се изучува мајчин јазик и дали се изучува странски јазик?
- Дали општите предмети што се дел од студиската програма по новинарство се приспособени на новинарската професија?
- Дали во рамки на наставната програма се изучува истражување и методологија на истражување?

### КОМУНИКОЛОШКИ

- Дали се изучуваат предмети кои што се однесуваат на јавното мислење, комуникациските науки, интеркултурни комуникации, медиумска писменост?
- Дали се изучуваат предмети кои опфаќаат медиумско законодавство, медиумски ефекти врз општеството и слободата на изразување?
- Дали се изучува етика како посебен предмет, и на кој начин таа се изучува?
- Дали етиката е вметната во наставната програма на другите предмети, пред се новинарски и комуниколошки предмети?

### НОВИНАРСКИ

- Дали преку посебни предмети се изучува радио новинарство, телевизиско новинарство, онлајн новинарство, печатено новинарство, мултимедија?
- Дали курикулумот нуди предмети со кои се поттикнува развој на критичко мислење и аналитичко пишување?
- Дали има посебни предмети кои се фокусираат на истражувачкото и аналитичко новинарство?
- Дали, и на кој начин, се изучуваат новинарските вештини: камера, монтажа, фотографија, дизајн?
- На кој начин се одвиваат практичните часови во рамки на новинарските и комуниколошките предмети?

## Индикатор за општествената улога на факултетите по новинарство

Новинарското образование мора да се гледа и низ општествената улога на факултетите каде тоа се учи. Само со активни факултети и факултетски наставен персонал кои ги водат студентите по новинарство низ вредносниот лавиринт кон професионални и високо етички стандарди може да се негува улогата на новинарството како активен чинител во градењето на демократските процеси во една држава. Новинарството е една од најзначајните институции на демократското општество, а влијанието на новинарското образование ќе биде ограничено доколку паралелно не „продуцира“ слободни, независни и плурални медиуми. Оттука, индикаторот за општествената улога на факултетите по новинарство е исклучително важен и дава одговор на прашањето дали образовниот систем ги подготвува студентите да бидат активни чинители во унапредувањето на демократијата во сопствената држава.

Државите на Југоисточна Европа се соочуваат со политизација на целото општество, па и на студиите по новинарство, а факултетите и професорите наместо да бидат први кои студентите ќе ги подготвуваат слободно да мислат и критички да го опсервираат општеството, тие за жал, остануваат во рамките на формалното извршување на своите едукативни обврски. Академската и стручната јавност во регионот е согласна дека, токму факултетите „мораат“ да влијаат на демократските процеси и медиумските права и слободи, но, засега тие не успеваат да изградат „модел“ којшто ќе продуцира кадри способни да работат во демократско општество и да се справат со се почестата релативизација на демократската улога на медиумите, слободата на медиумите и слободата на изразување.

Прашањата од овој индикатор треба да ги дадат одговорите за позицијата на академската јавност и факултетите по новинарство во јавната сфера во своите држави.

- **Дали факултетите по новинарство се активни чинители во јавната сфера?**
- **Дали нивните претставници и академскиот кадар јавно го изложуваат своето мислење за состојбата на медиумите и слободата на изразувањето во своите држави?**
- **Дали факултетите по новинарство нудат решенија за проблемите кои постојат во сферата на медиумските слободи и права?**
- **Дали факултетите по новинарство имаат воспоставено редовна соработка со граѓанскиот сектор, посебно со новинарските и синдикалните здруженија кои работат на унапредувањето и професионализацијата на медиумските професии?**

## Индикатор за начинот на финасирање и научно-истражувачката работа

Индикаторот за начинот на финансирање на факултетите по новинарство и финансирањето на научно-истражувачката работа е важен за да се определи слободата на факултетите за наставна и истражувачка дејност и да се утврди дали студиите по новинарство се задоволуваат со „базично образование“ на идните новинари или тие се ангажирани и во нужно потребната и важна компонента, научно-истражувачката работа. Иновативноста на високото образование го црпи своето знаење и прогресивност од истражувачки проекти за состојбите, процесите, трендовите и нарушувањата во медиумската сфера. Без научно-истражувачката работа не може да се модернизира наставната програма, а со вклучување на студентите во истражувачките активности, нивното теоретското знаење ќе се конкретизира и ќе се „валоризира“ неговото значење.

Прашањата во овој индикатор треба да ја потврдат констатацијата дека, „усовршувањето“ на новинарското универзитетско образование не е цел самото за себе, туку дека се потребни холистички наставни програми кои се темелат на знаење, истражување, етичност, вештини, етика и одговорност.

- **На кој начин се финансира факултетот по новинарство? Дали факултетот е самоодржлив и како се оценува тоа?**
- **Дали се спроведуваат научно-истражувачки проекти и колку често? На кој начин тие се финансираат?**
- **Дали студентите учествуваат во реализацијата на научно-истражувачките проекти?**
- **Дали резултатите од научно-истражувачката работа се внесуваат во курикулумот и на кој начин?**
- **Дали резултатите од научно-истражувачката работа се достапни за преземање од страна на студентите?**
- **Дали факултетот учествува во регионални или меѓународни научно-истражувачки проекти?**

## Индикатор за праксата во текот на студирањето во медиумите и медиумските организации

Забелешките за теоретската поставеност на студиите и тоа не само според бројот на предмети, туку според пристапот, на површина го „исфрла“ и проблемот за недоволната практична настава на студиите по новинарство во регионот – еден од клучните елементи да се биде професионален новинар. Речиси и да нема факултет или новинарска школа во регионот кој во својата програма нема предвидено задолжителна пракса за студентите, која е и законска обврска. Проблемот се јавува во обезбедувањето на квалитетна пракса и вклучување на студентите во процесот на работа во редакцијата преку посебен менторски систем. Стажирање во медиумите неретко се претвора во набљудување од страна, импровизација или лесно добиена потврда за извршена пракса. Објаснувањата за ваквата состојба се дека медиумите имаат недоволно просторни и човечки ресурси, дека се преоптоварени со работа, дека редакциите се премали за да им овозможат „ефективна“ пракса на студентите, но и отсуството на договори за меѓусебна соработка помеѓу факултетите и медиумите.

Прашањата кои се дел од индикаторот за пракса во медиумите и медиумските организации се насочени кон утврдување на ангажманот на факултетот по новинарство за решавање на овој проблем, кој честопати се смета за маргинален, иако според најголем дел од професионалните новинари и уредници тој е еден од најважните фактори за квалитетно новинарско образование.

- **Дали праксата е задолжителна во текот на студирањето и колкав временски период на пракса мора да биде остварен од студентите во текот на една академска година?**
- **Како е регулирана праксата за студентите и кој има обврска да ја обезбеди праксата?**
- **Дали факултетите имаат склучено договори за соработка со медиуми и медиумски организации?**
- **Дали на факултетот постои центар за кариера или за помош на студентите за обезбедување на пракса и како тие функционираат?**
- **На кој начин се оценува квалитетот на извршената пракса?**
- **Дали студентот добива кредити (ЕКТС) или делумна/целосна оценка за извршената пракса?**

## Индикатор за литературата и наставните материјали

Факултетите по новинарство во регионот имаат сериозен недостаток на учебници и книги за студентите и тоа од задолжителната литература, односно за предметите кои треба да се основа на новинарскиот курикулум. Многу често се користи застарена литература, се учи од скрипти или од книги кои професорите ги нашле на интернет. Кон ова се надоврзува и недоволниот број на преводи на странска стручна литература, а неретко потполно отсуствува постоење на посебна база на литература за новинарско образование.

Индикаторот за литература и наставни материјали се занимава со прашања кои се фокусираат на начинот на кој се обезбедува литература за студентите и на квалитетот на наставниот материјал во текот на студирањето.

- **Дали факултетот по новинарство има сопствени изданија/учебници?**
- **Дали постојат учебници за секој предмет? Дали професорите имаат сопствени авторизирани предавања или учебници?**
- **Дали има дополнителна литература која е достапна за студентите?**
- **Дали има преведени книги кои што се основа на новинарскиот курикулум?**
- **Колку често факултетот издава учебници и др. новинарска литература?**

## Индикатор за наставниот кадар и административните услови за одвивање на студиите

На квалитетот на новинарското образование влијае и бројот на наставниот кадар, како на академскиот, така и на оној со професионално новинарско искуство, но и бројот на ангажираните надворешни гости-предавачи и професори практичари. Законскиот лимит на бројот на часови во чии рамки се ангажирани професионалци од праксата претставува проблем за факултетите за обезбедување квалитетна настава, посебно во делот на практичната настава.

Немањето квалитетни услови за студирање и одржување на наставата исто така е фактор кој говори за нивото на новинарското образование на секој факултет. Ако кон ова се додаде и бројот на студенти кои истовремено посетуваат еден предмет, може да се добие поцелосна слика за начинот и квалитетот на студирањето.

Прашање е и дали со поседувањето сопствени „лаборатории“ за практична настава на факултетите се решава проблемот ако се знае дека речиси сите факултети за новинарство во регионот се соочуваат со мошне ограничени материјални ресурси за работа.

Индикаторот за наставниот кадар и условите за одвивање на студиите се занимава со прашања кои треба да дадат одговор на тоа какви професори предаваат на студиите по новинарство, нивните академски квалификации и професионално искуство. Исто така, овој индикатор се занимава и со просторните услови во кои студентите учат новинарство, информации кои треба да одговорат на прашањето за пристапот кон студирањето – дали е тоа теоретско или е практично.

- **Дали факултетот има ангажирано редовно вработени професори? Колку од нив предаваат новинарски предмети?**
- **Колку професори се ангажирани како визитинг професори од правниот факултет или факултетот по политички науки, односно од другите општествени науки?**
- **Колку од ангажираните наставници имаат практично работно искуство во новинарската професија?**
- **Колку стручњаци од практиката се ангажирани во наставата по новинарство?**
- **Дали факултетите по новинарство имаат сопствени простории во кои ја спроведуваат наставата?**
- **Дали факултетите имаат лаборатории (ТВ/Радио/Мултимедија) за спроведување на практична настава?**
- **Колкави се групите во кои се спроведува наставата, посебно на новинарските предмети?**

# БИБЛИОГРАФИЈА


- Adam, G. Stuart, (2001): The education of journalists. Journalism 2 (3): 315–39. Avaible at:http://citeseerx.ist.psu.edu/viewdoc/download?doi=10.1.1.137.2641&rep=rep1&type=pdf
- Balko, Uukru, Gulnar, Biol (2012) Journalism Education in Turkey: A Survey About Students' Expectations , International Journal of Multidisciplinary Thought, Avaible at: https://www.researchgate.net/publication/279529018_JOURNALISM_EDUCATION_IN_TURKEY_A_SURVEY_ABOUT_STUDENTS'_EXPECTATIONS
- Barović, Vladimir, Teorijska i praktična obuka novinara, во Zbornik – Verodostojnost medija i dometi mediske tranzicije (ur. Rade Veljanovski), Fakultet političkih nauka Beogradskog univerziteta, Cigoja štampa, 2011 (345-354), достапно на: http://www.rrpp-westernbalkans.net/en/research/Completed-Projects/2012/Profession-at-the-Crossroads--Journalism-at-the-Threshold-of-Information-Society/mainColumnParagraphs/0/text_files/file2/Verodostojnost%20Medija.pdf
- Bešker, Inoslav (2010) Novinarska habilitacija u Italiji, Medijska kultura 1 (1): 119-129, достапно на: https://bib.irb.hr/datoteka/565937.MK2_Obradovic_Model_samoregulacije_42-59.pdf
- Brautović, Mato, E-učenje I cjelozivotno obrazovanje novinara u Hrvatskoj: stanje i perspektiva, во Zbornik – Verodostojnost medija i dometi mediske tranzicije (ur. Rade Veljanovski), Fakultet političkih nauka Beogradskog univerziteta, Cigoja štampa, 2011 (331-344), достапно на: http://www.rrpp-westernbalkans.net/en/research/Completed-Projects/2012/Profession-at-the-Crossroads--Journalism-at-the-Threshold-of-Information-Society/mainColumnParagraphs/0/text_files/file2/Verodostojnost%20Medija.pdf
- Burdije, P. (2000). Narcisovo ogledalo, Clio: Beograd
- De Burgh, Hugo (2003), Skills are not enough: The case for journalism as an acade¬mic discipline. Journalism 4 (1): 95–112, Avaible at: http://citeseerx.ist.psu.edu/viewdoc/download?doi=10.1.1.194.3331&rep=rep1&type=pdf
- Dahlgren, P.(2010). Charting the Evolution of Journalism: The Horizont of Democracy, Medijske studije. Sveučilište u Zagrebu, Fakultet političkih znanosti i Hrvatsko komunikacijsko društvo, Zagreb, Vol 1, no 1-2: 3-16, достапно на: https://www.fpzg.unizg.hr/_download/repository/ms_vol1_br12.pdf
- Deuze, Mark (2006), Global Journalism Education – A conceptual approach, Jornalism Studies, vol. 7, No. 1 (19-34), 2006, Avaible at: http://www.docsford.com/document/462958
- Deuze, Mark (2001): Educating "new" journalists: Challenges to the curriculum. Journalism & Mass Communication Educator, Spring 2001: 4–17. Avaible at: https://www.researchgate.net/publication/234623399_Educating_New_Journalists_Challenges_to_the_Curriculum
- Drok, Niko (2012) Toward New Goals in European Journalism Education, Journal of Applied Journalism and Media Studies,Vol. 1, No. 1, pp. 55-68, Avaible at: http://docserver.ingentaconnect.com/deliver/connect/intellect/20010818/v1n1/s4.pdf?expires=1491987493&id=90424538&titleid=72010103&accname=Guest+User&checksum=B99206EA49E29614D4489249B35F283D

- Freedom of Journalism in the Western Balkans (2014), Policy Department, European Parliament, Avaible at: http://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/STUD/2014/534982/EXPO_STU(2014)534982_EN.pdf

- Guyot, Jacques, Aubert, Aurélie, Zagyi, Veronika (2014) Recommendations on Journalism Education - A comparative report based on the French, Spanish, Danish, Romanian and Swedish case, Journalism Higher Education in Europe, Integrated Journalism in Europe, Avaible at: http://integratedjournalism.upf.edu/wp-content/uploads/2015/06/NR_RECOMMENDATIONS.pdf

- Hallin, D.C. & Mancini, P. (2004). Comparing Media Systems: Three Model of Media and Politics. Cambrige: Cambrige University Press

- Hovden, Jan Fredrik, Nygren Gunnar & Zillacius-Tikkanen, Henrika (2016 ) The Nordic Model of Journalism Education, во Becoming a Journalist, Journalism Education in the Nordic Countries (ed. Hovden, Jan Fredrik, Nygren Gunnar & Zillacius-Tikkanen, Henrika), Goteborg, Nordicom University of Gothemburg, Avaible at: http://www.nordicom.gu.se/sites/default/files/publikationer-hela-pdf/becoming_a_journalist.pdf

- Ispahiu, Faik (2002) Poteškoće u obrazovanju novinara na Kosovu, во Obrazovanje novinara u jugoistočnoj Evropi: Korak bliže profesionalizmu (ur. Tarik Jusić i Melisa Dedović), Media Online Selections, br. 2, str. 78-86, Sarajevo, достапно на: http://www.mediaonline.ba/ba/arhiva/arhiva_izvjestaja/izvjestaji/edukacija.pdf

- Jakubowicz, K. (2009). A new notion of media?.1st Council of Europe Conferencee of Ministers responsible dor Media and New Communication Services, 28-29 May, Reykjavik, Iceland, Avaible at: http://providus.lv/article_files/2119/original/Jakubowicz_-_New_Notion_Media.pdf?1343212306

- Journalism education - improvement of the quality of education and new technologies, 6th South Caucasus Media Conference Tbilisi, Georgia, 19-20 November 2009, Organization for Security and Cooperation in Europe, Avaible at: http://www.osce.org/fom/73691?download=true

- Journalism Education in Mainstream Media, Education trends and training needs (2009), European Union, Albanian Media Institute, Avaible at: http://www.institutemedia.org/Documents/PDF/Education%20and%20training%20of%20journalists.pdf

- KAS - Konrad Adenauer Stiftung (2014) Journalistic Education in South East Europe, Sofija, Media Program South East Europe, Avaible at: http://www.kas.de/wf/doc/kas_39583-1522-2-30.pdf?141118150329

- KAS – Konrad Adenauer Stiftung (2016), Requirements for Modern Journalism Educaation the Perspective of Students in South East European (ed. Viktorija Car, Miroljub Radojkovic and Manuela Zlateva), Avaible at: http://www.kas.de/wf/doc/kas_47083-1522-2-30.pdf?170130122152

- Londo, Ilda, Media Ownership, Independence and Pluralism(2007), Albanian Media Institute, Avaible at: http://www2.mirovni-institut.si/media_ownership/pdf/albania.pdf

- Londo, Ilda (2013) Limitet Assistance for Limited Impact:International Media Assistance in Albania, Saraevo/Tirana, Albanian Media Institute, Analitika – Center for Socil Resarch, Avaible at: http://mediaobservatory.net/sites/default/files/Albania_Ilda_Londo.pdf

- Milliken, Clare (2016) Why Journalism Education Has Much More Progress to Make, Avaible at: http://mediashift.org/2016/10/journalism-education-much-progress-make/

- Mensing, Donica (2010) Rethinking (again) the future of journalism education, Journalism Studies, Vol. 11, 2010, p. 511-523, Avaible at: http://www.tandfonline.com/doi/abs/10.1080/14616701003638376

- Милетић, Мирко (2005), Образовање новинара у Србији, Култура полиса, бр. 2-3,

стр. 367-389, Нови Сад. Достапно на: http://kpolisa.com/KP2-3/KP2-3-IV-3-Miletic.pdf

- Mogoș Andreea, Meza, Radu (2014), New trends in Journalism curriculum development. Romania within the international context, Avaible at: http://mezaradu.ro/pubs/New-Trends-in-Journalism-Curriculum-Development-preprint.pdf
- Mould, David (2009), Challenges and new directions for global journalism education, во Journalism education – improvement of the quality of education and new technologies (ed. by Ana Karlsreiter and Adila Damnova), OSCE, Vienna. Avaible at: http://www.osce.org/fom/73691?download=true
- Obrazovanje novinara u jugoistočnoj Evropi: Korak bliže profesionalizmu (ur. Tarik Jusić i Melisa Dedović), Media Online Selections, br. 2, str. 78-86, Sarajevo, достапно на: http://www.mediaonline.ba/ba/arhiva/arhiva_izvjestaja/izvjestaji/edukacija.pdf
- Örnebring, H. (2009). Comparative European Journalism: The State of Current Research. Oxford: Reuters Institute for the Study of Journalism. Avaible at: https://reutersinstitute.politics.ox.ac.uk/sites/default/files/Comparative%20European%20Journalism_0.pdf
- OSCE – Organization for Security and Co-operation in Europe (2014), Freedom of Media and Safety of Journalists in Kosovo, Avaible at: https://www.osce.org/kosovo/122390?download=true
- Perišin, Tena, Mlačič, Petra (2014) Studij novinarstva: Digitalni kurikulum za digitalno novinarstvo, Medijska istraživanja: znanstveno-stručni časopis za novinarstvo i medije, Vol.20, No.1, достапно на: http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=186766
- Picard G. Robert (2015) Deficient Tutelage: Challenges of Contemporary Journalism Education, во Toward 2020: New Directions in Journalism Education (ed. by Gene Allen, Stephanie Craft, Christopher Waddell & Mary Lynn Young), Toronto: Ryerson Journalism Research Centre, Avaible at: http://finder.fcad.ryerson.ca/finderadmin/RSJ/Publications/Toward2020/Toward2020NewDirectionsinJournalismEducationFullNov20.pdf
- Plavšak, Kristina (2002), Kako do izobraženih in izurjenih novinarjev?, Medijska preža, št. 15, str. 48-49, Ljubljana. Достапно на: http://mediawatch.mirovni-institut.si/bilten/seznam/15/izobrazevanje/
- Poler Kovačič, Melita, Erjavec, Karmen, Milosavljević, Marko, Vobič, Igor (2013) Univerzitetno izobraževanje ali novinarska praksa? Stališča urednikov slovenskih mnočičnih medijev, Teorija in praksa, 50, 2, Fakulteta za družbene vede, Univerza v Ljubljani. Достапно на: https://www.google.com/webhp?sourceid=chrome-instant&ion=1&espv=2&ie=UTF-8#q=teorija+i+praksa+univerzitetno+izobrazevanje+pdf
- Prajs, Stjuart (2011). Izučavanje medija. Beograd: Klio
- Profesija na rskršču – novinarstvo na pragu informacionog društva, (ur. Snjezana Milivojević), Centar za medije i medijska istrazivanja, Fakultet političkih nauka, Beograd, 2011, достапно на: http://www.rrpp-westernbalkans.net/en/research/Completed-Projects/2012/Profession-at-the-Crossroads---Journalism-at-the-Threshold-of-Information-Society/mainColumnParagraphs/0/text_files/file5/Profesija-na-Raskr%C5%A1%C4%87u.pdf
- Profesionalno novinarstvo & samoregulacija, Novi mediji I stare dvojbe u Jugoistocnoj Europi i Turskoj (2011), UNESCO, Zagreb, Izvori, достапно на: http://unesdoc.unesco.org/images/0019/001908/190810HRV.pdf
- Radojković, Miroljub, Obrazovanje novinari ili medijska pismenost?, во Zbornik – Verodostojnost medija I dometi mediske tranzicije (ur. Rade Veljanovski), Fakultet političkih nauka Beogradskog univerziteta, Cigoja štampa, 2012 (299-308), достапно на: http://www.rrpp-westernbalkans.net/en/research/

# БИБЛИОГРАФИЈА




Completed-Projects/2012/Profession-at-the-Crossroads---Journalism-at-the-Threshold-of-Information-Society/mainColumnParagraphs/0/text_files/file2/Verodostojnost%20 Medija.pdf

- Requirement for Modern Journalism Education – The perspective of students in South east Europe, (ed. by Miroljub Radojković and Manuela Zlateva), Media Program South East Europe (2016),Berlin and Sofia, Konrad-Adenauer Stiftung. Avable at: http://www.kas.de/wf/doc/kas_47083-1522-2-30.pdf?161118121857
- State of the News Media 2010. Annual report on American journalism by Pew Project for Excellence in Journalism. Avaible at: http://www.stateofthemedia.org/2010/index.php
- State of Journalism Education 2013, Poyter Institute for Media Studies, Avaible at: http://www.newsu.org/course_files/StateOfJournalismEducation2013.pdf
- Stojković, Branimir, Profesionalni capital i obrazovanje novinara, во Zbornik – Verodostojnost medija i dometi mediske tranzicije (ur. Rade Veljanovski), Fakultet političkih nauka Beogradskog univerziteta, Cigoja štampa, 2011 (321-330), достапно на: http://www.rrpp-westernbalkans.net/en/research/Completed-Projects/2012/Profession-at-the-Crossroads---Journalism-at-the-Threshold-of-Information-Society/mainColumnParagraphs/0/text_files/file2/Verodostojnost%20Medija.pdf
- The handbook of Journalism Studies, 2009 (ed. by Karin Vahl-Jorgensen, Thomas Hanitzsch), New York and London, Routledge, Avaible at: http://www.rasaneh.org/Images/News/AtachFile/30-9-1390/FILE634600594129473750.pdf
- Toward 2020, New Direction in Journalism Education (ed. by Gene Allen, Stephanie Craft, Christopher Waddell, Mary Lynn Young), Ryerson Journalism Researh Centre (2015)Toronto. Avaible at: http://finder.fcad.ryerson.ca/finderadmin/RSJ/Publications/Toward2020/Toward2020NewDirectionsinJournalismEducationFullNov20.pdf
- Turčilo, Lejla, Ne/educiranost novinara i ne/vjerodostojnost medija u postratnoj i post-tranzicijskoj Bosni i Hercegovini, во Zbornik – Verodostojnost medija i dometi mediske tranzicije (ur. Rade Veljanovski), Fakultet političkih nauka Beogradskog univerziteta, Cigoja štampa, 2011 (309-320), достапно на: http://www.rrpp-westernbalkans.net/en/research/Completed-Projects/2012/Profession-at-the-Crossroads---Journalism-at-the-Threshold-of-Information-Society/mainColumnParagraphs/0/text_files/file2/Verodostojnost%20Medija.pdf
- UNESCO Series on Journalism Education, Model Curricula for Journalism Education, UNESCO 2007, Avaible at: http://unesdoc.unesco.org/images/0015/001512/151209E.pdf
- UNESCO Series on Journalism Education, Model Curricula for Journalism Education, A Compendium of New Syllabi, UNESCO 2013. Avaible at: http://unesdoc.unesco.org/images/0022/002211/221199E.pdf
- Veljanovski, Rade, Obrazovanje novinara izmedju tehnoloskog determinizma i sistema vrednosti, во Zbornik Digitalne medijske tehnologije i društveno-obrazovne promene III (ur. Dubravka Valic Nedeljkovic, Dejan Pralica), edicija Medijska istrazivanja, 2013 (351-360), Novi Sad, Filozofski fakultet, достапно на: http://odsek.medijskestudije.org/wp-content/uploads/2014/02/Dig_med_tehno-kraj-PRINT.pdf
- Vuković, Dragoljub - Duško (2002) Edukacija novinara u Crnoj Gori:temelj koji tek treba ozidati, , во Obrazovanje novinara u jugoistočnoj Evropi: Korak bliže profesionalizmu (ur. Tarik Jusić i Melisa Dedović), Media Online Selections, br. 2, str. 70-78, Sarajevo, достапно на: http://www.mediaonline.ba/ba/arhiva/arhiva_izvjestaja/izvjestaji/edukacija.pdf
- Zelizer, Barbie (2006) Journalism and the Academy, in Karin Wahl-Jorgensen Thomas Hanitzsch, The Handbook of Journalism Studies, New York and London: Routledge, Avaible at: http://www.rasaneh.org/Images/News/AtachFile/30-9-1390/FILE634600594129473750.pdf

- ZAHTJEV ZA POČETNU AKREDITACIJU STUDIJSKIH PROGRAMA FAKULTET POLITIČKIH NAUKA, 2016, http://senat.ucg.ac.me/data/1469023208-FPN%20-%20akreditacija.pdf
- Qavdarbasha, Shkamb (2012), The state of Media in Kosovo, Prishtina, INDEP - Institute for Development Policy, Available at: http://www.qendrore.com/indepi/wp-content/uploads/publications_en/INDEP%20-%20The%20State%20of%20Media%20in%20Kosovo.%20%5BShkamb%20Qavdarbasha,2012%2001,Democratic%20Governance%5D.pdf


## Организации и асоцијации

- Article 19, https://www.article19.org/index.php?lang=en
- Center for International Media Assistance (CIMA), http://www.cima.ned.org/
- Center for Media, Data and Society (CMDS), https://cmds.ceu.edu/
- European Audiovisual Observatory, http://www.obs.coe.int/web/obs-portal/home
- European Centre for Press and Media Freedom (ECPMF), https://ecpmf.eu/
- European Journalism Centre, http://ejc.net/
- Freedom Forum, http://www.newseuminstitute.org/freedom-forum/
- Freedom House, https://freedomhouse.org/
- Global Forum for Media Development (GFMD), http://gfmd.info/
- International Media Support (IMS), www.mediasupport.org
- Journalismfund.eu, http://journalismfund.eu/
- Media Diversity Institute, London, http://www.media-diversity.org/en/index.php
- Open Society Foundations, https://www.opensocietyfoundations.org/
- Osservatorio Balcani e Caucaso (OBC), http://www.balcanicaucaso.org/eng
- Reporters without borders, https://rsf.org/en
- South East European Network for Professionalization of Media (SEENPM), http://seenpm.org/
- The International Federation of Journalists (IFJ), http://www.ifj.org
- The European Federation of Journalists (EFJ), http://europeanjournalists.org/
- The European Journalism Training Association (EJTA), http://www.ejta.eu/

# ЗА АВТОРИТЕ

**ВЕСНА ШОПАР** е доктор по политички науки и професор на Институтот за комуникациски студии – Скопје, со долгогодишно научно-истражувачко и едукативно искуство. Таа своите додипломски студии ги завршила на Факултетот за социологија, политички науки и новинарство во Љубљана, Република Словенија, а магистрирала на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје. Докторирала на Правниот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Автор е на повеќе од 50 научни публикации, книги, учебници, монографии и научни и стручни трудови во домашни и меѓународни списанија. Учествувала на голем број на научни собири, конференции и семинари, како и на повеќе од 30 научно-истражувачки проекти во земјата и во странство. Нејзино поле на интерес се информациско-комуникациските теории, масовните медиуми и комуникациите, политичкото комуницирање, јавното мислење, медиумската регулатива, интеркултурното комуницирање, етиката во новинарството.

**ЖАНЕТА ТРАЈКОСКА** има дипломирано новинарство на Интердисциплинарните студии на новинарство на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, а магистерските студии по меѓународен менаџмент за културни политики ги завршува во 2004 година на Универзитетот „Лумса“ во Рим, Италија. Во 2014 година ја одбрани својата докторска теза на одделот за политички студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на темата „Карактеристиките и значењето на ’спинингот‘ во креирањето на медиумската реалност и неговото појавување во Македонија“. Таа има повеќегодишно искуство со работа во граѓанскиот сектор. Од 1998 година започнува да работи како лице задолжено за односи со јавноста и консултант за стратегиски комуникации за повеќе меѓународни проекти. Во периодот од 2001 до 2008 година е извршен директор на Македонскиот институт за медиуми. Има учествувано во повеќе истражувачки проекти од областа на истражувањата на медиумите и на новинарството. Области на интерес: медиуми и културна разновидност, културни политики, стратегиски комуникации, политичка комуникација.

**БОЈАН ГЕОРГИЕВСКИ** ги има завршено своите додипломски студии на правниот факултет „Јустинијан Први“ при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје. Во 2012 година, тој се стекна со титулата „Магистер по правни науки“ на истиот Факултет, на катедрата по Меѓународно право и меѓународни односи. Магистерската теза тој ја изработи на тема „Правото на приватност, интернетот и социјалните мрежи“. Тој исто така е поранешен стипендист на германската фондација „Конрад Аденауер“. Почнувајќи од 2011 година, тој е дел од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста како истражувач и има искуство со работа на повеќе истражувачки и апликативни проекти.

**МОНИКА АКСЕНТИЕВСКА** ги заврши своите додипломски студии на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во Скопје. Почнувајќи од 2016 година, таа е дел од тимот на истражувачи на Високата школа. Во 2016 година таа ги започнува своите магистерски студии на Институтот за комуникациски студии во Скопје, на насоката по Менаџирање на стратегиски комуникации

# ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот „Градење доверба во медиумите во ЈИЕ и во Турција" има за цел да ја зајакне слободата на изразување, слободниот пристап до информации, и да овозможи услови за слободни, независни и плуралистички медиуми, осигурувајќи се дека новинарите и медиумските организации во Југоисточна Европа и Турција се клучните носители на демократски, одржлив и мирен развој во регионот. Целта е да се врати довербата во медиумите во Југоисточна Европа и Турција.

Проектот се фокусира на подобрување на медиумските механизми за отчетност, внатрешното организирање и функционирање на медиумите, и медиумската и информациска писменост кај граѓаните за да се зајакне поддршката на граѓанското општество за медиумите но и побарувачката за квалитетни медиуми. Овој проект се базира на претходната соработка помеѓу ЕУ и УНЕСКО. Оттаму, проектот ги користи искуствата и научените лекции од проектот "Усогласување со меѓународните стандарди во медиумскиот сектор во земјите од Југоисточна Европа" имплементиран од УНЕСКО од 2009 до 2011 година, како и од проектот "Отчетноста на медиумите во Југоисточна Европа ", имплементиран од 2013 до 2015 година.

И двата проекти го поддржаа создавањето и зајакнувањето на доброволни механизми за саморегулација во медиумите, како што се на пример советите за етика во Југоисточна Европа и Турција. Тие исто така овозможија форум за дискусија околу приспособувањето на професионалните стандарди на дигиталната ера и вклучување на онлајн медиумите во процесот на саморегулација.

European Commission

Communication and Information Sector
United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Проектот е финансиран од Европската Унија, со поддршка на УНЕСКО

# ПОТРАГА ПО НОВИ РЕШЕНИЈА: КРЕИРАЊЕ НА ИДЕАЛЕН КУРИКУЛУМ ПО НОВИНАРСТВО ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

European Commission

UNESCO
United Nations
Educational, Scientific and
Cultural Organization

Communication and
Information Sector

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО
И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА